Агенција за вработување на
Република Македонија

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2009 година

# ВОВЕД

## ОРГАНИЗАЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

### *Организација*

Агенцијата за вработување на Република Македонија е јавна установа, преку која се уредуваат и обезбедуваат прашањата од областа на размената на трудот, како и правата и обврските на работодавците и невработените лица во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност.

Агенцијата за вработување делува на територијата на Република Македонија преку својата Централна служба и 30 Центри за вработување.

Во Централната служба на Агенцијата за вработување на Република Македонија, работите и задачите се вршат во следните организациони облици:

- Канцеларија на директорот;
- Сектор за активни политики за вработување;
- Сектор за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи;
- Сектор за финансии и сметководствени работи;
- Сектор за истражување и анализа на пазарот на трудот;
- Сектор за осигурување и права во случај на невработеност;
- Сектор за информатика; и
- Одделение за внатрешна ревизија.

Во центрите за вработување во: Битола, Велес, Куманово, Штип, Охрид, Прилеп, Струмица и Тетово функционираат меѓуопштински тимови за вршење на одредени функции од делокругот на Агенцијата за вработување, за центрите за вработување каде функционира меѓуопштинскиот тим и за останатите центри за вработување.

Во Центарот за вработување на град Скопје функционираат оддели и тоа:

- оддел за шалтерски услуги за вработување;
- оддел за услуги за поддршка за вработување; и
- оддел за правни и административни услуги.

Во останатите центри за вработување работите и задачите се извршуваат како единствен организационен облик.

Прашањата од делокругот на работењето на Агенцијата за вработување и центрите за вработување се уредени со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија и други акти.

### *Управување*

Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Агенцијата за вработување управува Управниот одбор, составен од 9 члена од редот на стручни лица со познавање или искуство од областа на вработувањето, од кои 5 претставници именува Владата на Република Македонија и по 2 претставника се именуваат од организацијата на работодавците и организацијата на репрезентативниот синдикат за време од четири години.

### *Раководење*

Со Агенцијата за вработување раководи директорот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, со мандат од четири години.

Директорот на Агенцијата за вработување има заменик.

Директорот на Агенцијата за вработување и заменикот на директорот ги именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за труд и социјална политика.

Правата и надлежностите на директорот се утврдени со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и со Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Меѓу управната и раководната сфера во Агенцијата за вработување, постои високо ниво на соработка и координација.

# Канцеларија на Директорот

**Во Канцеларијата на директорот** се извршуваат работите кои се однесуваат на: коресподенцијата на директорот, деловните состаноци, внатрешната комуникацијата на директорот, комуникацијата со државните органи и институции, сите неговите активности, следење и супервизија на сите медиумски информации, подготвување на прес извештаи, промоција на активностите на АВРМ преку сите информативни средства, организирање на меѓународната соработка.

Од почетокот на 2009 година, Секторот функционираше во рамките на своите задачи и овластувања како и извршување на итни работни задачи дадени од Директорот. Секторот е екипиран од раководител, технички секретар, возач и двајца советници: советник за организација и стручно техничка помош и советник за односи со јавноста, комуникација и меѓународна соработка.

Во 2009 година Агенцијата за вработување на РМ учествуваше во реализацијата на проектите кои се од исклучително значење не само за Агенцијата за вработување туку и за Република Македонија, во врска со намалување на невработеноста односно зголемување на вработувањето. АВРМ учествуваше во значајни проекти, конференции, работилници, симпозиуми во регионот како и во Европски рамки како:

- **Поткомитет за економски и финансиски прашања и статистика меѓу Европската Унија и Република Македонија** кој се одржа во Брисел, Белгија.
- **Семинар за информации на пазарот на трудот и анализа организиран од Internatnational Training Center на ILO,** кој се одржа во Торино, Италија.
- **Стручен собир за лицата со инвалидитет на пазарот на трудот** кој се одржа во Задар, Хрватска.
- **Семинар - Нови вештини за нови вработувања** кој се одржа во Гетеборг, Шведска.
- **Работилница во организација на ECSHD на Светска банка** која се одржа во Анкара, Турција.
- **IV Директорска конференција на Центрите за вработување на земјите од Југоисточна Европа** која се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина.
- **Семинар - Креирање и имплементација на активните мерки за вработување** кој се одржа Торино, Италија.
- **Семинар за советување од областа на сметководство и финансии** кој се одржа во Будимпешта, Унгарија.
- **Семинар - Доживотно учење и мобилност** кој се одржа во Братислава, Словачка

АВРМ е член на **WAPES** - Светска асоцијација на Агенциите за вработување и на нивна покана учествува на семинарите кои се организираат.

АВРМ активно учествуваше и на семинарите организирани од **WLMP (Work Life Mobillity Program)** кои се одржаа во Истамбул, Турција и Букурешт, Романија.

Канцеларијата на Директорот имаше и други активности, како:

- изготвување на Годишниот извештај за работењето на АВРМ за 2008 година односно сублимирање и средување на секторските извештаи во еден целосен извештај.

- изготвување на Програмата за работа на АВРМ за 2009 година односно сублимирање на сите планирани активности на Секторите за 2009 година.

- организација на работата на Управниот Одбор на РМ, односно организирање на седниците во согласност со Претседателот на УО и Директорот на АВРМ, изготвување на дневниот ред и потребните материјали по точките од дневниот ред и нивно навремено дистрибуирање до членовите на УО. Потоа присуство на седниците на УО и водење на записниците од седниците, изготвување на одлуките и заклучоците донесени на седниците од Управниот одбор.

## Работа на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија во 2009 година

Согласно член 89 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со Агенцијата за вработување на Република Македонија управува Управен одбор, составен од девет члена, од кои пет претставници именува Владата на Република Македонија, а по два претставника се именуваат од организацијата на работодавачите и организацијата на репрезентативниот синдикат.

Во рамките на правата и должностите кои произлегуваат од горенаведениот закон, Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија во 2009 година ја остваруваше својата работа во согласност со:

-Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија и

-Деловникот за работа на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, со кои подетално се уредени начинот на работата и одлучување на Управниот одбор и правата и должностите на членовите на Управниот одбор.

Во 2009 година Управниот одбор одржа 11 редовни и 3 вонредени седници, на кои беа разгледани 53 точки на дневен ред и притоа беа донесени вкупно:

- 38 Одлуки, од кои покарактеристични се следните:

- Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки во 2009 година на Агенцијата за вработување на Република Македонија
- Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2009 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот на Централната пописна комисија за извршениот попис на имотот на Агенцијата за вработување на Република Македонија со состојба на 31.12.2008 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија во 2008 година
- Одлука за усвојување на Програмата за работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2009 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија во 2008 година.
- Одлука за усвојување на годишната сметка на АВРМ за 2008 година.

- 12 Заклучоци,
- 3 Правилника и тоа:

- Правилник за изменување на Правилникот за обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица;
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија и
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Со цел успешно спроведување на политиките/мерките за вработување предвидени со Програмата за работа на Владата на РМ 2006-1010 година, Управниот одбор ја следеше реализацијата на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година а во реализацијата активна улога имаше Секторот за активни политики за вработување.

Во текот на 2009 година, Комисијата за Посебен фонд вршеше увид врз основа на барањата на работодавачите за доделување средства од Посебниот фонд во нивните простории, ја следеше реализацијата на доделените средства, за извршениот увид, редовно доставуваше извештаи и на седниците го известуваше Управниот одбор.

На седниците на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија во календарската 2009 година, се решаваше за предмети поднесени до Посебниот фонд во текот на 2007, 2008 и 2009 година *и притоа решени се вкупно 363 барања по сите основи*

Управниот одбор во своето управување со Агенцијата за вработување на Република Македонија оствaруваше успешна соработка со Директорот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во однос на дополнителни податоци и информации за прашања кои беа на дневен ред на седниците и со стручните служби во Агенцијата за вработување на Република Македонија во однос на побарани информации, правни мислења, сугестии и слично.

## КАДРОВСКА ЕКИПИРАНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

На 31 декември 2009 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија има вкупно 507 вработени на неопределено време (во оваа бројка не се вбројани Директорот и Заменикот на директорот, од причина што овие работни места се утврдени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Статутот на Агенцијата за работување).

Врз основа на утврдениот број на вкупно невработени лица, регистрирани на 31.12.2009 година (341.295) што ги опслужува Агенцијата за вработување, индикативен е податокот дека во текот на 2009 година, еден работник на Агенцијата за вработување опслужувал во просек по околу 670 невработени лица.

Просекот на ЕУ се движи помеѓу 110 - 150 невработени лица по вработен во нивните агенции или бироа за вработување.

Според степенот на образование состојбата е следна:

| ВСП | ВШП | ССП IV | ССП III ВКВ-КВ | НКВ |
|---|---|---|---|---|
| 268 | 67 | 140 | 10 | 22 |
| 53 % | 13 % | 28 % | 2 % | 4 % |




| Работни места | Центра.С | Скопје | Битола | Велес | Куманово | Охрид | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | Берово | Валандов | Виница | Гевгелија | Гостивар | Дебар | Делчево | Демир | Кавадарц | Кичево | Кочани | Кратово | Кр.Палан | Крушево | Мак. | Неготино | Пробишти | Радовиш | Ресен | Св.Никол | Струга | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВСП | 36 | 30 | 20 | 6 | 17 | 10 | 12 | 9 | 12 | 8 | 5 | 4 | 7 | 3 | 6 | 6 | 2 | 3 | 8 | 7 | 6 | 5 | 4 | 3 | 3 | 5 | 5 | 4 | 4 | 6 | 12 | 268 |
| ВШП | 1 | 12 | 3 | 4 | 0 | 2 | 10 | 3 | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 4 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 | 1 | 2 | 3 | 3 | 1 | 0 | 1 | 67 |
| ССП IV | 7 | 45 | 6 | 4 | 7 | 4 | 3 | 1 | 7 | 0 | 2 | 2 | 1 | 2 | 7 | 2 | 5 | 3 | 2 | 4 | 4 | 1 | 2 | 0 | 4 | 1 | 3 | 2 | 2 | 4 | 3 | 140 |
| ССП III ВКВ-КВ | 2 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 |
| НКВ | 2 | 6 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 22 |
| Вкупно : | 48 | 99 | 32 | 14 | 26 | 17 | 26 | 14 | 22 | 11 | 10 | 7 | 9 | 7 | 116 | 8 | 11 | 6 | 12 | 12 | 11 | 6 | 9 | 7 | 8 | 8 | 11 | 9 | 7 | 10 | 17 | 507 |

Според направената анализа на процентуалната застапеност на вработените во АВРМ по работите и работните задачи што ги извршуваат во Агенцијата за вработување, од вкупниот број на вработени лица во АВРМ, со состојба 31.12.2009 година, од 507 вработен, состојбата е следна:

- Раководни работници се 39 или изразено во проценти 8 %.
- Вработени на активни политики се 270 или изразено во проценти 53%.
- Вработени во пасивни политики се 163 или изразено во проценти 32%.
- Помошни работници се 35 или изразено во проценти 7%.

| Центар за вработување | раководни работници | вработени на активни политики | вработени на пасивни политики | помошни работници |
|---|---|---|---|---|
| Централна служба | 7 | 17 | 18 | 6 |
| Скопје | 2 | 52 | 32 | 10 |
| Битола | 1 | 21 | 8 | 2 |
| Велес | 1 | 8 | 5 | 0 |
| Куманово | 1 | 15 | 8 | 2 |
| Охрид | 1 | 8 | 7 | 1 |
| Прилеп | 1 | 16 | 8 | 1 |
| Струмица | 1 | 7 | 5 | 1 |
| Тетово | 1 | 14 | 7 | 0 |
| Штип | 1 | 6 | 3 | 1 |
| Берово | 1 | 3 | 4 | 2 |
| Валандово | 2 | 2 | 2 | 1 |
| Виница | 1 | 6 | 2 | 0 |
| Гевгелија | 1 | 3 | 2 | 1 |
| Гостивар | 1 | 9 | 4 | 2 |
| Дебар | 1 | 4 | 3 | 0 |
| Делчево | 1 | 6 | 4 | 0 |
| Дем.Хисар | 1 | 3 | 2 | 0 |
| Кавадарци | 1 | 7 | 4 | 0 |
| Кичево | 1 | 8 | 3 | 0 |
| Кочани | 1 | 6 | 3 | 1 |
| Кратово | 1 | 2 | 3 | 0 |
| Кр.Паланка | 1 | 4 | 3 | 1 |
| Крушево | 1 | 4 | 0 | 2 |
| Мак.Брод | 1 | 4 | 3 | 0 |
| Неготино | 1 | 4 | 3 | 0 |
| Пробиштип | 1 | 5 | 5 | 0 |
| Радовиш | 1 | 5 | 3 | 0 |
| Ресен | 1 | 4 | 2 | 0 |
| Све.Николе | 1 | 6 | 3 | 0 |
| Струга | 1 | 11 | 4 | 1 |
| **вкупно:** | **39** | **270** | **163** | **35** |
| изразено во проценти : | 8 % | 53 % | 32 % | 7 % |

Инаку, по потреба дел од вработените во пасивни политики беа ангажирани со работни задачи од областа на активните политики и мерки за вработување, преку задолженија со дополнителни работни обврски од таа област.




**_<u>- Половата структура  на вработените во АВРМ</u>_**

Според половата структура, со состојба на ден 31.12.2009 година, од 507 вработени во Агенцијата за вработуваањена Република Македонија, 204 се мажи а 303 се жени или соодносот помеѓу двата пола изразен во проценти е 40 % (мажи) и 60 % (жени).



| Центар за вработување | МАЖИ | | ЖЕНИ | | CÉ |
|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | |
| Централна сл. | 19 | 39.6 | 29 | 60.4 | 48 |
| Скопје | 31 | 32.3 | 65 | 67.7 | 99 |
| Битола | 10 | 31.3 | 22 | 68.8 | 32 |
| Велес | 5 | 35.7 | 9 | 64.3 | 14 |
| Куманово | 11 | 42.3 | 15 | 57.7 | 26 |
| Охрид | 6 | 35.3 | 11 | 64.7 | 17 |
| Прилеп | 9 | 34.6 | 17 | 65.4 | 26 |
| Струмица | 4 | 28.6 | 10 | 71.4 | 14 |
| Тетово | 12 | 54.5 | 10 | 45.5 | 22 |
| Штип | 2 | 18.2 | 9 | 81.8 | 11 |
| Берово | 4 | 40 | 6 | 60 | 10 |
| Валандово | 3 | 42.9 | 4 | 57.1 | 7 |
| Виница | 5 | 55.6 | 4 | 44.4 | 9 |
| Гевгелија | 3 | 42.9 | 4 | 57.1 | 7 |
| Гостивар | 8 | 50 | 8 | 50 | 16 |
| Дебар | 7 | 87.5 | 1 | 12.5 | 8 |
| Делчево | 4 | 36.4 | 7 | 63.6 | 11 |
| Демир Хисар | 3 | 50 | 3 | 50 | 6 |
| Кавадарци | 4 | 33.3 | 8 | 66.7 | 12 |
| Кичево | 8 | 66.7 | 4 | 33.3 | 12 |
| Кочани | 5 | 45.5 | 6 | 54.5 | 11 |
| Кратово | 2 | 33.3 | 4 | 66.7 | 6 |
| Кр. Паланка | 4 | 44.4 | 5 | 55.6 | 9 |
| Крушево | 2 | 28.6 | 5 | 71.4 | 7 |
| Макед. Брод | 5 | 62.5 | 3 | 37.5 | 8 |
| Неготино | 2 | 25 | 6 | 75 | 8 |
| Пробиштип | 7 | 63.6 | 4 | 36.4 | 11 |
| Радовиш | 2 | 22.2 | 7 | 77.8 | 9 |
| Ресен | 2 | 28.6 | 5 | 71.4 | 7 |
| Св. Николе | 4 | 40 | 6 | 60 | 10 |
| Струга | 11 | 64.7 | 6 | 35.3 | 17 |
| **Вкупно** | **204** | ***40 %*** | **303** | ***60 %*** | **507** |

- ***Застапеност на припадниците на заедниците во Агенцијата за вработување на Република Македонија***

Од вкупниот број на вработени лица во Агенцијата за вработување на Република Македонија, со состојба 31.12.2009 година, од 507 вработени, состојбата е следна:

- Македонци - 400 вработени или изразено во проценти 79%.
- Припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија - 107 или изразено во проценти 21%.

| *Рб.* | *Припадност на заедница* | *Вкупен број на вработени* | *Процент* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Македонци | **400** | 79 % |
| *2.* | Албанци | **76** | 15 % |
| *3.* | Турци | **4** | 0,8 % |
| *4.* | Роми | **4** | 0,8 % |
| *5.* | Срби | **8** | 1,5 % |
| *6.* | Власи | **6** | 1,1 % |
| *7.* | Бошњаци | **2** | 0,4 % |
| *8.* | Останати | **7** | 1,4 % |
| | В К У П Н О | 507 | 100% |

- ***Развој на човечките ресурси во Агенцијата за вработување***

Грижата за континуиран *развој и јакнење на човечките капацитети* на Агенцијата за вработување на Република Македонија е тековна активност на Секторот за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи, па затоа е неопходно континуирано надградување и *организирање обуки на вработените* во Агенцијата за вработување.

- *Обука во рамките на Проектот - CADRS III:*

Согласно *Среднорочниот план за обука во рамките на Проектот - CADRS III*, кој започна да се реализира кон крајот на 2008 година со Обука на раководители, во текот на 2009 година, се спроведоа и преостантите две од предвидените три програми на обуки и тоа:

- *Обуки на внатрешни обучувачи* - со ова обука беа опфатени 12 вработени од Агенцијата за вработување на република Македонија, кои се стекнаа со вештини и знаења за новиот модел на услуги како и за дидактичките методи за обука на возрасни, односно беа обучени во иднина да спроведуваат обуки на останатите вработени во АВРМ.

- *Обуки на вработените за Новиот модел на услуги* - ова обука ја изведуваа веќе претходно обучени внатрешни обучувачи, а со истата се обезбедија знаења и вештини за Новиот модел на услуги, унифицираност во работењето и јакнење на човечките ресурси при

давањето на услугите на работодавачите и на лицата кои бараат работа. Со обуката беа опфатени околу 280 вработени во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

*- останати обуки, семинари и работилници во рамките на Проектот - CADRS III:*

- Работилница за финансиско раководење и контрола;
- Семинари за изработка на локални акциони планови за вработување:
    - Прва работилница за развој на ЛАПВ
    - Работилница за изготвување на ЛАПВ
- Семинар за обука за ЕУРЕС;
- Работилница за нови патишта за вработување
- Обука за ПЛР за изготвување на ЛАПВ;
- Обука за ЕСФ (Европски социјален фонд);
- Работилница за користење на ISCO при посредување за вработување;
- Работилница за мониторинг и известување за активни мерки на пазарот на трудот; и
- Обука за информации на пазарот на трудот.

- Покрај обуките во рамки на кардс во текот на 2009 година, вработените посетуваа и *останати семинари, обуки, работилници и предавања*, од кои се издвојуваат:

- Работилница за имплементација на Законот за општата управна постапка, Законот за постапување по претставки и предлози, Уредбата за канцелариско и архивско работење, Упатството за начинот и техниката на постапувањето со документарниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење и Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција во управната статистика како и содржината на извештаите од управната статистика.

Ова работилница беше организирана од страна на Министерство за Правда - Државниот управен инспекторат и на истата *учествуваа 70 вработени* од Агенцијата за вработување на Република Македонија;

- Обука за нова програма за основни средства - се спроведе со учество на сметководители од сите Центри за вработување, а изведувана од страна на Soluitions;
- Обука на тема: "Подготвување на стратешки - годишни планови" - организирана од Министерство за финансии; и
- Семинар за завршна сметка.

Исто така, кон крајот на 2009 година беа спроведени и обуки за за новиот софтвер во делот на персоналната евиденција, платите на вработените и архивското работење во Агенцијата за вработување на

Република Македонија. Со овие обуки беа опфатени сите вработени во АВРМ кои работат на гореспоменатите области.

Инаку, секторот за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи, во соработка со останатите Сектори и со раководителите на центрите за вработување и во иднина ќе иницира организирање и реализација на вакви и слични обуки, семинари, работилници и тематски предавања, се разбира во зависност од финасиските можности на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

## ***<u>Активности на Секторот за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи од областа на работните односи</u>***

*<u>- Засновање на работен однос</u>*

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија, во текот на 2009 година, вработени се 6 лица на неопределено време.

Наведените вработувања се извршени со објавување на јавен оглас и спроведување на постапка за вработување согласно Законот за работните односи, а по претходно обезбедени средства во Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, односно по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии.

*<u>-Престаноци на работен однос</u>*

Во текот на 2009 година, заклучно со 31.12.2009 година, на 23 вработени во Агенцијата за вработување на Република Македонија им престана работниот однос и тоа:

- 10 лица - поради исполнување услови за остварување право на старосна пензија;
- 1 лице - поради остварување на инвалидска пензија;
- 7 лица - поради спогодбен престанок на работниот однос;
- 2 лице - поради отказ од страна на работникот;
- 1 лице - поради отказ од страна на работодавачот заради дисциплински прекршоци на работникот; и
- 2 лица - поради смрт на работникот.

*Од областа на работните односи*, во текот на 2009 година, Секторот за човечки ресурси, правни и персонално-административни работи континуирано беше ангажиран и на:

- водење на персоналната евиденција за вработените во Агенцијата за вработување на Република Македонија, која кон крајот на 2009 година започна пробно да се води и по електронски пат.
- вршење на работи од архивското (кое пробно започна да се води по електронски пат), канцелариско и административно работење;
- перманентна подготовка на поединечни акти (решенија, одлуки, договори и сл.);

- активности со водење на работни спорови (застапување пред судовите);
- водење на дисциплински постапки;
- давање на стручна помош и појаснување на примената на одредбите од постојната законска регулатива, од делокругот на Секторот;
- навремено информирање на вработените за секоја организациона промена;

како и други активности од својот делокруг, планирани со Програмата за работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија, но исто така и на активности кои се наметнуваа и произлегуваа од секојдневните потреби и состојби во дадената ситуација.

***<u>Нормативна дејност</u>***

Нормативна дејност се состоеше во учество во изготвувањето на општи акти за потребите на Стручната служба на АВРМ, како и во нивното изменување и дополнување.

Приоритетни активности на нормативен план во овој период особено беа:

1) Изготвување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија кој беше донесен од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 23.12.2009 година;
2) Изготвување на Правилник за организација и работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија кој беше донесен од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 23.12.2009 година;
3) учество во изготвување на Предлог-Колективен договор на Агенцијата за вработување на Република Македонија (во соработка со работната група, формарана со одлука на Директорот на Агенцијата за вработување на Република Македонија и претставници од Синдикалната организација на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

# Сектор за истражување и анализа на пазарот на трудот

Во текот на 2009 година Секторот за истражување и анализа на пазарот на трудот ги реализираше следните активности:

- Статистичко следење на бројот на евидентираните невработени лица според различни структурни карактеристики;
- Статистичко следење на бројот на регистрираните пријави на засновани работни односи;
  - Редовно изготвување на месечни извештаи за невработеноста и регистрираните пријави на засновани работни односи;
  - Изготвување на периодични извештаи, за одредени категории на невработени лица (кои се најбројни, ранливи и нефлексибилни на пазарот на трудот) ;
- Подготовка и обработка на статистички податоци од областа на пазарот на трудот, на локално и национално ниво, по барање, за потребите на институциите на Владата на Република Македонија, невладини организации, медиуми, локална самоуправа, проекти и слично;

Подготовката, обработката и вкрстувањето на статистичките пдатоци, неопходни за анализа на тековните состојби на пазарот на трудот, Секторот за истражување и анализа на пазарот на трудот ги извршуваше со поддршка на Секторот за информатика.

- Редовно ажурирање на веб-страната на Агенцијата за вработување, во делот на статистички податоци;
- Постојани контакти и координирање на работата со вработените од центрите за вработување кои имаат функција на Меѓуопштински центри а извршуваат работни задачи од делокругот на работењето на Секторот. Со цел поуспешно извршување на работните задачи, како и зголемување на квалитетот на истите, во текот на 2009 година беа одржани повеќе работни состаноци;
- Во насока на остварување на функциите на Агенцијата за вработување, односно заради потребата од ажурност во извршување на секојдневните и повремените задачи, Секторот беше во постојана соработка со другите сектори;
- Вработените кои извршуваат работни задачи од делокругот на работењето на Секторот, за времетраење на Проектот КАРДС Техничка помош за поддршка на политиката за вработување- фаза 3, беа вклучени во голем број обуки/работилници организирани од страна на Проектот. Обуките за вработените беа координирани во соработка со Секторот за човечки ресурси, правни, персонално - административни работи и истите беа успешно реализирани;
- Во текот на 2009 година, продолжи соработката со националните и меѓународните институции и организации, учеството во проекти, работни групи, учество на семинари и работилници, следење на меѓународните трендови кои се однесуваат на пазарот на труд и размена на искуства.

- Проектот КАРДС -"Техничка помош за поддршка на политиката за вработување-фаза 3, компонента 2". Секторот беше активно вклучен во реализација на голем број активностите од оваа компоненета.
- Учество во активностите организирани и поддржани од УСАИД - Проект за деловно опкружување;
- Учество во активностите на работната група вклучена во Оперативната програма за компонентата за развој на човечките ресурси од ИПА -Инструментот за претпристапна помош;
- Учество во работни групи и други активности.

- Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот во Република Македонија

Во периодот октомври - ноември 2009 година, како дел од своите редовни активности Агенцијата за вработување на Република Македонија - Сектор за истражување и анализа на пазарот на трудот, го спроведе третото по ред анкетно истражување меѓу работодавачите за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот во Република Македонија.

Согласно методологијата, после две последователно спроведени истражувања на непроменет примерок (2007,2008), Агенцијата за вработување истражувањето во 2009 година го спроведе на нов и зголемен примерок.

Изборот на примерокот е направен врз база на добиените податоци од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Притоа беа користени и податоците од Агенцијата за вработување на Република Македонија. Со вкрстување на податоците од двата административни извори по различи белези, беше определен анкетен примерок.

Анкетното истражување се реализираше од стрна на вработените, во 30- те локални ценри за вработување, со поддршка на Меѓуопштински тимови и Централната служба на Агенцијата за вработување, преку посета на работодавачите, интервју и пополнување на прашалник.

Во анкетното истражување на подрачјето на град Скопје, анкетирањето беше реализирано комбинирано, односно на два начина: преку посета на работодавачите, интервју и пополнување на прашалник и со телефонско анкетирање на работодавачите и пополнување на прашалник.

Во телефонското анкетирање преку мини кол центар, беа ангажирани и невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување на РМ - Центар за вработување на град Скопје. Оваа активност воедно беше и дел од програмите/мерките за вработување содржани во Оперативниот план за активни програми/мерки за вработување за 2009 година, (Пилот анкета за слободни работни места) и истата беше поддржана од УСАИД, Проектот за деловно опкружување.

По завршување на анкетирањето, се пристапи кон внес на податоците од анкетните прашалници, формирање на база на податоци, обработка и анализа на податоците добиени со истражувањето. Притоа важно е да се напомене дека информациите од работодавачите се обработуваат збирно, без можност да се видат поединечни одговори.

.

**Резиме од Националниот извештај од Анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот во Република Македонија за 2009/2010 година**

Националниот извештај за очекуваните нови вработувања и потребите од вештини се базира на резултатите од анкетното истражување спроведено во 30-те Центри за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во периодот октомври-ноември 2009 година.

Анализата на потребите од вештини обезбедува одредени краткорочни показатели за флуктуацијата на работната сила во изминатата година и предвидувањата на работодавачите во однос на новите вработувања во наредните дванаесет месеци.

Главна цел на Анализата на потребите од вештини, е да се зголемат сознанијата за состојбите и очекуваните промени на пазарот на трудот, преку добивање на информации од работодавачите за :

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци;
- потребите од занимања, на планираните нови вработувања;
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработувања;
- потребите од работници со одредени занимања, кои работодавачите не можат да ги обезбедат, односно дефицитарни кадри.

Методологијата за оваа анализа се базира на анкетно истражување според шведскиот модел[1], а прилагодена на македонски услови

Анкетното истражување во 2009 година, базира на примерок од 2781 фирми. Согласно методологијата, после две последователно спроведени истражувања на непроменет примерок (2007,2008), Агенцијата за вработување истражувањето во 2009 година го спроведе на нов и зголемен примерок.

Во примерок вклучени се фирми од приватниот сектор со седум и повеќе вработени[2]. Од вкупно регистрираните деловни субјекти од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, беше избран примерок раслоен по дејности во рамките на различни региони. Јавниот сектор не е вклучен во истражувањето.

Изботот на фирми во анкетата е направен од сите дејности во кои се регистрирани фирми од приватниот сектор со седум и повеќе

---

[1] *Анализата на потребите од вештини за прв пат како пилот истражување беше спроведена во 2006 година во рамките на КАРДС Проектот Политика за вработување II -Компонента 2 Понатамошно подобрување на капацитетот на Агенцијата за вработување и нејзините локални центри за вработување. Од 2007 година анкетното истражување е дел од редовните активности на Агенцијата за врботување.*

[2] *Во анкетното истражувањето спроведено во 2008 година, беа вклучени фирми од приватниот сектор со десет и повеќе вработени.*

вработени: земјоделство, лов и шумарство, вадење на руда и камен, преработувачка индустрија, снабдување со електрична енергија, гас и вода, градежништво, трговија, хотели и ресторани, сообраќај, складирање и врски, финансиско посредување, недвижен имот изнајмување и деловни активности, образование, здравство и други комунални, културни, општи и лични услужни дејности.

Согласно методологијата за спроведување на Анализата на потребите од вештини, анкетното истражување се оценува како успешно доколку со анкетата бидат опфатени повеќе од 70% од вкупниот број фирми во примерокот. Од овој аспект истражувањето на ниво на земјата, спроведено во 2009 година, може да се оцени како мошне успешно бидејќи, од 2781 фирма во конечната листа на примерокот, со анкетата беа опфатени 2497 или 89,8% .

Резултатите од истражувањето покажуваат дека на национално ниво со анкетата беа опфатени 43,4% од вкупниот број фирми од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, во кои работат 59,0% од вработените во фирмите од анализираните дејности.

Од вкупно анкетираните фирми 2025 или 81,1% се мали фирми (со број на вработени од 7-49), 405 или 16,2% се средни фирми (50-249 вработени) и 67 или 2,7% се големи фирми (со 250 и повеќе вработени). Нивното учество во вкупниот број вработени во анкетираните фирми респективно изнесува: 31,2%, 37,5% и 31,3%.

*Во однос на резултатите од анкетното истражување, може да се дадат и некои заклучни согледувања:*

Економската состојба во Република Македонија се уште не овозможува позначително зголемување на активностите на фирмите, што би резултирало со отворање на поголем број на нови работни места. Имено, понудата на работна сила се уште е многу голема, а побарувачката мала.

Сепак, постои генерален тренд кај работодавачите да размислуваат развојно. Резултатите од анкетното истражување за наредниот периодот од 6-12 месеци, покажуваат дека многу мал дел од анкетираните фирми предвидуваат намалување на нивната економска активност (16,3%). Најголемиот дел од анкетираните фирми (49,2%) очекуваат константна побарувачка на нивните производи/услуги, а релативно големо учество во вкупниот број на анкетирани фирми имаат фирмите кои прдвидуваат зголемување на нивната економска активност, односно зголемување на побарувачката на производите/услугите (34,5%). Подем на економската активност, очекуваат сите фирми незвисно од големината.

Во однос на предвидувањата за нови вработување во наредниот период од 6-12 месеци, работодавачите се резервирани во однос на своите одговори. Со изнаоѓање на нова профитабилна работа, намалување на даночните оптоварувања, стимулации за нови

вработувања и сл. како и надминување на последиците од светската економска криза кои особено ги почуствуваа работодавачите во преработувачката индустрија, може да се очекува процес на поголемо заживување на пазарот на трудот, а со тоа и отварање на поголем број нови работни места.

Анкетното истражување покажа дека во наредните 12 месеци, речиси полвина од анкетираните фирми (49,1%), планираат нови вработувања, во кои се очекуваат 10246 нови вработувања. *Преработувачката индустрија и понатаму останува главен носител на идниот развој и дејност во која се очекуваат најголем број нови вработувања (преку 50% од предвидувањата).*
Од другите дејности со релативно поголема побарувачка на работна сила се издвојуваат трговијата и градежништвото.
Носители на новите вработувања ќе бидат во најголем дел малите фирми, но и средните фирми, каде се предвидуваат да се реализираат 44,1%, односно 39,2% од вкупно очекуваните вработувања.

Според степенот на потребно знаење (образование) и занимање, од вкупните предвидувањата за новите вработувања:

- 13,8% се за лица со завршено високо образование за занимањето: информатичар, програмер, архитект-проектант, фармаколог, градежен инженер, машински инженер, хемичар, електроинжинер за автоматско управување со технички системи, инжинер технолог за прехранбени производи, инжинер технолог за физичко хемиски третман на вода, новинар, правник, економист (за финасии, маркетинг, менаџмент ) и др;
- 10,7% се за лица со средно и више образование за занимањето: електротехничар, техничар за прехранбена индустрија, комерцијалист, градежен техничар, машински техничар, техничар за прехранбена индустрија, техничар-техноло;
- 49,7% ќе бидат за лица со завршено средно образование за занимањето: келнер, говач, продавач, заварувач, бравар, бурекџија, пекар, шивач на текстил, шивач, ракувач со машина за рамно шиење, ракувач со машина за текстил, ракувач со чевларски машини, возач на товарно возило , градежен работник за одржување на згради и
- 25,6% од новите вработувања се за лица со завршено основно образование за занимањето: работник за едноставни работи при изработка на градежен материјал, работник за едноставни работи на производствена линија, работник за едноставни работи во преработка на тутун и др.

Притоа, работодавачите ја наглсуваат потребата од вработување на кадар со работно искуство, обучен кадар и поседување на сертификати за стекнати дополнителни знаења и вештини (ова особено се однесува при вработување на лица со повисок степен на образование). Во врска со барањата за посебни знаења и вештини, истражувањето покажа дека покрај основното занимање најмногу се бара познавањето на странски јазици, пред се познавање на англискиот јазик, како и познавање на информатичката технологија и основни компјутерски

апликации. Меѓу другите вештини се нагласени и комуникациски вештини, тимска работа, доверливост, флексибилност, вештини за продажба и маркетинг, знаења за софтверски пакети и др. Тоа се однесува како за лицата со работно искуство, така и за оние без искуство.

Во однос на тоа дали работодавачите почувствувале недостаток од работна сила при пополнувањето на слободните работни места, според сознанијата добиени од анкетното истражување, мал број од анкетираните фирми (16,7%) се изјаснале дека се соочиле со проблем поради недостаток од соодветната работна сила. Притоа, фирмите кои почуствувале недостаток на работна сила од соодветно занимање , се изјасниле дека недостатокот во најголем дел се манифестира во немање на работно искуство, дополнителни вештини кои треба да ги поседуваат лицата, како би биле конкурентни при пополнувањето на слободните работни места.
Од аспект на дејноста, преработувачката индустријата се издвојува со најголем број на фирми кои се соочиле со недостиг на потребната работна сила. Релативно помал е нивниот број во трговијата, градежништвото, хотелите и ресторантите.

Вкупниот дефицит од работници во 416 -те анкетирани фирми кои се изјасниле дека се соочиле со проблем при пополнувањето на слободните работни места, изнесува 1928 лица. Малите и средните фирми се соочиле со поголем проблем при пополнување на слободните работни места. Притоа, малите фирми искажале недостаток од 1064 лица, средните 758 лица, а големите фирми искажале недостаток од 106 лица.

Според степенот на потребно знаење ( образование) и занимање[3], работодавачите почуствувале најмногу недостаток од работна сила при пополнување на работните места за работници со:

- завршено средно образование за занимањето: шивач на текстил, ракувач со чевларски машини, чевлар, келнер, продавач, заварувач, ракувач со машини за текстил, пекар, готвач и др.
- средно и вишо образование за занимањето: текстилен техничар, машински техничар, електротехничар, градежен техничар, техничар за кожарство
- високо образование за занимањето: информатичар, градежен инжинер, програмер, инжинер на систем, машински инжинер, инжинер технолог за прехранбени производи и др

Сознанијата добиени од анкетното истражување за Анализа на потребите од вештини, претставуваат основа за подготовката на активните програми / мерки за вработување, односно програми/мерки

[3] *Потреби на работодавачите за нови вработувања, како и недостатокот од работна сила при пополнување на слободните работни места, за работници од одредени занимања и степен на потребно знаење, искажани се според Националната класификација на занимања.*

за намалување на невработеноста, како и програми/мерки за подготовка за вработување на невработените лица (обука, прквалификација и доквалификација, советување на невработените лица, обука за стекнување на знаења и вештини кои се побарувани на пазарот на трудот). Исто така истражувањето претставува и основа за подготовката на локалните акциони планови за вработување, а сознанијата од анкетното истражување можат да се искористат и при конципирање на уписната политика, при креирањето на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.

Согласно Оперативните планови за активни програми/мерки за вработување, во рамките на Програмата за подготовка за вработување, се реализираат мерки за подигање на вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкуретност на пазарот на трудот и вработување (обука, преквалификација, доквалификација, обуки за стекнување на дополнителни вештини-странски јазици и компјутери, обуки за занимања кои се побарувани-дефицитарни на пазарот на трудот, едукација за започнување на бизнис и сл.). При креирањето на мерките од оваа програма се земаат во предвид и сознанијата добиени од истражувањето за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот во Република Македонија, како и сознанијата од стручните служби на Агенцијата за вработување.

Анализата на потребите од вештини, претставува и основа за изготвување на локалните акциони планови за вработување. Оваа активност отпочна во рамките на Проектот КАРДС и резултираше со изготвување на Локални акциони планови за вработување за 11 општини. Во оваа активност, носител е Локалната самоуправа, а локалните центри за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија, беа вклучени во делот на изготвување на анализата на локалниот пазар на труд. Преку обезбедување на информации и податоци од делокругот на своето работење, Агенцијата за вработување помогна во идентификување на промените и постојните состојби на побарувачката и понудата на работна сила, се со цел креирање на конкретни прогрми за вработување, чија реализација треба да придонесе за намалување на невработеноста во Општината за која се изготвува и локалниот акционен план за вработување.
Соработката помеѓу Агенцијата за вработување и Локалната самоуправа продолжува и понатаму.

Анкетното истражување, покрај тоа што придонесува за зголемување на сознанијата за состојбите и очекуваните промени на пазарот на трудот, од една страна, од друга страна, пак, придонесува и за зголемување на соработката и довербата меѓу работодавачите и Агенцијата за вработување. Од големо значење е да се истакне мошне добрата соработка со работодавачите, која беше потврдена и во текот на анкетното истражување во 2009 година. Притоа не станува збор само за нивната спремност за учество во анкетното истражување, туку и интересот кои тие го искажале за поголема информираност за активностите кои ги врши Агенцијата за вработување и желбата за зацврстување на соработката. Имајќи ги во предвид предлозите на

работодавачите и респектирајќи ги нивните потреби, Агенцијата за вработување на Република Македонија е во континуиран процес на модернизација и институционален развој, се со цел унапредување на ефикасноста и транспарентноста на својата дејност.

Анализата на потребите од вештини обезбедува релевантни и мошне корисни краткорочни показатели за предвидувањата на работодавачите во однос на новите вработувања во наредните дванаесет месеци на ниво на Република Македонија. При опсервација на податоците од истражувањето треба да се имаат во предвит методолошките аспекти на анлизата. Согласно методологијата анкетното истражување во 2009 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија го спроведе на нов примерок на работодавачи. Анализата на добиените резултати од досега спроведените истражувања во голема мера коинцидираат, што укажува на нивната веродостојност. Тоа покажува дека работодавачите добро ги познаваат состојбите на пазарот на трудот, врз основа на кој може да ги планираат своите економски активности, да планираат и предвидуваат нови вработувања од соодветни занимања.

## *Невработеност и регистрирани пријави на засновани работни односи*

### *I НЕВРАБОТЕНОСТ*

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија со сотојба на 31.12.2009 година евидентирани се 341295 невработени лица.

Во однос на истиот период од 2008 година, бројот на евидентирани невработени лица бележи намалување за 2068 лица (0,6%), а во однос на месец декември 2007 година, се забележува намалување за 15871 невработени лица или за 4,4%.

Движење на бројот на евидентирани невработени лица по месеци во текот на 2008 и 2009 година е илустрирано во следниот грфички приказ:




На позитивниот тренд на намалување на бројот на евидентираните невработени лица секако имаат влијание и политиката и стратегијата

за вработување на Владата на Република Македонија, утврдени во повеќе документи, согласно предвидената Програмата за работа на Владата.
Веќе три години Агенцијата за вработување успешно ги реализира активните мерки за вработување кои се дефинирани со Оперативните планови за активни програми и мерки за вработување кои се планираат и донесуваат на годишно ниво.

Агенцијата за вработување, во текот на 2009 година и покрај актуелната финансиска криза, непречено ги спроведуваше активните програми за вработување, предвидени со Оперативниот плана за активни програми и мерки за вработување за 2009 година, кои меѓудругото, имаа и влијание врз ублажување на последиците од истата, а ефектите од нивната реализација се рефлектираа и врз состојбата со бројот на евидентирани невработени лица-тренд на намалување.

Бројот на невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување, во текот на 2009 година, се движи од 348369 во месец јануари, до 341295 невработени лица евидентирани во месец декември 2009 година. Бројот на евидентираните невработени лица во периодот јануари - декември 2009 година, бележи намалување за 7074 лица или за 2,0%. (Прилог бр.1)

*Евидентирани невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центар за вработување*

Различниот обем на невработеноста следена по Центри за вработување е условен од повеќе фактори, при што треба да се има во предвид и големината, односно бројот на жителите во одредена општина (еден Центар за вработување опслужува невработени лица од повеќе општини).
Соодветно на бројот на жители, во Центарот за врабтување на град Скопје, (состојба 31.12.2009 г.) има најмногу евидентирани невработени лица 79410 и го задржува доминантното учество во вкупната невработеност со 23,3%. Бројот на невработени лица е релативно голем и во Центрите за вработување Тетово 31667 или 9,3% од вкупно евидентираните невработени лица, Куманово 28613 (8,4%), Прилеп 22687 (6,6%), Струмица 19560 (5,7%) и Битола каде се евидентирани 18088 невработени лица или 5,3% од вкупно евидентираните невработени лица.

Во периодот декември 2008 - декември 2009 година, намалување на невработеноста се забележува во поголемиот број центри за вработување. Во апсолутни показатели најголемо намалување се забележува во Центарот за вработување на град Скопје (1190 невработени лица), Битола (883 невработени лица), Прилеп (721), Куманово (461 невработени лица), Велес (413 невработени лица)(Прилог бр.2).

Невработеноста е повеќе изразена во градските средини, односно 224406 или 65,8% од вкупниот број на евидентираните невработени лица со состојба на 31.12.2009 година се со место на

живеење во град, додека во селските средини лоцирани се 116889 или 34,2% од евидентираните невработени лица. Споредено со истиот период од минатата година, невработеноста бележи процентуално намалување кај градското население 1,8%, а процентуално зголемување кај селското население е 1,7 %. Од тука и учеството на невработените лица од градските подрачја во вкупниот број на невработени, бележи намалување од 66,5% на 65,8%, а учеството на невработените од селските подрачја во вкупниот број на невработени бележи зголемување од 33,5% на 34,2%. (Прилог бр.3)

***Структурни карактеристики на евидентираните невработени лица***

Структурните карактеристики на невработените лица се значајни од аспект на оценката на квалитетот на расположивиот човечки потенцијал кој што е надвор од економска активност и ја дефинира понудата на пазарот на трудот.

*Невработени лица според пол*

*Структурата на евидентираните невработени лица, според пол* со состојба на 31.12.2009 година, се карактеризира со поголемо учество на мажите во вкупниот број на невработени (57,2%), во споредба со жените кои во вкупната невработеност учествуваат со 42,8%. Во однос на истиот период од минатат година, се забележува процентуалното намалување на невработеноста кај мажите за 1,6%, а процентуално зголемување на невработеноста кај жените за 0,7%. Од тука и учеството на мажите во вкупниот број на невработени бележи намалување, а учеството на жените зголемување од 42,2% на 42,8%. *(Прилог бр.4)*

*Невработени лица според возраст*

*Во однос на структурата на невработените лица според возраст*, со состојба на 31.12.2009 година, младите невработени од 15-24 години, во вкупната невработеност учествуваат со 14,0% (47916), невработените на возраст од 25 до 29 години учествуваат со 13,2% (45017). Доминантно учество во вкупниот број на невработени имаат лицата на возраст од 30-39 години и од 40-54 години, чие учество соодветно изнесува 23,5%(80028), односно 33,1%(112934). Невработените на возраст од 55 и повеќе години, учествуваат со 16,2% (55400) во вкупниот број на евидентирани невработени лица.

Во однос на месец декември 2008 година, намалување на бројот на евидентирани невработени лица се забележува кај сите возрасни групи, освен кај невработените на возраст од 55 години и повеќе, каде се забележува зголемување за 6,6% или за 3441 невработени лица.

Според Меѓународната организација на трудот -ИЛО, под млади невработени се подразбира лица на возраст од 15-24 години. Бројот на евидентирани млади невработени лица со состојба на 31.12. 2009

година, во однос на истиот период од минатата година, бележи намалување за 1382 лица (2,8%), (Прилог бр.5)

*Невработени лица според степен на образование*

Образовната структура на евидентираните невработени лица е мошне неповолна, бидејќи 52,6% од невработените лица со состојба на 31.12.2009 година, се неквалификувани и полуквалификувани лица. Недоволните квалификации со кои располагаат, долгогодишното отсуство од пазарот на трудот, како и возрасната структура, во голема мера го отежнуваат вклучувањето на оваа категорија на невработени лица како активни баратели на работа на пазарот на трудот. Квалификуваните невработени лица во вкупната невработеност учествуваат со 15,7%, невработените лица со завршено средно образование со 24,0%, а невработените лица со завршено вишо и високо образование со 1,6% односно 6,1 % во вкупно евидентираните невработени лица.
Во споредба со истиот период од минатата година, невработеноста бележи намалување кај сите образовни категории, освен кај невработените со високо образование каде се забележува зголемување ( Прилог бр.6).

Во евиденцијата на невработените лица, имајќи го во предвид степенот на образование, најбројни се невработените од следните профили на занимање: продавач, автомеханичар, бравар, машино-бравар, стругар, готвач, келнер, конфекционер, електроинсталатер, конфекциски шивач, ѕидар на градба и малтерисување, возач на лесни моторни возила, квалификуван бравар,. гимназиските матуранти се најбројни од невработените со завршено средно стручно образование, економски техничар, машински техничар, земјоделски техничар, конфекциски техничар, прехрамбен техничар, потоа дипломиран правник, дипломиран економист, професор по одделенска настава на македонски јазик, дипломиран учител и др.

*Невработени лица според време на чекање на вработување*

Со состојба на 31.12.2009 година, 69215 или 20,3% од вкупно невработените лица, чекаат на вработување до 11 месеци, 105102 или 30,8% од невработените, чекаат на вработување од една до три години, а 166978 или 48,9% од вкупно невработените лица , чекаат на вработување четири години и повеќе.

Според Меѓународната организација на трудот (ИЛО), долгорочната невработеност ги вклучува невработените кои чекаат на вработување 12 месеци и повеќе. По дефиниција на ИЛО, во Агенцијата за вработување, со состојба на 31.12.2009 година, евидентирани се 272080 (79,7%) долгорочно невработени лица. Во однос на истиот период од минатата година се забележува намалување на бројот на евидентирани долгорочно невработени лица за 9918 (3,5%). *(Прилог бр.7)*

*Невработени лица според национална припадност*

Структурата на евидентираните невработени лица според националната припадност со состојба на 31.12.2009 година, е следна: 213280 (62,5%) од евидентираните невработени лица се Македонци, 84747 (24,8%) се Албанци, 17981 (5,3%) се Роми, 13655 (4,0%) се Турци, 2783 (0,8%) се Срби, 437 или 0,2% се Бошњаци, 365 (0,1%) се Власи, а останатите 8047 или 2,4% од невработените лица се припадници друга етничка заедница. *(Прилог бр.8)*

## *I.1 Евидентирани невработени лица - корисници на права во случај на невработеност*

*Корисници на паричен надоместок*

Во вкупно евидентираните невработени лица вбројани се и невработените лица корисници на права во случај на невработеност , а на кои работниот однос им престанал поради стечај, економски, технолошки, структурални и слични промени.

Со состојба на 31.12.2009 година, евидентирани се 24648 невработени лица - корисници на паричен надоместок или 7,2% од вкупно евидентираните невработени лица. Споредено со истиот период минатата година, бројот на невработени лица -корисници на паричен надоместок бележи зголемување за 1083 лица или 4,6%.

Во структурата на евидентираните невработени лица -корисници на паричен надоместок, со состојба на 31.12.2009 година, најголемо учество имаат невработените лица корисници на паричен надоместок по основ на технолошки вишок од работен однос (67,3%). Во однос на истиот период од минатата година ова категорија на невработени лица, корисници на паричен надоместок, бележи зголемување за 1351 лица или за 8,9% (Прилог бр. 9).

Во графичкиот приказ кој следи е илустриран бројот на евидентирани невработени лица - корисници на паричен надоместок, по месеци во 2009 година:

Евидентирани невработени лица- корисници на паричен надоместок, во текот на 2009 година



## *II. РЕГИСТРИРАНИ ПРИЈАВИ НА ЗАСНОВАНИ РАБОТНИ ОДНОСИ*

Агенцијата за вработување на Република Македонија води евиденција на регистрирани пријави на засновани работни односи (М-1-обрасци).

Во периодот од 01.01.2009 до 31.12.2009 година, регистрирани се вкупно 245294 пријави на засновани работни односи ( М1 обрасци), на неопределено и определено време и сезонски работи, од евиденцијата и надвор од евиденцијата на невработените лица.

Бројот на регистрираните пријави на засновани работни односи по месеци во 2009 година е илустрирано во следниот графички приказ:

Регистрирани пријави на засновани работни односи во периодот од 01.01. до 31.12.2009 година




Споредено со истиот период минатата година (од 01.01. до 31.12.2008 година), во 2009 година се забележува зголемување на бројот на регистрирани пријави на засновани работни односи за 35284 или за 16,8%.

Регистрирани пријави на засновани работни односи во 2008 и 2009 година



- Од вкупно 245294 регистрирани пријави на засновани работни односи, во периодот од 01.01.2009 до 31.12.2009 година*, според полот на кој се однесуваат регистрираните пријави на засновани работни односи:*

- 129336 ( 52,7 %) се однесуваат на лица од машки пол
- 115958 (47,3%) се однесуваат на лица од женски пол.

Во 2009 година, споредено со 2008 година, се забележува процентуално зголемување и кај заснованите работни односи кои се однесуваат и на лица од машки и женски пол. Сепак процентуалното зголемување на регистрираните пријаваи на засновани работни односи кои се однесуваат на лица од женски пол е поголемо (21,6%), во однос на процентуалното зголемување на регистрираните пријави на засновани работни односи кои се однесуваат на лица од машки пол. Од тука во вкупно регистрираните пријави на засновани работни односи во 2009 година, се зголемува учество на бројот на регистрираните пријави на засновани работни односи кои се однесуваат на лица од женски пол од 45,4% на 47,3%, а се намалува учеството на бројот на регистрирани пријави на засновани работни односи кои се однесуваат на лица од машки пол од 54,6% на 52,7%.

- *Според статусот на лицата на кој се однесуваат регистрираните пријави на засновани работни односи*
  - 59803 (24,4%) се регистрирани пријави на засновани работни односи од евиденцијата на невработените лица,
  - 185491 (75,6%) се регистрирани пријави на засновани работни односи надвор од евиденцијата на невработените.

Во однос на истиот период минатата година, се забележува намалување на бројот на регистрирани пријави на засновани работни односи кои се однесуваат на лица од евиденцијата на невработените за 0,2 %, а зголемување на бројот на регистрирани пријави на засновани работни односи кои се однесуваат на лицата надвор од евиднцијата на невработените за 23,6%.

- *Според видот на работниот однос од вкупно регистрираните пријави на засновани работни односи во периодот од 01.01. до 31.12.2009 година*:

- 101292 (41,3 %) се регистрирани пријави на засновани работни односи на неопределено време,
- 144022 (58,7%) се регистрирани пријави на засновани работни односи на определено време и сезонска работа.

Во однос на истиот период од минатата година се забележува процентуално зголемување и кај регистрираните пријави на засновани работни односи на неопределено време (13,8%), како и кај регистрираните пријави на засновани работни односи на определено време и сезонски работи (19,1%). Притоа процентуалното зголемување е поголемо кај регистрираните пријави на засновани работни односи на определено време и сезонски работи. Од тука во вкупниот број на регистрирани пријави на засновани работни односи, се забележува

зголемување на учеството на засновaните работни односи на определено работно време и сезонски работи од 57,6% (во 2008 година) на 58,7% (во 2009 година), а намалување на учеството на засновaните работни односи на неопределено време од 42,4% на 41,3% (Прилог бр.10).

# П Р И Л О З И

**Прилог бр. 1**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на невработени лица евидентирани во**
**Агенцијата за вработување на Република Македонија**
**во 2009 година**

| Месец | Евидентирани невработени лица |
|---|---|
| **Јануари** | 348369 |
| **Февруари** | 351115 |
| **Март** | 351278 |
| **Април** | 349879 |
| **Мај** | 349063 |
| **Јуни** | 347622 |
| **Јули** | 340776 |
| **Август** | 342518 |
| **Септември** | 341893 |
| **Октомври** | 342313 |
| **Ноември** | 341325 |
| **Декември** | 341295 |

## Прилог бр. 2

**П Р Е Г Л Е Д**

**на невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување на РМ, Центар за вработување**

| Реден број | Евидентирани невработени лица / Центар за вработување | 31.12.2009 | | 31.12.2008 | | 31.12.2009/31.12.2008 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | Број | % | zgolemuvawe/ namaluvawe | индекс | zgolemuvawe/ namaluvawe (%) |
| | **Вкупно** | **341295** | **100.0** | **343363** | **100.0** | **-2068** | **99.4** | **-0.6** |
| 1 | Берово | 3899 | 1.1 | 3891 | 1.1 | 8 | 100.2 | 0.2 |
| 2 | Битола | 18088 | 5.3 | 18971 | 5.6 | -883 | 95.3 | -4.7 |
| 3 | Валандово | 2336 | 0.7 | 2468 | 0.7 | -132 | 94.7 | -5.3 |
| 4 | Велес | 14168 | 4.2 | 14581 | 4.3 | -413 | 97.2 | -2.8 |
| 5 | Виница | 3066 | 0.9 | 3077 | 0.9 | -11 | 99.6 | -0.4 |
| 6 | Гевгелија | 3725 | 1.1 | 3459 | 1.0 | 266 | 107.7 | 7.7 |
| 7 | Гостивар | 16326 | 4.8 | 15820 | 4.6 | 506 | 103.2 | 3.2 |
| 8 | Дебар | 3687 | 1.1 | 4019 | 1.2 | -332 | 91.7 | -8.3 |
| 9 | Делчево | 4398 | 1.3 | 4105 | 1.2 | 293 | 107.1 | 7.1 |
| 10 | Демир Хисар | 1911 | 0.6 | 1914 | 0.6 | -3 | 99.8 | -0.2 |
| 11 | Кавадарци | 8466 | 2.5 | 8452 | 2.5 | 14 | 100.2 | 0.2 |
| 12 | Кичево | 8674 | 2.5 | 8859 | 2.6 | -185 | 97.9 | -2.1 |
| 13 | Кочани | 9683 | 2.8 | 9986 | 2.9 | -303 | 97.0 | -3.0 |
| 14 | Кратово | 2312 | 0.7 | 2328 | 0.7 | -16 | 99.3 | -0.7 |
| 15 | КриваПаланка | 6375 | 1.9 | 6177 | 1.8 | 198 | 103.2 | 3.2 |
| 16 | Крушево | 1945 | 0.6 | 2024 | 0.6 | -79 | 96.1 | -3.9 |
| 17 | Куманово | 28613 | 8.4 | 29074 | 8.5 | -461 | 98.4 | -1.6 |
| 18 | Мак. Брод | 2593 | 0.8 | 2579 | 0.8 | 14 | 100.5 | 0.5 |
| 19 | Неготино | 4084 | 1.2 | 4307 | 1.3 | -223 | 94.8 | -5.2 |
| 20 | Охрид | 11144 | 3.3 | 11235 | 3.3 | -91 | 99.2 | -0.8 |
| 21 | Прилеп | 22687 | 6.6 | 23408 | 6.9 | -721 | 96.9 | -3.1 |
| 22 | Пробиштип | 2978 | 0.9 | 3045 | 0.9 | -67 | 97.8 | -2.2 |
| 23 | Радовиш | 6461 | 1.9 | 6540 | 1.9 | -79 | 98.8 | -1.2 |
| 24 | Ресен | 3087 | 0.9 | 3133 | 0.9 | -46 | 98.5 | -1.5 |
| 25 | Свети Николе | 3994 | 1.2 | 4119 | 1.2 | -125 | 97.0 | -3.0 |
| 26 | на Град Скопје | 79410 | 23.3 | 80600 | 23.6 | -1190 | 98.5 | -1.5 |
| 27 | Струга | 8968 | 2.6 | 8571 | 2.5 | 397 | 104.6 | 4.6 |
| 28 | Струмица | 19560 | 5.7 | 19161 | 5.6 | 399 | 102.1 | 2.1 |
| 29 | Тетово | 31667 | 9.3 | 30499 | 8.9 | 1168 | 103.8 | 3.8 |
| 30 | Штип | 6990 | 2.0 | 6961 | 2.0 | 29 | 100.4 | 0.4 |

## Прилог бр. 3

**П Р Е Г Л Е Д**

**на евидентирани невработени лица, според место на живеење**

| Евидентирани невработени лица /Место на живеење | 31.12.2009 | | 31.12.2008 | | 31.12.2009/31.12.2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | индекс | zgolemuvawe/ namaluvawe (%) |
| **В к у п н о** | **341295** | **100.0** | **343363** | **100.0** | **99.4** | **-0.6** |
| Град | 224406 | 65.8 | 228469 | 66.5 | 98.2 | -1.8 |
| Село | 116889 | 34.2 | 114894 | 33.5 | 101.7 | 1.7 |

## Прилог бр. 4

| П Р Е Г Л Е Д<br>на евидентирани невработени лица, според пол | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Евидентирани невработени лица / Пол | 31.12.2009 | | 31.12.2008 | | 31.12.2009/31.12.2008 | |
| | Број | % | Број | % | индекс | zgolemuvawe/ namaluvawe (%) |
| **В к у п н о** | **341295** | **100.0** | **343363** | **100.0** | **99.4** | **-0.6** |
| Мажи | 195356 | 57.2 | 198480 | 57.8 | 98.4 | -1.6 |
| Жени | 145939 | 42.8 | 144883 | 42.2 | 100.7 | 0.7 |

## Прилог бр.5

| П Р Е Г Л Е Д<br>на евидентирани невработени лица, според возраст и пол | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Евидентирани невработени лица / Возраст | 31.12.2009 | | 31.12.2008 | | 31.12.2009/31.12.2008 | |
| | Број | % | Број | % | индекс | zgolemuvawe/ namaluvawe (%) |
| **Вкупно** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **341295** | **100.0** | **343363** | **100.0** | **99.4** | **-0.6** |
| од 15 до 19 год. | 8091 | 2.4 | 8010 | 2.3 | 101.0 | 1.0 |
| од 20 до 24 | 39825 | 11.7 | 41288 | 12.0 | 96.5 | -3.5 |
| од 25 до 29 | 45017 | 13.2 | 45955 | 13.4 | 98.0 | -2.0 |
| од 30 до 34 | 41392 | 12.1 | 42661 | 12.4 | 97.0 | -3.0 |
| од 35 до 39 | 38636 | 11.3 | 40166 | 11.7 | 96.2 | -3.8 |
| од 40 до 44 | 39000 | 11.4 | 39833 | 11.6 | 97.9 | -2.1 |
| од 45 до 49 | 37364 | 10.9 | 37150 | 10.8 | 100.6 | 0.6 |
| од 50 до 54 | 36570 | 10.7 | 36341 | 10.6 | 100.6 | 0.6 |
| од 55 до 59 | 33061 | 9.7 | 32047 | 9.3 | 103.2 | 3.2 |
| 60 и повеќе | 22339 | 6.5 | 19912 | 5.8 | 112.2 | 12.2 |
| **Мажи** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **195356** | **100.0** | **198480** | **100.0** | **98.4** | **-1.6** |
| од 15 до 19 год. | 4343 | 2.2 | 4205 | 2.1 | 103.3 | 3.3 |
| од 20 до 24 | 20665 | 10.6 | 21769 | 11.0 | 94.9 | -5.1 |
| од 25 до 29 | 23030 | 11.8 | 23734 | 12.0 | 97.0 | -3.0 |
| од 30 до 34 | 22140 | 11.3 | 23036 | 11.6 | 96.1 | -3.9 |
| од 35 до 39 | 21352 | 10.9 | 22806 | 11.5 | 93.6 | -6.4 |
| од 40 до 44 | 22201 | 11.4 | 22853 | 11.5 | 97.1 | -2.9 |
| од 45 до 49 | 21456 | 11.0 | 21706 | 10.9 | 98.8 | -1.2 |
| од 50 до 54 | 21772 | 11.1 | 21874 | 11.0 | 99.5 | -0.5 |
| од 55 до 59 | 20905 | 10.7 | 20918 | 10.5 | 99.9 | -0.1 |
| 60 и повеќе | 17492 | 9.0 | 15579 | 7.8 | 112.3 | 12.3 |
| **Жени** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **145939** | **100.0** | **144883** | **100.0** | **100.7** | **0.7** |
| од 15 до 19 год. | 3748 | 2.6 | 3805 | 2.6 | 98.5 | -1.5 |
| од 20 до 24 | 19160 | 13.1 | 19519 | 13.5 | 98.2 | -1.8 |
| од 25 до 29 | 21987 | 15.1 | 22221 | 15.3 | 98.9 | -1.1 |
| од 30 до 34 | 19252 | 13.2 | 19625 | 13.5 | 98.1 | -1.9 |
| од 35 до 39 | 17284 | 11.8 | 17360 | 12.0 | 99.6 | -0.4 |
| од 40 до 44 | 16799 | 11.5 | 16980 | 11.7 | 98.9 | -1.1 |
| од 45 до 49 | 15908 | 10.9 | 15444 | 10.7 | 103.0 | 3.0 |
| од 50 до 54 | 14798 | 10.1 | 14467 | 10.0 | 102.3 | 2.3 |
| од 55 до 59 | 12156 | 8.3 | 11129 | 7.7 | 109.2 | 9.2 |
| 60 и повеќе | 4847 | 3.3 | 4333 | 3.0 | 111.9 | 11.9 |

**Прилог бр.6**

| ПРЕГЛЕД на евидентирани невработени лица, според степен на образование и пол | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Евидентирани невработени лица / Степен на образование | 31.12.2009 | | 31.12.2008 | | 31.12.2009/31.12.2008 | |
| | Број | % | Број | % | индекс | zgolemuvawe/ namaluvawe (%) |
| **Вкупно** | | | | | | |
| **Вкупно** | **341295** | **100.0** | **343363** | **100.0** | **99.4** | **-0.6** |
| **НКВ и ПКВ** | 179683 | 52.6 | 181254 | 52.8 | 99.1 | -0.9 |
| **КВ и ВКВ** | 53541 | 15.7 | 55328 | 16.1 | 96.8 | -3.2 |
| **ССО** | 81904 | 24.0 | 82369 | 24.0 | 99.4 | -0.6 |
| **Вишо СО** | 5314 | 1.6 | 5671 | 1.7 | 93.7 | -6.3 |
| **Високо СО** | 20853 | 6.1 | 18741 | 5.5 | 111.3 | 11.3 |
| **Мажи** | | | | | | |
| **Вкупно** | **195356** | **100.0** | **198480** | **100.0** | **98.4** | **-1.6** |
| **НКВ и ПКВ** | 106037 | 54.3 | 108365 | 54.6 | 97.9 | -2.1 |
| **КВ и ВКВ** | 36141 | 18.5 | 37560 | 18.9 | 96.2 | -3.8 |
| **ССО** | 42124 | 21.6 | 42216 | 21.3 | 99.8 | -0.2 |
| **Вишо СО** | 2836 | 1.5 | 3045 | 1.5 | 93.1 | -6.9 |
| **Високо СО** | 8218 | 4.2 | 7294 | 3.7 | 112.7 | 12.7 |
| **Жени** | | | | | | |
| **Вкупно** | **145939** | **100.0** | **144883** | **100.0** | **100.7** | **0.7** |
| **НКВ и ПКВ** | 73646 | 50.5 | 72889 | 50.3 | 101.0 | 1.0 |
| **КВ и ВКВ** | 17400 | 11.9 | 17768 | 12.3 | 97.9 | -2.1 |
| **ССО** | 39780 | 27.3 | 40153 | 27.7 | 99.1 | -0.9 |
| **Вишо СО** | 2478 | 1.7 | 2626 | 1.8 | 94.4 | -5.6 |
| **Високо СО** | 12635 | 8.7 | 11447 | 7.9 | 110.4 | 10.4 |

**Прилог бр. 7**

| **П Р Е Г Л Е Д<br>на евидентирани невработени лица<br>според време на чекање на вработување и пол** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Евидентирани невработени лица / Време на чекање на вработување** | **31.12.2009** | | **31.12.2008** | | **31.12.2009/31.12.2008** | |
| | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **индекс** | **zgolemuvawe/ namaluvawe (%)** |
| **Вкупно** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **341295** | **100.0** | **343363** | **100.0** | **99.4** | **-0.6** |
| **под 1 месеци** | 8906 | 2.6 | 7564 | 2.2 | 117.7 | 17.7 |
| **од 1 до 5 мес.** | 29145 | 8.5 | 27839 | 8.1 | 104.7 | 4.7 |
| **од 6 до 11 м.** | 31164 | 9.1 | 25962 | 7.6 | 120.0 | 20.0 |
| **од 12 до 17 м.** | 26358 | 7.7 | 23969 | 7.0 | 110.0 | 10.0 |
| **од 18 до 23 м.** | 17269 | 5.1 | 19852 | 5.8 | 87.0 | -13.0 |
| **2 години** | 31842 | 9.3 | 38905 | 11.3 | 81.8 | -18.2 |
| **3 години** | 29633 | 8.7 | 21914 | 6.4 | 135.2 | 35.2 |
| **4 години** | 17325 | 5.1 | 22248 | 6.5 | 77.9 | -22.1 |
| **5 - 7 година** | 48225 | 14.1 | 49414 | 14.4 | 97.6 | -2.4 |
| **8 год. и повеќе** | 101428 | 29.7 | 105696 | 30.8 | 96.0 | -4.0 |
| **Мажи** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **195356** | **100.0** | **198480** | **100.0** | **98.4** | **-1.6** |
| **под 1 месеци** | 5155 | 2.6 | 4191 | 2.1 | 123.0 | 23.0 |
| **од 1 до 5 мес.** | 16085 | 8.2 | 14739 | 7.4 | 109.1 | 9.1 |
| **од 6 до 11 м.** | 17151 | 8.8 | 14135 | 7.1 | 121.3 | 21.3 |
| **од 12 до 17 м.** | 14160 | 7.2 | 13220 | 6.7 | 107.1 | 7.1 |
| **од 18 до 23 м.** | 9379 | 4.8 | 11013 | 5.5 | 85.2 | -14.8 |
| **2 години** | 17391 | 8.9 | 22274 | 11.2 | 78.1 | -21.9 |
| **3 години** | 16713 | 8.6 | 12062 | 6.1 | 138.6 | 38.6 |
| **4 години** | 9454 | 4.8 | 13132 | 6.6 | 72.0 | -28.0 |
| **5 - 7 година** | 28750 | 14.7 | 29248 | 14.7 | 98.3 | -1.7 |
| **8 год. и повеќе** | 61118 | 31.3 | 64466 | 32.5 | 94.8 | -5.2 |
| **Жени** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **145939** | **100.0** | **144883** | **100.0** | **100.7** | **0.7** |
| **под 1 месеци** | 3751 | 2.6 | 3373 | 2.3 | 111.2 | 11.2 |
| **од 1 до 5 мес.** | 13060 | 8.9 | 13100 | 9.0 | 99.7 | -0.3 |
| **од 6 до 11 м.** | 14013 | 9.6 | 11827 | 8.2 | 118.5 | 18.5 |
| **од 12 до 17 м.** | 12198 | 8.4 | 10749 | 7.4 | 113.5 | 13.5 |
| **од 18 до 23 м.** | 7890 | 5.4 | 8839 | 6.1 | 89.3 | -10.7 |
| **2 години** | 14451 | 9.9 | 16631 | 11.5 | 86.9 | -13.1 |
| **3 години** | 12920 | 8.9 | 9852 | 6.8 | 131.1 | 31.1 |
| **4 години** | 7871 | 5.4 | 9116 | 6.3 | 86.3 | -13.7 |
| **5 - 7 година** | 19475 | 13.3 | 20166 | 13.9 | 96.6 | -3.4 |
| **8 год. и повеќе** | 40310 | 27.6 | 41230 | 28.5 | 97.8 | -2.2 |

**Прилог бр. 8**

| **П Р Е Г Л Е Д**<br>**на евидентирани невработени лица, според националната припадност и пол** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Евидентирани невработени лица / Национална припадност** | **31.12.2009** | | **31.12.2008** | | **31.12.2009/31.12.2008** | |
| | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **индекс** | **zgolemuvawe/ namaluvawe (%)** |
| **Вкупно** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **341295** | **100.0** | **343363** | **100.0** | **99.4** | **-0.6** |
| **Македонци** | 213280 | 62.5 | 216366 | 63.0 | 98.6 | -1.4 |
| **Албанци** | 84747 | 24.8 | 83954 | 24.5 | 100.9 | 0.9 |
| **Турци** | 13655 | 4.0 | 13553 | 3.9 | 100.8 | 0.8 |
| **Роми** | 17981 | 5.3 | 17801 | 5.2 | 101.0 | 1.0 |
| **Срби** | 2783 | 0.8 | 2852 | 0.8 | 97.6 | -2.4 |
| **Власи** | 365 | 0.1 | 374 | 0.1 | 97.6 | -2.4 |
| **Бошњаци** | 437 | 0.2 | 334 | 0.2 | 130.8 | 30.8 |
| **Други** | 8047 | 2.4 | 8129 | 2.4 | 99.0 | -1.0 |
| **Мажи** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **195356** | **100.0** | **198480** | **100.0** | **98.4** | **-1.6** |
| **Македонци** | 114801 | 58.8 | 117689 | 59.3 | 97.5 | -2.5 |
| **Албанци** | 54949 | 28.1 | 54861 | 27.6 | 100.2 | 0.2 |
| **Турци** | 8675 | 4.4 | 8760 | 4.4 | 99.0 | -1.0 |
| **Роми** | 10084 | 5.2 | 10197 | 5.1 | 98.9 | -1.1 |
| **Срби** | 1680 | 0.9 | 1712 | 0.9 | 98.1 | -1.9 |
| **Власи** | 238 | 0.1 | 259 | 0.1 | 91.9 | -8.1 |
| **Бошњаци** | 215 | 0.2 | 183 | 0.2 | 117.5 | 17.5 |
| **Други** | 4714 | 2.4 | 4819 | 2.4 | 97.8 | -2.2 |
| **Жени** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **145939** | **100.1** | **144883** | **100.0** | **100.7** | **0.7** |
| **Македонци** | 98479 | 67.5 | 98677 | 68.1 | 99.8 | -0.2 |
| **Албанци** | 29798 | 20.4 | 29093 | 20.1 | 102.4 | 2.4 |
| **Турци** | 4980 | 3.4 | 4793 | 3.3 | 103.9 | 3.9 |
| **Роми** | 7897 | 5.4 | 7604 | 5.2 | 103.9 | 3.9 |
| **Срби** | 1103 | 0.8 | 1140 | 0.8 | 96.8 | -3.2 |
| **Власи** | 127 | 0.1 | 115 | 0.1 | 110.4 | 10.4 |
| **Бошњаци** | 222 | 0.2 | 151 | 0.2 | 147.0 | 47.0 |
| **Други** | 3333 | 2.3 | 3310 | 2.3 | 100.7 | 0.7 |

## Прилог бр. 9

### П Р Е Г Л Е Д
### на евидентирани невработени лица, корисници на паричен надоместок

| Евидентирани невработени лица | 31.12.2009 | | 31.12.2008 | | 31.12.2009/31.12.2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | индекс | зголемување/ намалување (%) |
| **Вкупно** | **341325** | **100** | **343363** | **100** | **99.4** | **-0.6** |
| | | | | | | |
| Ккорисници на паричен надоместок / Основ на користење | **24648** | **7.2** | **23565** | **6.9** | **104.6** | **4.6** |
| Стечај | 3590 | 14.6 | 3489 | 14.2 | 102.9 | 2.9 |
| Сезонци | 2968 | 12.0 | 2962 | 12.0 | 100.2 | 0.2 |
| Технолошки вишок од раб.однос | 16587 | 67.3 | 15236 | 61.8 | 108.9 | 8.9 |
| Технолошки вишок 25 Загубари | 861 | 3.5 | 983 | 4.0 | 87.6 | -12.4 |
| Технолошки вишок 12 Загубари | 580 | 2.4 | 780 | 3.2 | 74.4 | -25.6 |
| Реформи во државната администрација | 2 | 0.0 | 5 | 0.0 | 40.0 | -60.0 |
| Технолошки вишок од држ.и ЈА во 2003 | 41 | 0.2 | 56 | 0.2 | 73.2 | -26.8 |
| Технолошки вишок Македонски желез. | 19 | 0.1 | 54 | 0.2 | 35.2 | -64.8 |

## Прилог бр.10

### П Р Е Г Л Е Д
### на регистрирани пријави на засновани работни односи (М-1 Обрасци)

| Регистрирани пријави на засновани работни односи | 01.01 до 31.12.2009 | | 01.01 до 31.12.2008 | | 2009/2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | индекс | zgolemuvawe/ namaluvawe (%) |
| ***Вкупно*** | | | | | | |
| **В к у п н о** | **245294** | **100.0** | **210010** | **100.0** | **116.8** | **16.8** |
| ***Според пол*** | | | | | | |
| **Мажи** | 129336 | 52.7 | 114655 | 54.6 | 112.8 | 12.8 |
| **Жени** | 115958 | 47.3 | 95355 | 45.4 | 121.6 | 21.6 |
| ***Според статусот на лицата*** | | | | | | |
| **Од евиденција на невработените** | 59803 | 24.4 | 59901 | 28.5 | 99.8 | -0.2 |
| **Надвор од евиденција на невработените** | 185491 | 75.6 | 150109 | 71.5 | 123.6 | 23.6 |
| ***Според видот на работниот однос*** | | | | | | |
| **На неопределено време** | 101292 | 41.3 | 89039 | 42.4 | 113.8 | 13.8 |
| **На определено време и сезонска работа** | 144022 | 58.7 | 120971 | 57.6 | 119.1 | 19.1 |

# Сектор за активни политики за вработување

**_Реализација на активните програми и мерки за вработување од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година предвидени со Програмата за работа на Владата на РМ 2008-2012 (состојба 31.12.2009 година)_**

Политиките и стратегијата за вработување на Владата на Република Македонија и планираните активности за вработување и ублажување на невработеноста се утврдени во повеќе документи, и тоа: *Програма на Владата на Република Македонија 2008-2012 год, Националната стратегија за вработување 2010, Национален акциски план за вработување* 2009-2010 (НАПВ), *Оперативен план на Владата за активни програми и мерки за вработување за 2009 година, Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015- и Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013*, подготвена во согласност со компонентата 4 од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА).

Владата на Република Македонија на седница одржана на 28 февруари 2009 година го усвои Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2009 година.

Во Оперативниот план се дефинирани видот на програмите и активните мерки за вработување, целните групи, потребните средства и изворите на средствата, како и конкретни активности и рокови за субјектите надлежни за имплементација на истите. Целта на изготвување на овој оперативен план е да се обезбеди навремено и успешно спроведување на предвидените активни програми/мерки за вработување за 2009 година.

Оперативниот план е раководен од **национален директор** - министерот за труд и социјална политика и е координиран од **национален координатор** - директорот на Агенцијата за вработување на Република Македонија**,** како главен партнер за имплементирање на Оперативниот план.

За успешно следење на Оперативниот план формиран е **Надзорен одбор** со кој управува националниот директор а во работата членуваат и претставници од МТСП, АВРМ, МОН, ЗЕЛС, АППРМ, УНДП.

Доколку во текот на реализацијата на одделна програма /мерка не се пријават доволен број на апликанти или не се изготват доволен број на квалитетни бизнис планови, за секоја програма и мерка може да се повторат предвидените активности, утврдени со овој оперативен план, со истата постапка за избор.

Во текот на реализацијата, средствата обезбедени за соодветната програма, односно мерка, можат да се пренасочат за друг вид на програма/мерка, односно мерка од овој оперативен план врз основа на заклучок на Владата на Република Македонија.

Во текот на имплементацијата на овој оперативен план, опфатот на лицата од соодветните целни групи и утврдените активни мерки, може да се прошири во рамките на обезбедените средства, новообезбедени средства, како и други домашни и меѓународни извори на средства наменети за активни мерки за вработување, утврдени во овој план врз основа на согледувања и анализи на МТСП, АВРМ и останати надлежни институции и органи

Заклучно со 31.12.2009 година состојбата по одделни програми/мерки е следната:

## 1. Програма за самовработување

Долгорочна цел на програмата е намалување на невработеноста и сиромаштијата преку започнување на нови бизниси.

Програмата се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на солидни и одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и субвенција за започнување на бизнисот.

За реализација на секое самовработување се предвидува поддршка со неповратни средства во висина на 201,897.00 денари, од кои 185,000.00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и репроматеријали, додека останатите 16,897.00 денари служат за поддршка во вид на основна обука за водење бизнис, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите.

- ***Целна група:***
  - ✓ *250 млади невработени лица до 27 години, евидентирани во АВРМ повеќе од шест месеци;*
  - ✓ *150 невработени жени, евидентирани во АВРМ повеќе од една година;*
  - ✓ *200 долгорочно невработени лица, евидентирани во АВРМ повеќе од една година;*
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *600 евидентирани невработени лица*
- ***Потребни средства:***
  - ✓ *127.540.300,00 денари*
- ***Извори на средства:***
  - ✓ *Буџет на МТСП*

Невработените лица кои ќе се вклучат во оваа програма нема да можат да се вратат во евиденција на АВРМ во период од три години.

Надлежните институции (МТСП, АВРМ, АППРМ и УНДП) ги превземаа сите неопходни активности за реализација на оваа програма.

***Реализирани активности***

Изработени се **Оперативни упатства** за проектот кој има за цел детално да ги опише методологијата, активностите и чекорите што МТСП, АВРМ, АППРМ, Централен Регистар и УНДП, заеднички ќе ги преземат за операционализирање на активната мерка.

Со цел популаризирање на активната мерката за вработување ***Програма за самовработување,*** одговорните лица од Центрите за вработување имаа настапи на локалните ТВ во кои ја презентираа програмата. Исто така беше изработен пропаганден материјал (флаери) во кои се наведени потребните информации за мерката од интерес за невработените лица. Истиот преку центрите за вработување е дистрибуиран до заинтересираните невработени лица.

Согласно Оперативните упатства изработен е Јавен оглас, работен план, обрасци за пријавување, информативни листови, документи за прифаќање, критериуми за селекција, табели за селекција, тим за мониторинг, упатства за ваучерската програма и др.

Во секој Центар за вработување формиран е *Тим за спроведување на активни мерки и политики за вработување* и определена просторија за прием на заинтересирани невработени лица, со цел конкретно информирање за мерката.

АВРМ на **07.05.2009** година во печатените медиуми во 4 дневни весници, од кои еден на албански јазик, објави Јавен оглас до невработени лица кои се заинтересирани своето вработување да го решат со активната мерка *Поддршка за самовработување (семеен бизнис*) кој траеше до **22.05.2009** година.

Така, врз основа на објавениот оглас, пријава поднесоа вкупно **1517** невработени лица.

Со пополнување на прашалникот за распознавање на претприемачките афинитети кај апликантите изработен од Економски институт во Скопје и бодирање на одоговорите од прашалникот, изработена е единствена ранг листа на кандидатите. На 01.06.2009 година Комисијата за селекција изврши рангирање на кандидатите према бодовите освоени при пополнување на прашалникот за распознавање на претприемачките афинитети. На 10.06.2009 година Комисијата за селекција ја одобри конечната ранг листа и изврши конечен избор на 900 апликанти од кои **836** продолжија со "*Обука од идеа до бизнис"*.

| *Активност* | *Вкупно* |
|---|---|
| **Пријавени кандидати** | **1517** |
| **Посетувале обука од идеа до бизнис** | **836** |
| **Изработени бизнис планови** | **704** |
| **Конечна селекција (финасиски поддржани)** | **654** |

***Прва селекција*** на пријавените кандидати се изврши во однос на способноста за водење на самостоен бизнис со помош на софтвер за самооценување изработен по криетериуми дефинирани од Економски институт. Врз основа на освоени бодови од самооценувањето беа рангирани и избрани 900 невработени лица кои продолжуваа на *“Обука од идеа до бизнис”*.

Обуката од идеа до бизнис ја спроведуваше консултантската куќа “НЕОЛ Консалтинг“ која од УНДП беше избрана на тендер.

Целокупната обука е организирана во 40 дводневни работилници и започна на 22.06.2009 година и во три циклуси заврши до 28.07.2009 година.

***Втора селекција*** е извршена по завршување на “Обука од идеа до бизнис” врз основа на оценките и бодирањето од консултантите кои ја одржаа дводневната обука, односно избрани се 704 кандидати кои продолжуваа на наредната активност - изработка на бизнис план.

Изработката на бизнис план се организираше и спроведуваше со консултанти ангажирани од АППРМ а избрани од кандидатите.

***Трета селекција*** е извршена од Експертска комисија составена од 3 члена (2 преставници од банките и 1 преставник од АППРМ) од која изработените бизнис планови беа оценети и рангирани према добиените бодови. Према ранг листата од Експертската комисија, избрани се најдобрите 659 бизнис планови од кои 654 финансиски се поддржани.

***Регистрација на фирма и самовработување***

По изборот на 654 бизниси, потпишан е Договор за набавка на опрема и материјали помеѓу невработеното лице, АВРМ и УНДП, извршена е регистрација на фирма, самовработување во истата. Во центрите за вработување со избраните 654 кандидати одржани се информативни состаноци за процесот на регистрација на фирма. До 31.12.2009 година од поддржаните 654 бизниси, регистрирале фирми и се самовработиле 654 невработени лица.

***Набавка на опрема***

Постапката за набавка на опрема ја спроведуваше и реализриаше УНДП. До 31.12.2009 година од поддржаните 654 бизниси, набавката за опрема е завршена во сите 654 новоформирани фирми.

Мониторинг и контрола на фирмите за тоа дали набавената опрема и материјали одоговара на спецификацијата на опрема и материјали предвидени во бизнис планот, врши УНДП и истата ќе заврши во почекот на месец март 2010 година.

# Графички приказ на застапеност во избрани 654 поддржани бизниси









## 2. Програма за поддршка за формализирање на постојни бизниси

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на програмата е формализирање на започнати бизниси од страна на невработени лица и нивно легално вклучување на пазарот на трудот во функција на намалување на сивата економија |
| **Краток опис** | Програмата ќе се реализира преку помош при регистрација на постојниот бизнис на лица кои неформално имаат искуство во вршење на дејноста и на кои им е потребна субвенција за формализирање на бизнисот. |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица кои неформално вршат дејност |
| **Опфат на корисници** | 250 лица |
| **Потребни средства** | 47,000.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на МТСП |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП<br>АВРМ<br>УНДП<br>ЦР<br>АППРМ |

**Услови и критериуми**

Евидентирани невработени лица на кои им е потребна поддршка за регистрација на фирма и вршење на дејност од областа на трговија на мало, земјоделство и занаетчиство или друг вид на дејност. Услов за добивање на поддршката ќе биде лицето да е евидентирано како невработено лице во АВРМ најмалку една година и да нема регистрирано сопствена фирма. Оваа програма е во насока на спречување и намалување на сивата економија.

За реализација на секое самовработување се предвидува поддршка со неповратни средства во висина од 188,000.00 денари, од кои 185,000.00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема, репроматеријали и 3,000.00 ден за регистрација на дејност.

Лицата кои ќе бидат опфатени со програмата, не можат да се вратат во евиденцијата на невработени лица во рок од три години.

**Реализирани активности**

Изработени се **Оперативни упатства** за проектот кој има за цел детално да ги опише методологијата, активностите и чекорите што МТСП, АВРМ, АППРМ и УНДП заеднички ќе ги преземат за операционализирање на активната мерка. Тие се насочени кон обезбедување јасен преглед и транспарентност за сите вклучени страни: Надзорниот одбор на проектот, Комисија за селекција на проектот, Проектната канцеларија на УНДП, Агенцијата за вработување на РМ, Агенција за поддршка на претприемништво на РМ, Централен Регистар и останатите вклучени страни.

Со цел популаризирање на активната мерката за вработување ***Програма за поддршка за формализирање на постојни бизниси,*** одговорните лица од Центрите за вработување имаа настапи на локалните ТВ во кои ја презентираа програмата. Исто така беше изработен пропаганден материјал (флаери) во кои се наведени потребните информации за мерката од интерес за невработените лица. Истиот преку центрите за вработување е дистрибуиран до заинтересираните невработени лица.

АВРМ на **07.05.2009** година во печатените медиуми во 4 дневни весници, од кои еден на албански јазик, објави Јавен оглас до невработени лица кои се заинтересирани своето вработување да го решат со активната мерка *Програма за поддршка за формализирање на постојни бизниси* кој траеше до **22.05.2009** година.

До крајниот рок за пријавување аплицирале вкупно **426** невработени лица. При аплицирањето истовремено се вршеше самоселекција на кандидатите во однос на способноста за водење на самостоен бизнис, со помош на софтверски прашалник, изготвен по критериуми дефинирани од Економскиот институт во Скопје.

По обработка на податоците и сумирање на истите, листата на апликанти е испратена од страна на АВРМ до УНДП на понатамоша обработка. Селекционата комисија ги одобри листите со **281** квалификувани кандидати кои ќе се вклучат во понатамошна поддршка и процедура, од кои **31** кандидати ќе бидат вклучени во случај да некое лице се откаже.

***На 28 07 2009 година донесена е одлука на Владата за бесплатно регистрирање на фирмите која е доставена до Централен Регистар Мониторинг координаторите од УНДП заедно со вработените од центрите за вработување ги информираа кандидатите за начинот и профилите како и локациите во процесот на регистрација на фирмите, како и за понатамошните активности по регистрирање на фирмите***

***Преглед на реализација на мерката***




***Спроведувањето на програмата се одвиваше според Работниот план, имено до октомври месец сите*** 250 ***кандидати завршија со процесот на регистрација на фирми***

***Од предвидените*** 250 ***во текот на ноември и декември месец, потпишани се договори со ново регистрираните фирми од страна на УНДП, Центрите за вработување и кандидатите (како правни субјекти) и успешно се завршени сите набавки на материјали и опрема кои кандидатите ги предвиделе во својот бизнис план***

***Преглед на реализација на мерката, по полова структура***




***Преглед на регистрирани фирми, по вид на регистрација***



Во предлог Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2010 година, кој треба да го усвои Владата на РМ ,предвидено е спроведување на истата програма - мерка, заради висок процент на реализација и успешност.

## 3. Програма за подготовка за вработување

Во рамките на оваа програма се предвидува обука, преквалификација или доквалификација и советувања на невработени лица за стекнување на знаења и вештини, со цел зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот.

### 3.1 Обука, преквалификација или доквалификација на невработени лица за познат работодавач

***Опис на мерката***

Обука, преквалификација или доквалификација за познат работодавач е тековна мерка на АВРМ која редовно се спроведува преку месечно партиципирање во трошоците на работодавачот во износ од 2.000 денари по невработено лице и парична помош на невработеното лице вклучено на подготовка за вработување во износ од 4.000 денари до 28.02.2009 година. Од 01.03.2009 година АВРМ месечно партиципира во трошоците на работодавачот во износ од 3.000,00 денари, а паричната помош на невработеното лице вклучено на подготовка за вработување е во износ од 4.400,00 денари согласно Правилникот за изменување на Правилникот за обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица (,,Сл.весник на РМ" бр.53/2009).

Подготовката за вработување трае до 3 месеци. Обврска на работодавачот е вработување на невработеното лице кое со успех ќе ја заврши подготовката за вработување на неопределено време и лицето да остане во работен однос најмалку 1 година.

Настанатата светска рецесија доведе до помала заинтересираност на работодавачите за мерката 3.1 Обука, преквалификација или доквалификација на невработени лица за познат работодавач, а поголема заинтересираност за мерката 4 Субвенционирање на вработување. Во месец јуни Владата на РМ усвои измени и дополнувања во Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година согласно кои средствата во износ од 66.600.000,00 денари наменети за оваа мерка за 2009 година, се намалени за износот од 55.215.000,00 денари и истите се пренасочени за мерката 4 Субвенционирање на вработување. Со овие измени за мерката 3.1 Обука, преквалификација или доквалификација на невработени лица за познат работодавач опфатот на корисници од 3000 лица е намален на 512 лица, а износот на потребни средства од 66.600.000,00 денари е намален на 11.366.400,00 денари.

- ***Целна група:***
  - ✓ *Невработени евидентирани лица*
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *512 лица годишно*
- ***Потребни средства:***
  - ✓ *11.366.400,00*

***Реализирани активности***

Во подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација) во периодот од 01.01-31.12.2009 година биле вкупно (139+181+63) 383 невработени лица од кои 302 се жени во спроведувањето на 33 програми за подготовка за вработување во 11 Центри за вработување. Од вкупниот број невработени лица (383) во 2009 година на обука биле 302 лица а на преквалификација 81 лице.

Во 12 програми за подготовка за врботување чија реализација е отпочната во последните месеци од 2008 година, а завршила во првите месеци во 2009 година биле вклучени 139 невработени лица, од кои 127 лица ја завршиле подготовката за вработување, а 125 лица засновале работен однос на неопределено време.

Во изминатите 12 месеци е отпочната и завршена реализацијата на 15 програми за подготовка за вработување во кои биле вклучени 181 невработено лице, од нив 142 лица ја завршиле подготовката за вработување, а 120 лица засновале работен однос на неопределено време.

Реализацијата на останатите 6 програми за подготовка за вработување во кои се вклучени 63 невработени лица е во тек.

Вкупниот број на вработени лица со подготовка за вработување во извештајниот период е (125+120)245 лица од кои 207 се жени.

*Бројот на лица вклучени во програмите кои отпочнале и завршиле во 2009 година и лицата вклучени во програмите чија реализација е во тек изнесува вкупно (181+63)244 невработени лица или изразено во проценти 47,66% од планираниот опфат на лица во 2009 година што е прикажано со следниот Преглед.*

Преглед

*на податоци за програмите за подготовка за вработување чија реализација отпочнала и завршила и програмите чија реализација е во тек во периодот од 01.01-31.12.2009 година*

| **Планиран опфат на лица** | **Број на вклучени лица во подготовка за вработување** | **Број на вклучени жени во подготовка за вработување** | **Број на вработени лица кои се вработиле по завршување на подготовката** | **Број на вработени жени кои се вработиле со подготовка за вработување** |
|---|---|---|---|---|
| **512** | **244 (47,66%)** | **187 (76,64%)** | **120** | **101 (84,17%)** |

Од вкупниот број на лица кои биле вклучени на подготовка за вработување само во месеците во 2009 година (244) на обука биле 174 лица а на преквалификација 70 лица.

### 3.2 Обуки во работните клубови за стекнување на знаења и вештини (странски јазик и компјутери)

Обуките за невработени лица за стекнување на знаења и вештини за познавање на странски јазик и компјутери се спроведуваат како активна мерка од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година.

***Опис на мерката***

Во работните клубови во центрите за вработување, покрај другите редовни активности се организираат и реализираат краткорочни обуки за невработените лица. Целта на овие обуки е да се зајакнат знаењата и вештините на невработените лица, според барањата на пазарот на трудот и со тоа да се зголеми нивната конкурентност на истиот и можностите за побрзо вработување.

***Целна група -*** Евидентирани невработени лица

***Опфат на корисници -*** 2000 лица годишно

***Реализација на активностите***

Во центрите за вработување во 2009 година се спроведуваа следните видови обуки за невработени лица:

- Обука за познавање на странски јазик (со траење од 42 часа); и
- Обука за стекнување знаења и вештини за работа со компјутер (36 часа).

Најголем дел од обуките за странски јазици се обуки за англиски јазик, но центрите за вработување организираат обуки и за изучување на други странски јазици, во зависност од потребите и интересот на невработените лица. Со обуките за компјутери се стекнуваат знаења и вештини за MS WINDOWS, MS WORD, MS EXCEL и INTERNET. Доколку постои интерес од невработените лица кои успешно ги завршиле почетните обуки, центрите за вработување организираат и обуки за стекнување на повисоки степени на знаења и вештини.

Обуките за невработени лица се бесплатни а за обучувачи се ангажирани лица од евиденцијата на невработени лица од центрите за вработување (единствено во исклучителни случаеви кога центарот за вработување не може да обезбеди обучувач од лицата од евиденцијата на невработени лица се дозволува ангажирање на лице кое е во работен однос за обучувач, заради големиот интерес на невработените лица за овој вид обуки), со потребни стручни знаења и вештини за обучувачи и соодветно образование според видот на обуката.

По завршувањето на обуките центрите за вработување на невработените лица им издавааат потврда за успешно завршена обука.

Интересот за овие обуки е голем од страна на невработените лица. Во центрите за вработување постојано е истакнат Јавниот повик за заинтересираните невработени лица кои можат да се пријават за учество во обуките во работните клубови. Врз основа на бројот на заинтересираните кандидати, одговорните лица за овој вид обуки подготвуваат листи на кандидати и ја определуваат временската динамика за спроведување на овие краткорочни обуки. Исто така центарот за вработување врши избор на обучувачи и ги подготвува потребните материјали за реализација на обуките.

Во периодот од 01.01.до 31.12.2009 година, организирани се вкупно 103 обуки со вклучени вкупно 1959 лица (1356 жени). Од нив, 49 обуки беа за компјутери (46 почетни и 3 напредни обуки) и 64 обуки за странски јазици (53 почетни и 11 за напреден степен на знаења). Во обуките за компјутери беа вклучени вкупно 785лица (531 жени) и во обуките за странски јазици беа вклучени вкупно 1174 лица (825 жени).

| **Обуки** | **Број на организирани обуки** | | | **Број на вклучени лица во обуките** | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Вид на обуката* | *Почетни обуки* | *Обуки за повисоки степени на знаења* | *Вкупно организирани обуки* | *Вкупно* | *жени* |
| Компјутери | 46 | 3 | 49 | 785 | 531 |
| Странски јазици | 53 | 11 | 64 | 1174 | 825 |
| Вкупно: | 99 | 14 | 103 | 1959 | 1356 |

Со оглед на големиот интерес на невработените лица може да се заклучи дека оваа активна мерка за вработување успешно се реализира.

***Потребни средства -*** За спроведување за ова активна мерка во 2009 година, предвидени се средства во висина од 2.000.000,00 денари од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија. Трошоците се поврзани со исплатата на обучувачите и тековните трошоци за одржување на обуките во центрите за вработување.

Ефектите од спроведувањето на оваа активна мерка се долгорочни во смисла на тоа што со оглед на барањата на работодавачите, оспособувањето на невработените лица за познавање на странски јазици и работа на компјутери, значително може да влијае на зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, да им го олесни процесот на активно барање работа и зголемување на нивните можности за вработување. Исто така спроведувањето на оваа активна мерка ја зајакнува улогата на Агенцијата за вработување на Република Македонија како вистински сервис на граѓаните за услуги во врска со решавањето на проблемот на вработувањето.

### 3.3 Обука за одделни занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот

***Опис на мерката***

Обуката за оделни занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот е спроведување на обуки во дефицитарните занимања, според Анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот во Република Македонија направена во 2008 година. Обуките ќе се реализираат во период до 6 месеци.

Мерката има за цел работно оспособување на невработените лица со вештини кои произлегуваат како приоритетни, како и спречување на долгорочна невработеност и избегнување на можноста од губење на вештините, преку повторно вклучување на пазарот на трудот.

Обуката ќе се реализира според претходно подготвена програма од Центарот за стручно образование и обука во соработка со Агенција за вработување на Република Македонија. Лицата кои успешно ќе ја завршат обуката ќе се стекнат со Сертификат за работна оспособеност, кој ќе го издава Министерство за образование и наука.

**Со оваа мерка се опфатени целните групи:**

- ***Целна група:***
  - ✓ *Долгорочно невработени лица кои се на евиденција над 1 (една) година, со слични или сродни занимања блиски до вештините кои ќе се опфатат со оваа мерка;*
  - ✓ *Невработени лица, на кои им престанал работниот однос и се најмногу 6 (шест) месеци евидентирани како невработени, со слични или сродни занимања блиски до вештините кои ќе се опфатат со оваа мерка.*
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *120 лица*
- ***Потребни средства:***
  - ✓ *6.240.000,00 денари*

Обуките ќе бидат насочени кон занимања и дејности во кои има недостиг на вештини и тоа:

- електроинсталатер и електромонтер
- инсталатер и одржувач на гасоводна и водоводна инсталација
- сервисери за мехатронички системи

***Реализирани активности***

Надлежните институции (МТСП, АВРМ, МОН и ЦСОО) ги превземаа сите неопходни активности за реализација на оваа програма. Изработени се Оперативни насоки на програмата во кои се опишува постапката за аплицирање на невработените лица и спроведување на постапката за селекција на пријавените кандидати.

Врз основа на Законот за образование на возрасни потпишан е меморандум за разбирање помеѓу Агенција за вработување на Република Македонија - Центар за вработување на Град Скопје и Центарот за стручно образование и обука.

Усвоени се Оперативни упатства за спроведување на активната мерка од страна на Надзорниот одбор во април 2009 година.

Формирана е техничка работна група со претстваници од сите засегнати институции која усвои работен план за спроведување на оваа активна мерка со временска рамка за реализација на предвидените активности.

Што се однесува до активност број 2 - објавување на јавен тендер за избор на спроведувачи на обуки од страна на МОН и издавање на акредитација, истата е реализирана низ процедура на испраќање допис од страна на МОН до сите средни училишта (ССУ) проследен со барање за искажување на интерес за вклучување во мерката (ова од причина што објавување на јавен тендер од страна на МОН не претставува јавна набавка од било каков облик, туку е активност на посредување за која согласно член 8 алинеа 3 од Законот за јавни набавки, Сл.Весник бр. 136/07 не се применува Законот за јавни набавки).

Врз основа на утврдени критериуми за селекција, Техничката работна група изврши селекција на средни стручни училишта кои доставиле програми за обука и писмо за интерес и подготви информација до МОН со листа на селектирани средни стручни училишта кои ги исполнуваат потребните критериуми со препорака за нивна верификација.

Во периодот на август месец АВРМ објави Јавен оглас, кој беше разгледан и усвоен од страна на претставниците на институциите застапени во Техничката работна група. Огласот беше објавен на 14.08.2009 година во дневните весници Вечер, Време, Дневник и Коха а јавната кампања на националната телевизија од 15 до 21.08.2009 година.

Покрај огласот службите од центарот за вработување на град Скопје писмено известија 500 невработени евидентирани лица, кои се со слични и сродни занимања да се пријават на јавниот оглас. Огласот беше отворен до 28.08.2009 година и на него се пријавија вкупно **104** невработени евидентирани лица за сите 5 занимања, од тоа мажи 104, жени 0.

Од страна на Техничката работна група беше разгледана и верификувана листата на пријавени невработени лица. До 11.09.2009 година беа потпишани договори помеѓу АВРМ - ЦВ на град Скопје, ЦСОО и средните стручни училишта, врз основа на кои ќе се извршува месечна исплата на парични средства на ССУ во вкупен износ од 40.000,00 денари по еден кандидат за период од три месеци, како и договори помеѓу кандидатите и центарот за вработување на град Скопје. Треба да се истакне дека во оваа фаза имаше откажување на кандидатите од учество во обуките, потишани се **80** договори (Преглед 1), со кои се регулираат правата и обврските на двете страни, како и исплатата на парични средства на кандидатите на име храна и превоз во износ од 4.000,00 денари месечно, со вкалкулиран персонален данок.

***Преглед 1***




Во консултација со ССУ обуките отпочнаа со реализација на 14.09.2009 година, за што беа известени кандидатите од страна на ЦВ на град Скопје.

Согласно месечните извештаи добиени од страна на ССУ а кои се однесуваат на редовноста на кандидатите, од вкупно **80** лица со кои е потпишан Договор, бројката на кандидати кои биле редовни и ја завршиле обуката е **66**, (Преглед 2).

Преглед 2

Број на редовни кандидати, по училишта и по месеци

| ССУ кое ја спроведува обуката | пријавени лица | потпишани договори со лица | редовни лица (септември) | редовни лица (октомври) | редовни лица (ноември) | редовни лица (декември) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СОУГС "Владо Тасевски" | 28 | 21 | 20 | 20 | 20 | 20 |
| СОУГС "Михајло Пупин" | 49 | 36 | 30 | 28 | 27 | 27 |
| АСУЦ "Боро Петрушевски" | 27 | 23 | 22 | 21 | 21 | 19 |
| **Вкупно кандидати** | **104** | **80** | **72** | **69** | **68** | **66** |

***Преглед 4***
***Вкупно исплатени парични средства од страна на АВРМ, по месеци, за обучувачи и кандидати***

| Исплата на парични средства | денари |
|---|---|
| За септември | 641,059.00 |
| За октомври | 1,234,340.00 |
| За ноември | 1,216,477.00 |
| За декември | 557,832.00 |
| **Вкупно денари:** | **3,649,708.00** |

Од страна на ТРГ во текот на спроведувањето на обуките секој месец беа реализирани мониторинг посети на ССУ-а со цел остварување на контакти со кандидатите и со обучувачите како и следење на вкупниот процес. Исто така во тек на посетите на кандидатите им беа презентирани останатите активности и мерки на МТСП и АВРМ во кои би можеле да се вклучат и да ги надополнат своите знаења и вештини, како и да се самовработат.

***Преглед 3***
***Број на кандидати кои ја завршиле обуката, по занимања***



***Преглед 4***
***Образовна структура на кандидати кои ја завршиле обуката***




Во текот на спроведување на обуките, усвоени се Програмите за проверка на работната оспособеност, формирани се комисии за проверка и оценување на кандидатите кои го полагаа завршниот испит, кој беше реализиран во период од 15-18.12.2009 година во сите ССУ. Комисиите беа во состав од еден член од ЦСОО, еден член од ССУ, еден номиниран претставник на работодавачите од соодветната струка и еден набљудувач од ТРГ.

Од **66** кандидати кои се стекнале со право да полагаат завршен испит (услов за полагање е минимум 70% учество на предвидените часови обука), а според насоките и правилникот за полагање на испити од ваков вид пропишан од Министерство за образование и наука, испитот успешно го положиле **65** кандидати.

### 3.4.1 Едукација за започнување на бизнис

Целта на мерката е јакнење на капацитетите на АВРМ, преку обука на вработените во АВРМ со различни вештини и техники за едукација на невработените лица за започнување на водење на сопствен бизнис.

- ***Целна група:***
  - ✓ Вработени лица во АВРМ и евидентирани невработените лица кои не се опфатени со други активни мерки
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ 1000 лица (950 невработени лица и 50 вработени во АВРМ)
- ***Потребни средства:***
  - ✓ 600.000,00 денари
- ***Извори на средства*:**
  - ✓ Буџет на АВРМ.

Обуките беа спроведени успешно и според предвидените услови и критериуми предвидени со Програмата за едукација за започнување на бизнис од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година.

Обуката се однесува на прашања поврзани со реализација на бизнис идеа, подготовка на бизнис план, извори за финансирање, пристап до информации за водење на бизнис план, извори за финансирање, пристап до информации за водење бизнис, постапка за регистрација на фирма, законска легислатива и сл.

Како предавачи за оваа обука беа ангажирани вработените во Центрите за вработување, кои веќе претходно посетувале обуки од сличен тип и имаат искуство за спроведување на обуки. За спроведувањето на обуките беа користени технички помагала (компјутери, проjектори) како и печатени материјали (закони, прописи, бизнис планови).

Во оваа обука беа вклучени 50 лица од вработените во Центрите за вработување и вкупно 742 невработени лица.

Обуката не беше спроведена во Центарот за вработување на град Скопје поради реновирање на објектот, а ќе се реализира во наредните месеци по завршувањето на градежните работи.

Овие обуки или предавања што се реализираат преку работните клубови значително можат да влијаат на зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, и да им го олесни процесот на активно барање работа и зголемување на нивните можности за вработување.

Се препорачува оваа мерка да продоли и во наредната година како активна мерка за вработување и во 2010.

### 3.4.2 Едукација за започнување на бизнис во општина Гази Баба

Целта на мерката е едукација на невработени лица на територијата на општина Гази Баба за започнување на бизнис согласно светски познатата програма Starting a Business (Започнување на Бизнис) на Cisco Entrepreneur Institute ( Циско Институт за Претприемништво). Мерката ќе обезбеди обука на евидентирани невработени лица од територијата на општина Гази Баба

- ***Целна група:***
  - ✓ *евидентирани невработени лица на територијата на општина Гази Баба*

***Опфат на корисници:***
  - ✓ *60 невработени лица од општина Гази Баба*
- ***Потребни средства:***
  - ✓ *1.340.160,00 денари*
- ***Извори на средства:***
  - ✓ Центар за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија
    (172.800,00 денари)
    Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ)(495.360,00денари)
    УСАИД Проект за локален развој (576.000,00денари)
    Општина Гази Баба(96.000,00денари)

**Надлежни институции за имплементација се:** МТСП, АВРМ, Центар за развој на претприемачи и менаџери - ЦЕЕД Македонија, Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ), УСАИД Проект за локален развој, Општина Гази Баба

## 4. Субвенционирање на вработување

Во Оперативниот план за активните програми и мерки на Владата на Република Мекедонија за 2009 година, со програмата број 4 Субвенционирање на вработување, предвидени беа следните активни мерки:

4.1 Субвенционирање на вработување на деца без родители;

4.2 Субвенционирање на вработување на инвалидни лица;

4.3 Субвенционирање на вработување на самохрани родители, самохрани родители со 3 и повеќе деца, млади самохрани родители до 27 годишна возраст, брачни парови со 3 или повеќе деца и родители на деца со посебни потреби;

4.4 Субвенционирање на вработување на постари лица (од 55 до 64 години); и

4.5 Субвенционирање на вработување на млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок и жртви на семејно насилство.

***Опис на мерките***

**Субвенционирање на вработувањето на хендикепирани лица (инвалидни лица) се врши согласно Законот за вработување на инвалидни лица.**

### 4.1 Субвенционирање на вработување на деца без родители

- *Опфат на корисници* *8*
- *Потребни средства* *1 080 000,00денари*
- *Извори на средства* *Буџет на АВРМ*
- *Износ на субвенцијата* *22 500,00 денари*
- *Траење на субвенцијата* *6 месеци*
- *Обврска на работодавачот:* *Да ги задржи на работа уште 12 месеци*

### 4.3 Субвенционирање на вработување на самохрани родители, самохрани родители со 3 и повеќе деца, млади самохрани родители до 27 годишна возраст, брачни парови со 3 или повеќе деца и родители на деца со посебни потреби.

- *Опфат на корисници* *222*
- *Потребни средства* *29 970 000,00*
- *Извори на средства* *Буџет на АВРМ*
- *Износ на субвенцијата* *22 500,00 денари*
- *Траење на субвенцијата* *6 месеци*
- *Обврска на работодавачот:* *Да ги задржи на работа уште 12 месеци*

### 4.4 Субвенционирање на вработување на постари лица (од 55 до 64 години)

- *Опфат на корисници* *629*
- *Потребни средства* *84 915 000,00*
- *Извори на средства* *Буџет на АВРМ*
- *Износ на субвенцијата* *22 500,00 денари*
- *Траење на субвенцијата* *6 месеци*
- *Обврска на работодавачот:* *Да ги задржи на работа уште 12 месеци*

### 4.5 Субвенционирање на млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок и жртви на семејно насилство

- *Опфат на корисници* *571*
- *Потребни средства* *57 216 000,00*
- *Извори на средства* *Буџет на МТСП кон АВРМ*
- *Износ на субвенцијата* *22 500,00 денари*
- *Траење на субвенцијата* *6 месеци*
- *Обврска на работодавачот* *Да ги задржи на работа уште12 месеци*

***Реализирани активности***

На 22.04.2009 година објавени се Јавни огласи (за мерка 4.5) до работодавачите и невработените лица и истите траеа до 06.05.2009 година. Треба да се нагласи дека одзивот на работодавачите и невработените лица од споменатите целни групи беше висок и според сите податоци и информации очекувавме дека ќе се надмине планираниот број на вработувања. Поради тоа со допис се обративме до МТСП со барање да ни се одобрат дополнителни средства за вработување на овие лица. Од тие причини се пријде кон изменување и дополнување на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година и со одлука на Владата за овие потреби на АВРМ и се одобрени уште 30.000.000,00 денари. Со овие измени на ОП опфатот на корисниците за оваа активна мерка се зголеми од 259 на 571 лице и за реализација на овие вработувања обезбедени се средства во износ 54.816.000,00 денари.

На 14.05.2009 година објавени се Јавни огласи ( за мерките 4.1 ; 4.3 и 4.4 ) до работодавачите и невработените лица и истите траеа до 29.05.2009 година. Поради поголемиот број на заинтересирани работодавачи и невработени лица од овие целни групи по барање на АВРМ , заедно со МТСП се пристапи кон измени и дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2009 година. Со усвоените измени од страна на Владата на РМ, создадени се предуслови за успешна реализација на овие активни мерки. Имено, во измените и дополнувањата на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009година, на АВРМ и се овозможува да направи пренасочување на средства во износ од

55.215.000,00 денари од Програмата за подготовка за вработување т.е. мерката 3.1. Обука, преквалификација или доквалификација, кон Програмата за субвенционирање на вработувањето.

Претходно до сите центри се доставени потребните насоки упатства и формулари за успешна реализација на активностите од оваа Програма.

По потпишување на договорите за субвенционирање меѓу раководителите на центрите за вработување и работодавачите, се пристапи кон исплата на средствата за субвенционирање на работодавачите од страна на АВРМ преку центрите за вработување. При тоа треба да се спомене дека сите обврски кон работодавачите се исполнети заклучно со 31 декември 2009 година.

Поради објективни причини во 2010 година заостанати се обврски за исплата на средства за субвенционирање во 3 центри за вработување во вкупен износ од 198.191,00денари и тоа :

- ЦВ Кичево за 4 млади лица до 27 годишна возраст и 7 лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, технолошки вишок или ликвидација, за периодот од 01.01-15.01.2010 година побарува вкупно 92.191,00денари.
- ЦВ Кратово за 1 младо лице до 27 годишна возраст побарува 16.000,00 денари и
- ЦВ Гостивар за 2 постари лица (од 55 до 64 години) побарува 90.000,00 денари.

За бројот на вработени лица со субвенционирање и исплата на средства по месеци во периодот од јули до декември 2010 година види во Прегледот на опфатени лица и износот на потрошени средства за субвенционирање на вработување по одделни мерки во 2009 година.

# ПРЕГЛЕД

## НА ОПФАТЕНИ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЛИЦА И ИЗНОСОТ НА ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ ПО ОДДЕЛНИ МЕРКИ ВО 2009 година

| Р.бр. | Одобрени средства по месеци | Мерка 4.1 | | Мерка 4.3 | | | | Мерка 4.4 | | Мерка 4.5 | | | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Деца без родители | Одобрени средства | Самохрани родители | Брачни парови со 3 или повеќе деца | Родители на деца со посебни потреби | Одобрени средства | Постари лица (од 55 до 64години) | Одобрени средства | Млади лица до 27 годишна возраст | Лица на кои работниот однос им престанал по основ на стечај,тех или ликвидација | Жртви на семејно насилство | Одобрени средства | Вкупно опфатени лица | Вкупно одобрени средства |
| 1 | ЈУЛИ | 8 | 121,303.00 | 69 | 50 | 10 | 2,394,615.00 | 584 | 10,764,792.00 | 421 | 271 | 1 | 7,356,465.00 | 1414 | 20,637,175.00 |
| 2 | АВГУСТ | 8 | 180,000.00 | 58 | 49 | 7 | 2,555,357.00 | 530 | 11,925,000.00 | 407 | 243 | 1 | 10,416,000.00 | 1303 | 25,076,357.00 |
| 3 | СЕПТЕМВРИ | 8 | 180,000.00 | 67 | 53 | 7 | 2,870,357.00 | 560 | 13,545,000.00 | 415 | 255 | 1 | 10,784,000.00 | 1366 | 27,379,357.00 |
| 4 | ОКТОМВРИ | 8 | 180,000.00 | 60 | 44 | 8 | 2,610,000.00 | 549 | 12,787,159.00 | 407 | 265 | 0 | 11,046,957.00 | 1341 | 26,624,116.00 |
| 5 | НОЕМВРИ | 5 | 112,500.00 | 63 | 50 | 8 | 2,931,429.00 | 556 | 12,916,822.00 | 404 | 253 | 1 | 10,864,000.00 | 1340 | 26,824,751.00 |
| 6 | ДЕКЕМВРИ | 5 | 142,605.00 | 67 | 49 | 8 | 3,590,669.00 | 570 | 15,762,324.00 | 408 | 258 | 1 | 14,656,777.00 | 1366 | 34,152,375.00 |
| | ВКУПНО | | **916,408.00** | | | | **16,952,427.00** | | **77,701,097.00** | | | | **65,124,199.00** | | **160,694,131.00** |

## 5. Организирање на Јавни работи

Целта на оваа мерка е работно ангажирање на невработени лица во одделни општини кај кои има висок процентот на невработени лица во однос на вкупното население во општината заради стекнување на одредени практични знаења и вештини, рамномерен регионален развој, можност за континуирано работно ангажирање и можност за вработување, како и намалување на сиромаштијата.

***Опис на мерката***

Јавните работи ќе се организираат во областите од: **Одржување и обновување на јавната инфраструктура** (уредување и изградба на патишта, патни појаси, насипи, канали, пруги, мостови, гробишта, реконструкција на канализациона и водоводна мрежа и други објекти од општ интерес, - одобрување на условите за живеење и други работи) **и одржување и заштита за животната средина и природата** (санација на дивите депонии, чистење и одржување на речните корита, езера, канали, одводи, јавни површини, пошумување, развој на еколошките посади, чување и заштита на шумите, реките и езерата, развој на селските подрачја, монтажа и одржување на опремата во парковите и јавните детски игралишта, помош за воспоставување на нови депонии -локации за собирање и одвоз на отпад и други работи).

За време на ангажирањето на лицата ќе им се обезбеди финансиска поддршка во износ од 7.600,00 денари за лице месечно ( со вклучен персонален данок на доход во износ од 705,00 денари и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување во износ од 550,00 денари).

- ***Целна група:***
  - ✓ Долгорочно евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица, повозрасни невработени лица (над 55 години) врз основа на искажани потреби на организаторот на јавните работи
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *5000 лица*
- ***Потребни средства:***
  - ✓ 228.980.000 *денари*

***Реализирани активности***

Согласно Оперативниот план, АВРМ формира Проектен одбор кој во рамките на своите надлежности усвојува Критериуми за бодирање и рангирање на проектите, ги разгледува доставените пријави и проекти, подготвува ранг листа на проекти, врши избор на проекти врз основа на критериумите и усвојува Проектна документација за реализација на Програмата за организирање на јавни работи. На

почетокот на месец јуни, АВРМ достави барање до ЗЕЛС, МЛС, МТСП, Кабинетот на потпретседателот на Владата на Република Македонија за економски прашања за номинирање на членови и заменик членови во Проектниот одбор. На ден 03.06.2009 година се одржа првата конститутивна седница на Проектниот одбор на која беа избрани претседател и заменик претседател на Проектниот одбор и беше усвоена содржината на јавниот оглас и Пријавата за организирање на јавни работи.

На ден 05.06.2009 година АВРМ објави јавен оглас во печатените медиуми со кој се повикуваат ЕЛС односно Градот Скопје кои се заинтересирани да учествуваат во активната мерка преку ангажирање на невработени лица за период не подолг од 6 месеци да поднесат Пријава со проект за изведување на јавни работи во работниот клуб на АВРМ -ЦВ на чие подрачје е седиштето на ЕЛС најдоцна до 15.06.2009 година.

На огласот доставени се вкупно 100 пријави со проекти за опфат на 5285 невработени лица. На ден 22.06, 24.06 и 25.06.2009 година, Проектниот одбор ги разгледа доставените пријави со проекти и врз основа на усвоените критериуми за бодирање изврши избор на проекти доставени од ЕЛС односно Градот Скопје и подготви ранг листа од 100 проекти со опфат на 5000 невработени лица кај кои може да се изведуваат јавните работи. Проектниот одбор на унифициран образец за известување ги извести сите ЕЛС и Градот Скопје за одобрените проекти и бројот на невработени лица кои работно ќе бидат ангажирани во одобрените проекти.

Потоа се пристапи кон склучување на трипартитен договор за финансиска поддршка на невработеното лице вклучено во јавни работи, со кои се уредуваат правата и обврските помеѓу ЕЛС односно градот Скопје, центрите за вработување и невработените лица вклучени во јавните работи.

Во текот на месец Август извршена е исплата на 4685 работно ангажирани лица во Јавни работи во вкупен износ од 35.289.322,00 денари за месец Јули.

Во текот на месец Септември извршена е исплата на 4861 работно ангажирано лице во Јавни работи во вкупен износ од 36.625.134,00 денари за месец Август.

Во текот на месец Октомври извршена е исплата на 4856 работно ангажирани лица во Јавни работи во вкупен износ од 36.742.944,00 денари за месец Септември.

Во текот на месец Ноември извршена е исплата на 4983 работно ангажирани лица во Јавни работи во вкупен износ од 37.219.465,00денари за месец Октомври.

Во текот на месец Декември извршена е исплата на 4915 работно ангажирани лица во Јавни работи во вкупен износ од 37.162.959,00 денари за месец Ноември.

Исто така во текот на месец Декември извешена е исплата на 4788 работно ангажирани лица во вкупен износ од 36.351.412,00 денари за месец Декември.

Согласно извадокот од Нацрт- записнокот од Сто и осмата седница на Владата на Република Македонија одржана на 29.09.2009 година, Владата ја задолжи Агенцијата за вработување на Република

Македонија и Министерството за култура за потребите на Министерството за култура дел од лицата кои се ангажирани за Јавни работи согласно Оперативниот план за Активни програми и мерки за вработување за 2009 година, да се ангажираат во проектите за археологија до крајот на оваа година.

Агенцијата за вработување на Република Македонија постапи согласно Заклучокот и во текот на месец октомври и ноември дел од лицата ангажирани за Јавни работи ( **301 лице**) ги ангажираше во проектите за археологија.

Согласно извадокот од Нацрт - записникот од Сто и шеснаесетта седница на Владата на Република Македонија одржана на 20.10.2009 година, МТСП да овозможи ангажирање на 1200 невработени лица од ангажираните 5000 за вршење на Јавни работи во акцијата за пошумување „Денот на дрвото„.

Агенцијата за вработување на Република Македонија постапи согласно Заклучокот и во текот на месец ноември и декември дел од лицата ангажирани за Јавни работи ( **1053 лица**) ги ангажираше во проектот за пошумување „Денот на дрвото„.

Најголем број на невработени лица се ангажирани во месец октомври при што беа исплатени средства за 4983 лица од кои 625 се жени.

***Полова структура на лицата вклучени во јавни работи во 2009 година***

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Мажи | 4358 |
| 2 | Жени | 625 |

## 6. Практиканство како поддршка за прво вработување на млади лица до 27 години и млади лица во завршна фаза на студии

Целта на оваа мерка е да се опфатат млади невработени лица заради стекнување на одредени практични знаења и вештини со што ќе им се овозможи подготвени да се вклучат на пазарот на трудот како и превентивно делување на млади лица кои се во завршна фаза на студии.

***Опис на мерката***

Финансиска поддршка на невработени млади лица до 27 годишна возраст со најмалку завршено средно образование, преку вклучување во програми за практиканство (стажирање) за период од три месеци, заради вработување. За спроведување на оваа мерка, потребни се 5.000 денари за лице месечно (со вклучен персонален данок на доход).

- ***Целна група:***
  - ✓ *Евидентирани невработени млади лица до 27 годишна возраст*
  - ✓ *Студенти во завршна фаза на студии*

- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ *150 лица (до 27 годишна возраст)-**надлежна институција АВРМ***
  - ✓ *500 лица (студенти во завршни години на студии)-**надлежна институција УСАИД***

    *Вкупно: 650 лица*
- ***Потребни средства:***
  - ✓ *2.250.000,00 денари - до 27 годишна возраст и*
  - ✓ *11.250.000,00 денари - студенти во завршна фаза на студии*

    *Вкупно: 13.500.000,00 денари*

***Реализирани активности***

Оперативните упатства за Практиканството како поддршка за прво вработување на млади лица до 27 години која ја спроведува АВРМ и кои вклучуваат изработка јавен оглас, обрасци за пријавување на кандидати и на работодавачи, оперативни насоки, критериуми за селекција, договор за ангажирање на невработеното лице како практикант се изготвени од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден **01.06.2009** година во печатените медиуми **објави јавен оглас** до работодавачите и до заинтересираните млади невработени лица до 27 години со завршено најмалку средно образование за вклучување во програмата за Практиканство од подрачјето на град Скопје. Пријавувањето заинтересираните млади невработени лица до 27 години и заинтересираните работодавачи можеа да го извршат најдоцна до 15.06.2009 година со доставување на пријава до работниот клуб на Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центар за вработување на град Скопје.

На огласот се пријавија **196 практиканти** (со ссс-97, со всо-99) и **92 работодавачи** кои искажаа потреба од 700 практиканти (со ссс-453 , всо-117 и со било кое образование-130).

Во втората половина на месец јуни, Центарот за вработување на Град Скопје ги разгледа пријавите од заинтересираните кандидати и работодавачи и имајќи ги во предвид критериумите за селекција утврдени во оперативните насоки изработи листа на работодавачи и практиканти за понатамошно нивно меѓусебно поврзување. Согласно потребите на работодавачите и бараниот степен на образование, невработените лица по претходно извршено интервју со одговорното лице во Центарот за вработување, беа упатувани кај работодавачите кои го вршат изборот на практиканти и за изборот го известуваат Центарот за вработување. На ден **01.07.2009 година** беа склучени вкупно **120 договори за ангажирање на невработеното лице како практикант** помеѓу Агенцијата за вработување-Центар за вработување на Град Скопје, работодавачот и практикантот.

Заклучно со месец септември, **10** практиканти од различни причини (4 лица заради вработување во други фирми,1 лице заради

предвремено вработување во истата фирма во која ја обавуваше праксата, 2 лица од лични причини и 3 лица поради незадоволство од понудениот ангажман и услови во фирмата) се откажаа од учество во оваа активна мерка при што им беа раскинати потпишаните договори.

До крајот на активната мерка т.е до 30.09.2009 година останаа вкупно **110** практиканти. Во текот на месец октомври 2009 година т.е по завршувањето на практиканството, **15** лица засноваа работен однос од кои 7 лица во фирмите каде беа ангажирани како практиканти а 8 лица се вработија во други фирми.

Со мерката беа опфатени вкупно 120 практиканти, од кои 60 се мажи а 60 се жени до 27 годишна возраст.

| Опфатени лица | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| 120 | 60 | 60 |

За оваа активна мерка потрошени се вкупно **1.711.543,00 денари** со вклучен персонален данок.

Според искажаните податоци може да се каже дека реализацијата на мерката 6 од Оперативниот план на Влада за 2009 година течеше успешно, во целост, работодавачите и невработените лица кои беа вклучени изразија задоволство од реализираната активна мерка како и заинтересираност за повторно вклучување во истата мерка.

Наспроти планираните 150 лица со оваа активна мерка се опфатија 120 лица или (80%) што сепак укажува на успешност на оваа мерка.



## 7. Пилот анкета за слободни работни места

Цел на мерката е обезбедување на фреквентни информации за потребите од работна сила на пазарот на трудот.

Невработени лица во 2 месеци беа ангажирани за телефонско анкетирање на работодавачи за потребите од работна сила преку “мини колцентар“.

- ***Целна група:***
  - ✓ Евидентирани невработени лица од листа на евиденција со високо образование кои се до 6 месеци на листа на невработени лица и работодавачи.
- ***Опфат на корисници:***
  - ✓ 90 невработени лица
- ***Потребни средства:***
  - ✓ 730.000,00 денари

**Надлежни институции за имплементација се:** УСАИД- Проект за деловно опкружување- 370,000.00, УСАИД- Проект за деловно опкружување кон АВРМ- 360,000.00

Ова мерка ја спроведува АВРМ - Центар за вработување Скопје.

***Број на опфатени лица - анкетари***

| *Центар за вработување* | *Број на анкетари* | *Мажи* | *Жени* |
|---|---|---|---|
| Скопје | 89 | 25 | 64 |

***Потрошени финансиски средства***

*За исплата на невработените лица - анкетари потрошени се вкупно* 356,000.00 денари

| *Центар за вработување* | *Број на анкетари* | *Износ за исплата на анкетарите* | *Персонален данок* | *Се вкупно за исплата (3+4)* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Скопје | 89 | 320,400.00 | 35,600.00 | 356,000.00 |
| **ВКУПНО** | **89** | 320,400.00 | 35,600.00 | **356,000.00** |

## 8.Економско јакнење на жени-жртви на семејно насилство

Цел на мерката е обезбедување на услуги за помош на жени-жртви на семејно насилство.

На жени-жртви на семејно насилство ќе им се обезбеди финансиска поддршка за самовработување, обука и преквалификација.

- **Целна група:**
  - ✓ *Невработени жени-жртви на семејно насилство*.
- ***Опфат на корисници:***

- ***Потребни средства:***
  - ✓ 35,000,000.00 денари
- ***Извори на средства:***
  - ✓ УНДП

***Надлежни институции за имплементација:*** УНДП, МТСП, МОН, МВР, МЗ, АВРМ и ЦСР
Беше предвидено оваа мерка да ја спроведе и реализира УНДП. **Мерката ќе се реализира во 2010 година.**

## 9. Програма за поддршка за вработување на Роми

Програмата за поддршка за вработување на Роми се спроведува како активна програма/мерка од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година.

***Цел*** на оваа активна програма за вработување е зголемување на вработувањето на Ромите со цел намалување на сиромаштијата и нивно успешно вклучување на пазарот на трудот.

***Краток опис на програмата*** - Со програмата се организира подготовка за вработување (обука) на невработени лица Роми за познат работодавач.

***Целна група*** - Евидентирани невработени лица Роми

***Опфат на корисници*** - 200 невработени лица Роми вклучени во обука во 2009 година.

***Потребни средства*** - за спроведување на програмата потребни се средства во вкупен износ од 4.800.000,00 денари.

***Извори на средства*** - Министерство за труд и социјална политика

***Надлежни институции за имплементација*** - Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување на Република Македонија и работодавачи.

***Услови и критериуми*** - Со оваа програма се обезбедува поддршка за вработување на евидентирани невработени лица Роми со завршено најмалку осмо одделение и истите треба да се психофизички способни за занимањето односно работното место за кое се обучуваат. За овие лица се организира подготовка за вработување (обука) во период од три месеци со паричен месечен надоместок од по 4.000,00 денари за секое обучувано лице и 4.000,00 денари за работодавачот кај кого се реализира обуката. По завршувањето на обуката работодавачот има обврска да ги вработи лицата кои успешно ја завршиле обуката, на неопределено време и да ги задржи на работа најмалку една година по склучувањето на договорот за вработување.

***Реализација на активностите -*** за потребите на успешната имплементација на оваа програма, беа извршени активности како што е подготовката на јавниот оглас, договорите и другата потребна документација за спроведување на програмата. Исто така за да се обезбеди интерес кај поголем број работодавачи, реализирани се активности за нивно навремено информирање и запознавање со условите и критериумите во врска со спроведувањето на програмата. Одржани се информативни средби во повеќе градови во кои учествуваа претставниците од Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Ромските информативни центри и работодавачите.

Врз основа на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година и Програмата на Владата на Република Македонија 2008-2012, Агенцијата за вработување на Република Македонија на 26.05.2009 година, објави Јавен оглас до работодавачите. Јавниот оглас беше објавен во повеќе печатени медиуми, како и на огласните табли во сите центри за вработување. Со јавниот оглас се повикуваа заинтересираните работодавачи, кои имаат потреба за вработување на Роми (евидентирани невработени лица), со завршено најмалку осмо одделение по пат на обука да се пријават во работните клубови на центрите за вработување на Агенцијата за вработување и да ја достават потребната документација. Според јавниот оглас заинтересираните работодавачи, пријавите за учество во оваа активна мерка за вработување можеа да поднесат најдоцна до 04.06.2009 година во работните клубови на 30-те центри за вработување во Република Македонија. По добиените информации од центрите за вработување, врз основа на согледувањата на одзивот на работодавачите, како и врз основа на барањето на Министерството за труд и социјална политика (допис бр. 14-8148/1 од 08.06.2009 година) траењето на јавниот оглас беше продолжено за уште седум (7) дена со цел да се обезбеди поголем одзив на работодавачите, односно да се овозможи вклучување на поголем број невработени лица Роми во обука заради вработување. Од истите причини, за да

се зголеми можноста за вработување на оваа категорија невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, Министерството за труд и социјална политика до Агенцијата за вработување на Република Македонија достави допис бр. 14-9594/1 од 23.06.2009 со упатство да се им даде можност да бидат вклучени во оваа активна мерка за вработување и на работодавачите кои пројавиле интерес непосредно по завршувањето на јавниот оглас.

Во периодот пред отпочнувањето како и за време на траењето на огласот, центрите за вработување остваруваа контакти со работодавачите заради нивно целосно информирање со цел да се обезбеди поголем одзив од нивна страна. Сите потребни детални информации работодавачите можеа да ги добијат во центрите за вработување како и во Централната служба на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Врз основа на добиените известувања од центрите за вработување, во периодот по објавувањето на јавениот оглас, барања за обука на невработени лица Роми доставиле вкупно 8 работодавачи во 4 центри за вработување. Во останатите центри за вработување работодавачите не пројавиле интерес за учество во оваа активна мерка за вработување.

Комисијата за избор на пријавените работодавачи составена од претставници на Министерството за труд и социјална политика и на Агенцијата за вработување на Република Македонија, на ден 20.07.2009 година изврши избор од пријавените заинтересирани работодавачи врз основа на доставеното барање, програмата за обука и другата потребна документација од работодавачите.

Врз основа на извршениот избор одобрена е обука на 6 работодавачи кои доставиле барања во 4 центри за вработување, за вкупно 21 лице:

1. Центар за вработување Виница - 1 работодавач; обука за 1 лице (шивач во конфекција)
2. Центар за вработување Гостивар - 1 работодавач; обука за 2 лица (1шанкер и 1келнер)
3. Центар за вработување Куманово - 2 работодавачи; обука за 5 лица (продавачи на прехранбена стока, алкохол и тутун) и обука за 2 лица (1 келнер и 1 шанкер)
4. Центар за вработување на град Скопје - 2 работодавачи; обука за 10 лица (шивачи на кондури на машина) и обука за 1 лице (работник за боење и шмирглање на мебел).

По извршениот избор на работодавачите, во текот на месец август, центрите за вработување спроведоа посредување за искажаните потреби од работници од избраните работодавачи и беше направена селекција на евидентираните невработени Роми кои ќе бидат вклучени во обука заради вработување. Исто така отпочнаа и активностите за потпишување на изјава за согласност за вклучување во обука од страна на невработените лица Роми, потпишувањето на договорите за спроведување на обуката помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија (Центар за вработување) и работодавачите, вклучување на невработените лица во обука заради вработување и другите планирани активности за оваа

програма, согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2009 година.

Во месец септември, во тек беше реализацијата на 4 обуки со вклучени вкупно 10 невработени лица од центрите за вработување Виница, Гостивар и Куманово. Во овој период Центарот за вработување на град Скопје вршеше селекција на невработените лица Роми за вклучување во обуки.

Во месец октомври се спроведуваа обуки кај сите 6 работодавачи на кои им беа одобрени обуките за невработените лица Роми евидентирани во Центарот за вработување на град Скопје и центрите за вработување Виница, Гостивар и Куманово. Беа завршени обуките за потребите на работодавачите од Виница (1 работодавач: обука на 1 невработено лице - шивач во конфекција) и Гостивар (1 работодавач: обука на 2 невработени лица - 1шанкер и 1келнер). Продолжи реализацијата на 4 обуки: 2 во Куманово и 2 во Скопје.

Во текот на ноември завршија уште 2 обуки за двајца работодавачи во кои беа вклучени вкупно 7 невработени лица од евиденцијата на невработени лица во Центарот за вработување Куманово (1 работодавач: обука за 5 лица продавачи и 1 работодавач: обука за 2 лица - 1 келнер и 1 шанкер). Продолжи спроведувањето на преостанатите 2 обуки за 2 работодавачи во Скопје. и тоа кај еден работодавач се спроведуваше обука за 1 лице - работник за боење и шмирглање на мебел, додека кај вториот работодавач се спроведуваше обука за 5 невработени лица (намален е бројот на лицата вклучени во обука, од планираните 10 лица) за шивачи на кондури.

Во декември продолжи спроведувањето на преостанатите 2 обуки за 2 работодавачи во Скопје. Кај еден работодавач на крајот на декември заврши обуката во која беше вклучено 1 лице - работник за боење и шмирглање на мебел, додека кај вториот работодавач продолжи да се спроведува обуката за 5 невработени лица за шивачи на кондури и истата заврши во јануари 2010 година.

*Реализацијата на програмите за подготовка за вработување - обука*

*во рамките на Програмата за поддршка за вработување на Роми*

| Број на Центри за вработување вклучени во спроведување на Програмата | Број на спроведени обуки/работодавачи | Број на опфатени лица со обуките | | | Број на вработени лица кои ги завршиле обуките |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Мажи | Жени | |
| 4 | 6 | 16 | 6 | 10 | 10 |

**Состојба 31.12.2009 година*

Во рамките на спроведувањето на оваа активна мерка за вработување беа спроведени вкупно 6 обуки за потребите на 6 работодавачи. Во обуките беа вклучени вкупно 16 невработени лица Роми. По завршувањето на обуките 10 лица (од кои 6 се жени), засновале работен однос на неопределено време кај работодавачите. Од нив едно лице по свое барање поради лични причини го раскинало работниот однос кај работодавачот кај кој се обучуваше. Согласно потпишаните договори, следат уште вработувањата на 6 лица кои посетувале обука кај двајца работодавачи од Скопје кај кои обуките започнаа подоцна.

Центрите за вработување редовно го следеа спроведувањето на обуките кај работодавачите.

Министерството за труд и социјална политика вршеше исплата на паричен месечен надоместок за работодавачите и за невработените лица вклучени во обуките, согласно Оперативниот план и потпишаните договори со работодавачите, а врз основа на добиените месечни извештаи од работодавачите.

## *Проект за самовработување со кредитирање*

Проектот за самовработување со кредитирање е проект на Владата на Република Македонија. Цел на проектот е на заинтересираните невработени лица кои сакаат да го легализираат својот неформален бизнис или да започнат сопствен бизнис, да им се овозможи поволен кредит со што ќе се отворат нови работни места со цел самовработување.

Со проектот предвидена е и едукативна и техничка поддршка за започнување и регистрирање на сопствен бизнис. Се проектот се предвидува да се остварат 2000 вработувања годишно.

***Целни групи се:***

А. Невработено лице евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија најмалку една година;

Б. Невработено лице евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија најмалку 6 месеци и тоа:

1. *Млади лица до 27-годишна возраст;*
2. *Невработено лице кое е корисник на паричен надоместок по основ на невработеност и во моментот на поднесување на барањето за кредит да има користено паричен надоместок најмалку 6 месеци;*
3. *Лица на возраст над 55 години.*

Корисници на кредит може да бидат физички лица кои се евидентирани во АВРМ како невработени.

### *Услови за кредитирање*

- За секое новоотворено работно место да се доделат 3.000 Евра (во опрема и/или пари), при што ќе се финансираат проекти со најмногу 5 работни места, односно до 15.000 евра.
- Рок на враќање на средствата да биде 3 години;
- Каматна стапка од 1% на годишно ниво;
- Грејс период од 1 година;
- Сопствено учество на корисникот од најмалку 25% од вкупната вредност на проектот (во вид на опрема, предмети и/или пари);
- Корисникот мора да обезбеди гаранција за поврат на средства со хипотека во однос 1:1, со одобрениот кредит, или емство со најмалку еден жирант.

Дополнителни 1000 евра за вработување на лица прогласени за технолошки вишок, невработени по основ на стечај и ликвидација или лица невработени повеќе од 5 години.
Овој проект се реализира во четири фази:

1. Промоција, избор на деловни банки (само во првиот циклус) и прием на апликации;
2. Избор на најдобрите бизнис идеи и бизнис планови,
3. Обука за започнување на бизнис и регистрирање на деловните субјекти; и
4. Обезбедување на кредитите преку деловни банки.

### *Основни насоки*

Проектот ги вклучува следниве активности:

- Аплицирање преку Јавен оглас.
  Аплицирањето опфаќа образец ***Барање*** за доделување на кредит и ***Мини бизнис план*** кои мора секој апликант да ги пополни и достави до ЦВ.
  Пријавување на заинтересираните кандидати се врши преку 30 центри за вработување.
- Секој апликант мора да задоволи одредени утврдени критериуми. Оние кои не ги исполнуваат утврдените критериуми ќе бидат дисквалификувани од понатамошните активности во проектот.
- Едно кредитно барање значи основање на еден деловен субјект, т.е. едно правно лице.
- Секој кандидат ќе добие информација за правата и обврските за учеството во проектот.
- Откако учесниците ќе преминат во чекорот регистрирање на бизнисите и вработување во рамките на проектниот циклус, ќе бидат избришани од евиденцијата на невработени лица на АВРМ.
  Корисникот на кредитот не може да се пријави како невработен се додека кредитот не биде целосно исплатен.

- Кредитните средства ќе можат да се искористат за готовински плаќања.
- Бизнис плановите мора да бидат реални и одржливи. Спроведувањето на сите бизнис планови мора да биде остварливо.
- Предност ќе им се дава на бизнис плановите кои ќе покажат повисоко ниво на одржливост на бизнисот.

***Селекција на кандидати***

Селекција на кандидатите се врши според претходно утврдени критериуми од Управен одбор на проектот, во неколку фази:

1. Со специјално изработен **софтвер** во моментот на поднесување на барањето
    - *во однос на припададност на целните групи;*
2. Од **Комисија на центар за вработување**
    - *по извршената посета за утврдување на фактичката состојба во однос на пополнетиот Мини бизнис план, се врши оценка според претходно утврдени критериуми од Управниот одбор на проектот;*
3. Од **Агенцијата за поддршка на претприемништво на РМ**
    - *врши оценка на бизнисот према описот во Мини бизнис планот според претходно утврдени креитериуми од Управниот одбор на проектот;*
    - *врши рангирање на бизнисите;*
4. **Централна комисија** од 9 члена составена од преставници од Кабинетот на заменик претседател на Владата за економски прашања, министерствата, АВРМ, АППРМ и МБПР
    - *го сумира мислењето на Комисиите при центрите за вработување и оценките од АППРМ во предлог ранг листа и ги доставува до Управниот одбор за конечно одобрување;*
5. **Управен одбор на проектот** од 5 члена составен од претставници од Кабинетот на заменик претседател на Владата за економски прашања, МТСП, АВРМ, АППРМ и МБПР
    - *донесува конечна одлука за одобрување на проектите кои финасиски ќе бидат поддржани;*
6. **МБПР** не врши селекција но преставува последен филтер во однос на обезбедената гаранцијата на кредитот од кредитобарателот.
    - *гаранцијата на кредитот (жирант, хипотека)*

***Институции вклучени во имплементација на Проект за самовработување со кредитирање* се:**

- Агенција за вработување на Република Македонија;
- Агенција за поддршка за претприемништво на Република Македонија;
- Владата на РМ и одделни министерства преку учество во работата на Управниот одбор и Централната комисија.
- Македонска банка за поддршка на развојот

Постапката за одобрување гаранција за поврат на кредитот и подигнување на кредитот, се реализира преку деловните банки: НЛБ Тутунска банка, Охридска банка и Инвест банка.

**1. *Реализирани активности***

- Управниот одбор на Проектот за самовработување со кредитирање одлучуваше по поднесените барања за Проектот *за самовработување со кредитирање* на 10 седници одржани во 2008 година и 3 седници одржани во 2009 година;

- Во текот на 2008 и 2009 година односно до 31.12.2009 година, Управениот одбор на проектот одлучувал по **6727** поднесени барања за вработување на **8037** лица од кои одобрени се **4381** барање за вработување на **5229** лица;

- Договори помеѓу АВРМ и кредитобарателите потпишани се со 3623 кредитобаратели за вработување на 4311 лица;;
  Во тек е потпишување на договори за кредит помеѓу АВРМ и кредитобарателите по одобрените кредити од последната седница на Управен одбор одржана на 23.12.2009 година.

- Со **334** кредитобаратели за вработување на **408** лица на кои кредитот им е одобрен до 30.05.2008 година а до 25.09.2008 година не го подигнале кредитот, договорот е раскинат согласно заклучокот на Владата на РМ;

- До 31.12.2009 година од одобрените барања, потпишани и испратени до банка се **3277** договори за вработување на **3887** лица во вкупен износ од **11,839,000** евра.
  Во тек е испраќање на потпишани договори по одобрените кредити од последната седница на Управен одбор одржана на 23.12.2009 година до деловните банки, со цел регулирање на гаранцијата за поврат на кредитот и исплата.

- Во текот на 2008 и 2009 година односно до 31.12.2009 година, регистрирале фирма, се самовработиле и подигнале кредит **2789** кредитобаратели за вработување на **3310** лица во вкупен износ од **617,449,621.00** денари према приложената табела ;

| р.б. | Деловна банка | Број подигнати кредити | Вкупен износ на подигнати кредити |
|---|---|---|---|
| 1 | *НЛБ Тутунска банка* | 1938 | 431,591,510.00 |
| 2 | *Охридска банка* | 575 | 126,597,751.00 |
| 3 | *Инвест банка* | 276 | 59,260,360.00 |
| **Вкупно:** | | **2789** | **617,449,621.00** |







Од 3310 лица за кои е подигнат кредит, 93.96% или 3110 се од целна група *Лица невработени најмалку 1 година* и 68.55% се мажи.



Во вкупно подигнатите 2789 кредити на територијата на Република Македонија, застапеноста на дејности во одобрените бизниси е следна: 42,81% земјоделство, шумарство и лов, 19,00% трговија, 13,12% други комунални, културни, општи и услужни дејности, 10,58% преработувачката индустрија итн.




*Во тек е одобрување на гаранција за поврат на кредитот од деловните банки за останатите кредитобарателите кои потпишале договор, регистрација на фирма, самовработување и подигнување на кредит.*

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ОД ПОСЕБНИОТ ФОНД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ИНВАЛИДНИТЕ ЛИЦА ВО 2009 ГОДИНА*

## Законски предуслови

Посебните услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица се уредени со Законот за вработување на инвалидни лица ( Службен Весник на РМ бр.44/2000; 16/2004; 62/2005; 113/2005; 88/2008; 161/2008 и 99/2009), додека условите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд се пропишани со Правилникот за критериумите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидните лица (Службен весник на РМ бр.156/2008).

Согласно овие акти, во рамки на расположливите финансиски средства од Посебниот фонд се доделуваат неповратни средства за:

1. вработување на инвалидно лице на неопределено време;
2. адаптација на работно место;
3. набавка на опрема и
4. работно оспособување на инвалидни лица заради вработување,

Заради финансирање на работите за подобрување на условите по горенаведените основи од вкупно остварените средства од постојниот придонес за вработување се издвојуваат 10% на потсметката во Агенцијата за вработување на РМ (Посебнен фонд) најдоцна до 30 во месецот за претходниот месец.

Донесувањето на Решенијата за доделување на средства од Посебниот фонд е во надлежност на Управниот одбор на Агенцијата за вработување, согласно член 16 став 5 од Законот за вработување на инвалидни лица.

Против решението на Управниот одбор на Агенцијата за доделување на средствата од Посебниот фонд, може да се изјави жалба до министерот за труд и социјална политика во рок од осум дена од денот на добивањето на решението.

## Поднесени барања за доделување финансиски средства

Во периодот од 01.01 – 31.12.2009 година до Агенцијата за вработување на Република Македонија беа доставени **354** барања за доделување неповратни средства од Посебниот фонд, од кои **294**барања за вработување на (446) инвалидни лица на неопределено време, само **3** барања за адаптација на работно место и **57** барања по основ набавка на опрема.

Во текот на извештајниот период, на седниците на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија согласно

финансиските можности хронолошки се решаваше за вкупно **363** барања кои беа доставени во текот на 2007, 2008 и 2009 година. Од вкупно решените барања

- **311** ги исполнуваат сите услови согласно Законот и Правилникот; а
- **52** барања се одбиени поради неисполнување на условите.

## 1. Вработување на инвалидни лица

Во периодот од 01.01 - 31.12.2009 година од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија решени се вкупно **288** барања, при што

- 256 - ги исполнуваат условите за доделување средства (за 432 лица),
- 32 - се одбиени, поради неисполнување на условите предвидени со Законот и Правилникот;

## 2. Адаптација на работно место

Во текот на извештајниот период, по основ на адаптација на работно место се решаваше за **3** поднесени барања до Посебниот фонд кои не ги исполнија условите предвидени со Законот и Правилникот па од тие причини се одбиени.

## 3. Набавка на опрема

По основ набавка на опрема, на седниците на Управниот одбор беа решени вкупно **70** барања, од кои:

- 54 - ги исполнуваат условите за доделување средства, а
- 16 - се одбиени поради неисполнување на условите предвидени со Законот и Правилникот;

## 4.Работно оспособување на вработени и невработени инвалидни лица

Во текот на извештајниот период по основ работно оспособување на невработени инвалидни лица решени се **2** барања од кои Управниот одбор на Агенцијата за **1** се изјасни позитивно додека **1** не ги исполуваше условите предвидени со Законот и Правилникот па од тие причини е одбиено.

## Поднесени жалби до министерот за труд и социјална политика

Во овој период, по веќе донесените Решенија за доделување средства од Посебниот фонд од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување беа поднесени вкупно **25** жалби од правните субјекти, кои

заедно со останатата документација беа доставени до Министерството за труд и социјална политика, заради нивно второстепено рашавање, согласно чл.16 став 6 од Законот за вработување на инвалидни лица. Од тие, одбиени се **14** жалби како неосновани, **7** се уважувани, а за **4** жалби решено е согласно член 235 од Законот за општа управна постапка од страна на Управниот одбор на Агенцијата.

# Финансиски средства

***ОБЕЗБЕДЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА***

Согласно член 15 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица, заради финансирање на работите за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица, адаптација на работно место и набавка на опрема на потсметката на Агенцијата за вработување (Посебен фонд) за буџетската 2009 година испланирани се **183.500.000,00** денари. На 31.12.2008 година салдото на оваа потсметка изнесуваше **26.383.979,50** денари. Вкупно реализирани средства за овој период е износот од **155.190.212,00** денари.

***ИЗНОС НА ДОДЕЛЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА***

За вкупно позитивно решените барања беа одобрени средства во износ од **198.450.329,00** денари, и тоа за:

- вработување на 432 инвалидни лица доделени се средства во износ од **115.579.500,00** денари (58% од вкупно доделените средства);
- набавка на опрема доделени се средства во износ од **82.795.829,00** денари (41% од вкупно доделените средства); и
- работно оспособување на невработени инвалидни лица одобрени се средства во износ од **75.000,00** денари (0.03% од вкупно доделените средства).

***ИЗНОС НА ДОДЕЛЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ВО 2007***

Во текот на извештајниот период за поднесени барања во 2007 година доделени се вкупно **27.811.861,00** денари за вкупно решени 25 барања, и тоа за:

- вработување на (**11**) лица доделени се **2.789.740,00** денари за решени 7 барања и
- набавка на опрема доделени се средства во износ од **25.022.121,00** денари за решени 18 барања.

***ИЗНОС НА ДОДЕЛЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ВО 2008***

За период од 01.01.2008 до 31.12.2008 година решени се вкупно 277 барања во износ од **165.346.748,00** денари и тоа за:

- вработување на (**403**) лица доделени се вкупно **107.498.040,00** денари за решавање на 240 барања;
- набавка на опрема доделени се средства во износ од **57.773.708,00** денари за решени 36 барања; и

- работно оспособување на вработени инвалидни лица решено е само едно барање поднесено во текот на 2008 година во износ од **75.000,00** денари.

***ИЗНОС НА ДОДЕЛЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ВО 2009***

За период од 01.01.2009 до 31.12.2009 година решени се вкупно 9 барања и тоа за:

- вработување на (**18**) инвалидни лица доделени се средства во износ од **5.291.720,00** денари.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ (ОБУКА, ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА ИЛИ ДОКВАЛИФИКАЦИЈА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.12.2009 ГОДИНА

Едно од правата на осигурување во случај на невработеност уредено со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност е правото на подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација). Со ова право се овозможува стекнување и дополнување на знаењата на невработените и други лица заради нивно вработување.

Начинот, условите и постапката за остварување на ова право се уредени со Правилникот за обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица („Сл. весник на РМ„ бр. 30/2001, 24/2005, 146/2007 и 53/2009).

Согласно Правилникот, Агенцијата за вработување на Република Македонија дава согласност за реализирање на подготовката за вработување врз основа на доставено Барање од страна на работодавачот.

Обврска на работодавачот е да заснова работен однос на неопределено време со најмалку 70% од вклучените лица во подготовката за вработување, и истите не може да ги отпушти од работа најмалку една година.

Подготовката за вработување се спроведува преку месечно партиципирање во трошоците на работодавачот во износ од 2.000,00 денари по невработено лице и парична помош на невработеното лице вклучено на подготовка за вработување во износ од 4.000,00 денари до 28.02.2009 година. Од 01.03.2009 година АВРМ месечно партиципира во трошоците на работодавачот во износ од 3.000,00 денари, а паричната помош на невработеното лице вклучено на подготовка за вработување е во износ од 4.400,00 денари согласно Правилникот за изменување на Правилникот за обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица („Сл.весник на РМ" бр.53/2009).

**Вкупниот број на невработени лица кои биле вклучени на подготовка за вработување** (обука, преквалификација или доквалификација) во 2009 година, вбројувајќи ги: лицата кои биле вклучени во реализацијата на програмите што започнале во 2008 а завршиле во 2009 година (139), лицата вклучени во програмите чија реализација започнала и завршила во 2009 година (181) и оние чија подготовка е во тек (63), **изнесува 383 невработени лица од кои 302 се жени.**

**Бројот на лица кои ја завршиле подготовката за вработување е 268, а засновале работен работен однос на неопределено време 245 лица.** Од вработените (245), 207 се жени или изразено во проценти 84,49%. Од вкупнот број на вработени лица (245), сеуште во работен однос се 219 лица.

За потрошените финансиски средства за реализација на програмите за подготовка за вработувањео во извештајниот период, Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе има конечна состојба по изготвување на завршната сметка за 2009 година.

Анализа на добиените податоци за реализираните програми за подготовка за вработување може да се изврши според неколку критериуми, како што се дејноста на работодавачот и реализација на подготовките за вработување според центрите за вработување.

Според дејноста на работодавачот, најголем број невработени лица биле вклучени на подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација) во текстилната индустрија, по што следат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 266 | - | производство на текстил и текстилни производи | (69,45%) |
| 27 | - | производство на обувки | (7,05%) |
| 26 | - | производство на прехрамбени производи | (6,79%) |
| 24 | - | производство на производи од пластични маси | (6,27%) |
| 40 | - | останати дејности | (10,44%) |



Графичкиот приказ ја потврдува констатацијата дека најголем број невработени лица биле вклучени на подготовка за вработување во текстилната индустрија.

Во изминатата година беше дадена согласност за реализација и спроведување на 33 програми за подготовка за вработување во **11** центри за вработување, а тоа се следните:

| | |
|---|---|
| Велес | 131 (34,20%) |
| Прилеп | 50 (13,05%) |
| Битола | 49 (12,79%) |
| Штип | 45 ( 11,75%) |
| Пробиштип | 30 ( 7,83%) |
| Скопје | 25 ( 6,53%) |
| Свети Николе | 20 ( 5,22%) |
| Крива Паланка | 15 ( 3,92%) |
| Делчево | 8 ( 2,09%) |
| Гостивар | 5 ( 1,31%) |
| Куманово | 5 ( 1,31%) |




**Во споредба со 2008 година кога бројот на лицата вклучени во подготовка за вработување изнесува 2543, во изминатата 2009 година бројот на овие лица се намалил на 383. Бројот на лицата кои засновале работен однос по завршување на подготовка за вработување во 2009 година е 245 и е намален во однос на 2008 година кога овој број изнесувал 1829.**



П Р Е Г Л Е Д

за реализација на програмите за подготовка за вработување (обука, преквалификација или доквалификација) за периодот од 01.01 - 31.12.2009 год. и тоа: за програмите за подготовка за вработување чија реализација отпочнала во 2008 година а завршила во 2009 година, програмите чија реализација отпочнала и завршила во 2009 година и програмите за подготовка за вработување чија реализација отпочнала во 2009 година и е во тек

| Р. бр | Центар за вработување | Бр. на прогр ами | Име на работодавач | Вид на подготовка | Работно место | Период на подгото вка (од-до) | Број на вкучени лица | | Број на лица кои ја завршиле подг. | | Број на вработени лица | | Дата на вработување | Број на лица кои се сеуште во работен однос | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Се | жени | Се | жени | Се | жени | | Се | жени | |
| 1 | Битола | 1 | ДООЕЛ Мелоне | преквалификација | продавач | 19.12.2008 18.03.2009 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 23.03.2009 | 3 | 3 | |
| | | 2 | ДОО Фалко | обука | плетач | 15.04.2009 14.07.2009 | 30 | 29 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21.07.2009 | 12 | 12 | за 7 -вратени средства, 2-напуштија |
| | | 3 | ДОО Фалко | обука | плетач | 23.06.2009 22.09.2009 | 16 | 13 | 12 | 10 | 8 | 6 | 28.09.2009 | 4 | 2 | за 3-вратени средства, 1-напушти |
| 2 | Велес | 4 | Елина | преквалификација | конфекциски шивач | 01.11.2008 31.01.2009 | 11 | 10 | 11 | 10 | 11 | 10 | 10.02.2009 | 11 | 10 | |
| | | 5 | Алена | обука | конфекциски шивач | 16.11.2008 15.01.2009 | 35 | 33 | 34 | 32 | 34 | 32 | 01.02.2009 | 34 | 32 | со продолжување на обука |
| | | 6 | Ти-Фи | преквалификација | конфекциски шивач | 15.01.2009 15.04.2009 | 11 | 11 | 8 | 8 | 8 | 8 | 13.05.2009 | 8 | 8 | |
| | | 7 | Вемед | преквалификација | оператор | 15.01.2009 15.04.2009 | 3 | 1 | 3 | 1 | 3 | 1 | 15.04.2009 | 3 | 1 | |
| | | 8 | Алена | обука | конф. шивач | 15.02.2009 15.05.2009 | 12 | 10 | 10 | 9 | 8 | 7 | 20.05.2009 | 7 | 7 | |
| | | 9 | Елина | преквалификација | конф. шивач | 15.07.2009 14.10.2009 | 10 | 9 | 8 | 7 | 7 | 7 | 21.10.2009 | 7 | 7 | |
| | | 10 | Алевадо | преквалификација | машински работници | 01.10.2009 31.12.2009 | 12 | 4 | 8 | 1 | | | | | | |
| | | 11 | Вемед | преквалификација | оператор | 05.11.2009 04.02.2010 | 12 | 12 | | | | | | | | во тек |
| | | 12 | Алена | обука | конф. шивач | 09.11.2010 08.02.2010 | 25 | 25 | | | | | | | | во тек |
| 3 | Гостивар | 13 | Сурај-Хит | обука | конфекциски шивач | 01.12.2008 28.02.2009 | 5 | 4 | 5 | 4 | 4 | 3 | 16.03.2009 | 4 | 3 | |
| 4 | Делчево | 14 | Бонд | обука,преквалификација | сновач | 01.12.2008 28.02.2009 | 6 | 3 | 6 | 3 | 6 | 3 | 16.03.2009 | 5 | 3 | |
| | | 15 | Бомила-Шпед | преквалификација | произ.на бели печива | 01.07.2009 30.09.2009 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 08.10.2009 | 1 | 1 | |
| | | 16 | Валпром | преквалификација | припрема на боја | 01.12.2009 28.02.2010 | 1 | 0 | | | | | | | | во тек |
| 5 | Прилеп | 17 | Тритекс Трејд | обука | конфекционер | 15.12.2008 14.03.2009 | 20 | 20 | 19 | 19 | 19 | 19 | 20.03.2009 | 18 | 18 | 1 одјавена самоволно |
| | | 18 | Тритекс Трејд | обука | трикотажер | 01.06.2009 31.08.2009 | 25 | 23 | 23 | 21 | 23 | 21 | 04.09.2009 | 23 | 21 | |
| | | 19 | Трио 95 ДОО | обука | произведувач на тестенини | 25.09.2009 24.12.2009 | 5 | 5 | 5 | 5 | | | | | | во тек |
| 6 | Крива Паланка | 20 | Ала Конфекции | обука | конфекционер | 01.03.2009 31.05.2009 | 15 | 14 | 11 | 11 | 11 | 11 | 01.06.2009 | 8 | 8 | |
| 7 | Куманово | 21 | Золар | обука | вулканизер | 01.06.2009 31.08.2009 | 5 | 0 | 5 | 0 | 4 | 0 | 09.09.2009 | 4 | 0 | |
| 8 | Пробиштип | 22 | Амика | обука | конфекционер | 10.10.2008 09.01.2009 | 15 | 15 | 13 | 13 | 13 | 13 | 16.01.2009 | 8 | 8 | |
| | | 23 | Делта текстил | обука | конфекционер | 01.11.2008- 31.01.2009 | 15 | 15 | 13 | 13 | 13 | 13 | 03.02.2009 | 13 | 13 | |
| 9 | Свети Николе | 24 | МИК ДОО | преквалификација | преработка на месо | 01.11.2009 31.01.2010 | 6 | 1 | | | | | | | | во тек |
| | | 25 | МИК ДОО | преквалификација | преработка на месо | 01.12.2009 28.02.2010 | 14 | 2 | | | | | | | | во тек |
| 10 | Скоп је | 26 | Макстил | преквалификација | дигалкари | 20.11.2008 19.02.2009 | 6 | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 | 01.03.2009 | 4 | 0 | |
| | | 27 | Геталдус | обука | оптичар | 01.11.2008 31.01.2009 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 05.02.2009 | 2 | 2 | |
| | | 28 | Унија Пак | обука | преработувач на вештачки маси | 01.07.2009 30.09.2009 | 9 | 4 | 6 | 2 | 6 | 2 | 06.10.2009 | 6 | 2 | |
| | | 29 | Дна Фактори | обука | изработка на горни делови на обувки | 01.08.2009 31.10.2009 | 8 | 7 | 6 | 5 | 6 | 5 | 09.11.2009 | 6 | 5 | |
| 11 | Штип | 30 | Амарис-Степ | обука | чевлар | 16.06.2009 15.09.2009 | 19 | 16 | 15 | 12 | 14 | 11 | 19.10.2009 | 13 | 10 | |
| | | 31 | Техногума | обука | гумар | 01.10.2009 31.12.2009 | 5 | 0 | | | | | | | | во тек |
| | | 32 | Ти-стајл | обука | конфекционер | 20.10.2008 19.01.2009 | 15 | 10 | 10 | 8 | 10 | 8 | 01.02.2009 | 10 | 8 | |
| | | 33 | Техногума | обука | гумар | 01.12.2008 28.02.2009 | 6 | 0 | 6 | 0 | 6 | 0 | 09.03.2009 | 5 | 0 | |
| **ВКУПНО** | | | | | | | **383** | **302** | **268** | **221** | **245** | **207** | | **219** | **184** | |

## *Професионална ориентација*
## *Извештај за спроведените активности во 2009 година*

Во рамките на редовните активности на Агенцијата за вработување на Република Македонија се реализираат и активностите за професионална ориентација, при што центрите за вработување во текот на 2009 година ги даваа следните услуги и помош при изборот на занимањата и вработувањето:

- Информирање за карактеристиките на занимањата, можностите за продолжување на образованието во средните и високообразовните установи, потребите од одделни занимања и можностите за вработување и др.;
- Професионална ориентација и советување - советување врз основа на испитувањето на професионалните интереси, општи и специфични способности и други карактеристики на личноста на клиентите;
- Професионална селекција - селекција на кандидати за обука, преквалификација или доквалификација и помош на работодавците при изборот на кандидатите за нови вработувања.

Активностите за професионалната ориентација во 2009 година беа застапени во Центарот за вработување на град Скопје и во дејноста на центрите за вработување со меѓуопштински тимови: Битола, Велес, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово и Штип, кои овие функции ги обезбедуваа за овие и останатите центри за вработување кои ги опфаќаат овие тимови.

Од службата за професионална ориентација во сите центри за вработување вкупно беа реализирани услуги за 21342 невработени лица од кои 12433 жени. Според бројот на опфатени корисници на услугите најзастапена активност беше професионалното информирање, додека во помал обем беа застапени активностите за професионална ориентација (советување врз основа на испитување на способностите на лицата) и професионаланата селекција на кандидатите.




Во рамките на професионалното информирање беа реализирани следните видови активности за 17557 (9968 жени) лица:

- Професионално информирање на 11464 ученици (ж-6301) од основно и средно образование, 5248 (ж-3099) невработени и 845(ж-568) вработени лица.
- Организација на трибини за учениците во врска со изборот на идните занимања и нивниот понатамошен професионален развој.
- Подготовка на информативни материјали во врска со изборот на занимањата, состојбите на пазарот на трудот, вработувањето и потребите на работодавачите од работна сила, за потребите од информирање на невработени лица, вработени лица, ученици, работодавачи и образовни установи).

Со професионалното советување и ориентација беа опфатени вкупно 2031 (1209 жени) лица и се состоеше од примена на интервју, испитување (тестирање со психодијагностички техники) и професионално советување како помош при изборот на занимањата и планирање на кариерниот развој:

- Психолошко испитување на ученици од завршните одделенија од основните и средните училишта (испитување на менталната зрелост на учениците со примена на техники за испитување на општи и специфични интелектуални способности, испитување на професионални интереси, примена на прашалници за испитување на семејни услови, односи и релации, техники за проценка на личноста и друго) и индивидуално советување - 1373 (ж-841) ученици.
- Професионално советување и ориентација на евидентирани невработени лица со цел да добијат помош при изборот на идното занимање со обука,

преквалификација или доквалификација-597(ж-361) невработени и 61(ж-7) вработени лица.

Со професионалната селекција за потребите на работодавачите за вработување или вклучување во разни видови обуки заради вработување, беа опфатени вкупно 1969 (1374 жени), од кои 1943 (ж-1362) невработени лица. Исто така во оваа активност беа вклучени 18 (ж-9) ученици и 8(ж-3) вработени лица.

Од вкупниот број на лица кои добиле некоја од услугите за професионална ориентација 400 лица (184 жени) засновале работен однос во текот на 2009 година. Ефектите од овие услуги се долгорочни и треба да допринесат за успешно планирање на професионалниот развој и зголемување на можностите за вработување во наредниот период.

Еден од приоритетите за развој во 2009 година беше постојано развивање и доопремување на службата за професионална ориентација во центрите за вработување, зголемување на бројот на нејзините корисници, развој и зголемување на бројот на активностите, нивно непосредно поврзување со образовниот систем и потребите на пазарот на трудот, како и поголема координација со потребите на другите служби од Секторот за активни политики за вработување. Вработените во текот на 2009 година добија и обука во врска со воведувањето на нов модел на услуги во работењето на оваа служба.

Врз основа на согледаните потреби од анализата на развиеноста на оваа служба во центрите за вработување и реалните потреби на пазарот на трудот, службата ќе продолжи да се зајакнува со:

- Постојано унапредување на квалитетот на услугите од областа на професионалната ориентација, во согласност со актуелните состојби на пазарот на трудот и потребите на образованието.
- Унапредување и зголемување на бројот на активностите кои ќе бидат насочени кон потребите на евидентираните лица кои бараат вработување.
- Унапредување и зголемување на бројот на активностите кои ќе бидат насочени кон потребите на работодавачите (професионална селекција на кандидатите за вработување).
- Унапредување на човечките ресурси за потребите на оваа служба низ разни видови обуки.
- Воведување на нови активности и методологија (тестови и техники) во рамките на професионалната ориентација.
- Унапредување на опременоста на оваа служба во центрите за вработување со потребната литература, информативни материјали и друго.
- Планирање на нови активности со кои професионалната ориентација ќе се развива врз нови европски модели со се поголем број на активности за успешно кариерно насочување и водење.

# Работни клубови
## Извештај за спроведените активности во 2009 година

Во центрите за вработување во Агенцијата за вработување на Република Македонија во текот на 2009 година, како една од редовните активности се реализираше и програмата за советување за вработување во работните клубови.

Целта на активностите во работните клубови во центрите за вработување е да се поттикнува иницијативата и да се зајакнуваат капацитетите на лицата кои бараат вработување за успешно претставување на пазарот на трудот, успешно барање работа и вработување.

Корисници на услугите на работните клубови беа сите категории на невработени лица, но и вработени лица и работодавачи.

Со работодавачите беа остварени многубројни средби на кои беа информирани и советувани за активните мерки кои се спроведуваат во Агенцијата за вработување и законската регулатива од областа на вработувањето, беа спроведени истражувања на нивните потреби од работници и други активности. Работодавачите беа корисници на услугите, за информирање во отворените канцеларии како и при спроведувањето на активните програми и мерки за вработување.

Во 2009 година, со активностите на работните клубови беа опфатени вкупно 17361 лице (8253 жени). Голем број од невработените лица биле вклучени во поголем број различни активности, како на пример: едно лице добило услуги во отворената канцеларија, учествувало во работилница и било вклучено во обуки и слично.




*1.1.Број на опфатени лица според староснa структура*




*1.2. Процент  на опфатени лица според староснa структура*




*1.3 .Број  на опфатени лица според степен на образование*




*1.4 . Процент на опфатени лица според степен на образование*

*Реализирани активности:*

За остварување на целите на работните клубови, беа спроведувани повеќе видови активности како што се:

- Отворена канцеларија;
- Работилници;
- Предавања;
- Интервјуа;
- Обуки за компјутери и познавање на странски јазици и
- Индивидуални планови за вработување и други.

Реализираните активности во отворените канцеларии како дел од редовната работа на работните клубови, имаа за цел да им овозможуваат на невработените и други лица кои бараат работа да добијат информации за нивните права и обврски, како и информации од пазарот на трудот.

Со активното учество во работилниците невработените лица кои бараат работа беа вклучени во програми за психолошка помош и поддршка, беа оспособувани за проценка на сопствените интереси, ставови, способности и вештини, добија обука за користење на техники за успешно претставување на пазарот на трудот, беа мотивирани и советувани за можностите за вработување со самовработување и воопшто за остварувањето на активна улога во решавањето на проблемот на невработеноста.

Како дел од обуката и советувањето беа организирани и одржани предавања на различни теми кои беа прилагодувани кон нивните потреби и интереси. За предавачи покрај вработените во бироата за вработување во мал дел од центрите за вработување беа ангажирани и надворешни стручни лица, од различни профили.

Беа изработувани ииндивидуални планови за вработување за невработените лица со кои им се помагаше при планирањето на процесот на барање работа.

Во работните клубови беа организирани обуки за вештини со кои цел да се зголемат вештините за странски јазици и компјутери. Со оглед на барањата на пазарот на трудот, оспособувањето на овие невработени лица за познавање на странски јазици и работа на компјутери, значително може да влијае на зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и зголемување на нивните можности за вработување. Исто така во работните клубови невработените лица добија и обуки за подготовка за отпочнување на сопствен бизнис.

Во работните клубови се спроведуваа и активности за спроведување на активните програми и мерки за вработување од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година и други активни мерки за вработување, како и

активностите на проектите за зголемување на вработувањето во кои е вклучена Агенцијата за вработување.

Покрај овие активности во работните клубови беа организирани и многубројни средби помеѓу работодавачите и невработените лица со цел посредување за вработување, се спроведуваа интервјуа и други активности.

Обемот, бројот и видот на активностите, како и другите аспекти од работата на работните клубови беа прилагодени кон специфичностите на центрите за вработување, кон нивната опременост, кадровскиот потенцијал и потребите на невработените лица кои ги користеа нивните услуги. За унапредување на квалитетот на активностите и за зголемување на нивниот број потребно е зајакнување на човечките ресурси и подобрување на просторните услови и опремата во дел од работните клубови. Во најголем дел од центрите за вработување, работните клубови имаат добро опремени простории за успешно спроведување на планираните активности.

*Ефекти од работењето на работните клубови*

Од вкупниот број 17361 лице кои биле корисници на една или повеќе видови услуги на работните клубови во текот на 2009 година, 23% засновале работен однос. Од вкупниот број 3980 лица кои се вработиле, 1754 лица биле жени.

Во однос на вработувањата, особено е важно да се истакне дека ефектите од работата на работните клубови, односно од вложувањето во човечките ресурси низ нивните активности, овозможува долгорочни ефекти кои не се манифестираат веднаш по завршените обуки, предавања или други активности. Оспособувањето на лицата да преземаат иницијативи и зајакнување на нивната мотивација и интерес за активно барање вработување, потпомогнато со советувања и разни видови обуки допринесува за нивно успешно вклучување на пазарот на трудот.

Во текот на 2009 година постојано се следеа и проценуваа ефектите од активноста на работните клубови, низ редовно доставување извештаи од центрите за вработување. Мониторингот и координацијата на нивните активности, допринесуваат кон зголемувањето на бројот на учесниците во активностите, нивното прилагодување кон реалните потреби на невработените лица и зголемувањето на ефикасноста на работните клубови во спроведувањето на активната политика за вработување.

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ОДДЕЛОТ ЗА СТРАНЦИ ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2009 ГОД

Согласно **Законот за вработување и работа на странци,** подзаконските акти и Одлуката за определување на квотите на работни дозволи за странци за 2009 година во вкупна висина од 3.030 работни дозволи распределена по групи, Агенцијата за вработување на Република Македонија е надлежна за издавање на работни дозволи.

Во период од 01.01. до 31.12.2009 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија од вкупно **1480** поднесени барања издадени се:

- **1254** позитивни работни дозволи по сите основи; ( во оваа бројка влегуваат и некои барања од 2008 година, кои се издадени во 2008 а се реализирани во 2009 година );
- **126** позитивни работни дозволи (навремено проследни до надлежните институции) кои не се подигнати односно не се реализирани;
- **70** негативни решенија се издадени поради неисполнување на условите за издавање на работни дозволи;
- **7** барања за издавање на работни дозволи се повлечени; и
- **23** работни дозволи се вратени од работодавачот или од странецот по било кој основ.

Од 01.01. до 30.12.2009 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија има издадено вкупно **1254** работни дозволи на странски државјани.

Од вкупно издадените **1254** работни дозволи во 2009 та година издадени се:

- **599** Дозволи за вработување;
- **406** Лични работни дозволи; и
- **249** Дозволи за работа.

- од кои за **продолжување на работната дозвола** по сите основи издадени се **720** работни дозволи ;
- **а за нови работни дозволи** по сите основи издадени се **534** работни дозволи и тоа:
  - дозволи за работа за 172 лица;
  - вработување 173 лица;
  - брак 129 лица;
  - самовработување 52 лица;
  - семејно обединување 2 лица;
  - постојан престој 4 лица; и
  - по потекло 2 лица.

Според **занимањето** на странските државјани издадени се работни дозволи како:

- Управители на фирми 293 лица;
- Директори на фирми 97 лица;
- Менаџери 84 лица;
- Професори 79 лица;
- Раководители 66 лица;
- Заварувачи 29 лица
- Програмери 12 лица;
- Лектори 7 лица; и
- Останати занимања (сметководител, инжењер, медицински техничар, новинар, готвач и други) 587 лица.

Според **стручна подготовка** на странците:

- 6 лица се Д-р;
- 48 лица се М-р;
- 635 лица се со ВСП;
- 13 лица се со ВШП;
- 437 лица се со ССП;
- 98 лица се НКВ и ВКВ;
- 17 лица без образование.

Според **државата на потекло** на странски државјани најмногу работни дозволи се издадени за лица кои доѓаат од:

- Турција 337 лица;
- Србија 161 лица;
- Грција 122 лице;
- Бугарија 61 лица;
- Германија 57 лица;
- Русија 30 лица;
- Кина 27 лица;
- Словенија 25 лица;
- Украина 19 лица;
- Унгарија 10 лица; и
- останати држави 405 лица.

Според **градови** за кои странските државјани добиле работни дозволи:

- за Скопје 908 работни дозволи;
- за Гевгелија 53 работни дозволи;
- за Битола 27 работни дозволи;
- за Тетово 27 работни дозволи;
- за Охрид 22 работни дозволи
- за Гостивар 21 работни дозволи;
- за Прилеп 20 работни дозволи;
- за Струмица 13 работни дозволи;
- за Куманово 26 работни дизволи и
- останати градови 137 работни дозволи.

Од вкупно поднесените **1480** барања за издавање на работни дозволи, **168** барања се во постапка, од кои за **13** барања се чека мислење од МВР, за **23** барања се пуштени известувања поради некомплетност на истите, додека за **132** барања се чека да се проследат преку Н-Вис системот и да се добие мислење од МВР.

Според горенаведената состојба на вкупно издадени работни дозволи по сите основи од Агенцијата за вработување на Република Македонија, може да се констатира дека овогодишната квота на работни дозволи утврдена за 2009 година е во рамките на утврденото.

- Агенцијата за вработување на Република Македонија согласно чл.5 став 2 од Законот за вработување и работа на странци (Сл.весник на РМ бр.70/07) има обврска секоја година по барање на надлежното министерство да изготви и да достави Предлог-Извештај врз основа на кој министерот надлежен за работите од областа на трудот и предлага на Владата на Република Македонија да утврди квоти на работни дозволи за странците за тековната година, преку кои ќе се ограничува бројот на странци на пазарот на трудот;
- По однос на Барањето на податоци за Одлуката за определување на квотите на работните дозволи за странци за 2010 година доставен од МТСП, АВРМ -Секторот за активни политики за вработување достави предлог-извештај;
- Во врска со измените на подзаконските акти за примена на ЗВРС одржна е една работна група во МТСП во 2009 година, но е планирано во текот на 2010 година да бидат одржани повеќе такви работни групи заради давање на мислење и сугестии околу измените на подзаконските акти;
- По доставениот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци од страна на МТСП од 15.07.2009 година, по неговото разгледување Агенцијата за вработување на Република Македонија по однос на предложените измени има доставено Мислење и сугестии;
- По доставениот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци од страна на МТСП од 18.11.2009 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија по однос на предложените измени по неговото разледување има доставено мислење;
- Доставени барања за мислење по прописи до МТСП заради правилна примена на ЗВРС од 11.02.2009; 06.03.2009; 07.04.2009; 05.05.2009 година, 18.06.2009 година, 18.11.2009 година и добиени Известувања од МТСП по однос на истите со насоки за постапување;
- По барање од МТСП бр.10-1283 од 05.08.2009 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија согласно член 33 од ЗВРС има доставено Извештај со податоци за состојбата за издадени работни дозволи на странски државјани за периодот од 01.01.2009 до 30.06.2009 година.

## *РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ*

### Проект за деловно опкружување

Агенцијата за вработување остварува повеќегодишна успешна соработка низ заедничка реализација на различни програми и активности со Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД). Соработката со УСАИД се спроведуваше низ Проектот за деловно опкружување. Една од основните цели на овој проект е креирање на деловно опкружување кое ќе го стимулира креирањето на бизнисите и нивниот развој. Реализацијата на Проектот отпочна 2006 година и ќе трае до 2011 година.

Една од компонентните на Проектот е делот што се однесува на реформата на пазарот на трудот во Република Македонија и на работењето на Агенцијата за вработување. Целите на оваа компонента се насочени кон поддршка на активните мерки за вработување на пазарот на трудот, зајакнување на флексибилноста на работната сила, развој на економско социјалниот дијалог и унапредување на односите помеѓу работодавачите и невработените лица, унапредување на услугите на пазарот на трудот преку реформи и имплементирање на информационо комуникациски алатки во работењето на Агенцијата за вработување.

Еден од главните двигатели во процесот на преструктурирање на пазарот на трудот е унапредување на квалитетот на услугите за вработување. Во таа насока во изминатиот временски период, беа реализирани повеќе заеднички активности на УСАИД со Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Во рамките на Проектот на деловно опкружување беше изработен стратешки документ наречен “Визија 2011”. Документот дава приказ на шесте водечки трендови во областа на вработувањето и конкретни насоки за процесот на модернизација на службите за вработување, како и приказ на мерките на краток и среден рок кои ќе овозможат преструктурирање на Агенцијата за вработување согласно наведените светски трендови. Во 2008 година беа спроведени дел од препораките и планираните активности, содржани во овој документ.

Преку Проектот за деловно опкружување беше иницирана имплементација на софтверско решение за електронска пријава и одјава на засновани работни односи. Неговата примена отпочна во декември 2008 година.

УСАИД беше еден од клучните партнери на Агенцијата за вработување при реализацијата на Оперативните планови за активните програми и мерки за вработување за 2008 и 2009 година година.

Реализацијата на дел од проектните активности продолжува и во 2010 година.

**КАРДС проект**
**“Техничка помош за поддршка на политиката за вработување - фаза 3”**

Агенцијата за вработување на Република Македонија учествуваше во реализацијата на проектот ”Техничка помош за поддршка на политиката за вработување - фаза 3”

Спроведувањето на Проектот започна во ноември 2007 година а имплеметацијата на активностите продолжи до мај 2009 година. Проектот се спроведуваше преку Европската агенција за реконструкција а изведувачи беа Шведската јавна служба за вработување и консултантска куќа од Германија (ГВГ).

Општата цел на проектот беше да се подготви земјата за прифаќање на насоките на политиката за вработување што произлегуваат од Европската стратегија за вработување и Интегрираните насоки за пораст и работните места, како и да ја намали невработеноста, особено на младите луѓе, жените и другите ранливи групи, преку имплементација на ефективни активни мерки на пазарот на трудот.

Конкретни цели на овој проект беа да продолжи зајакнувањето на капацитетот на сите релевантни институции и учесници за ефективно спроведување, мониторинг и евалуација, остварување на квантитативните и квалитативните цели и очекуваните резултати што се утврдени во Националната стратегија за вработување 2010 како и Националниот акционен план за вработување 2006-2008. Надоврзувајќи се на резултатите од проектот н КАРДС Политика за вработување II, овој проект беше наменет за:

- дополнителна надградба на капацитетите на вработените во Министерството за труд и социјална политика и другите учесници меѓу кои и Агенцијата за вработување, за ефективно планирање, спроведување, мониторинг и евалуација на политиките за вработување;
- натамошна модернизација на Агенцијата за вработување (Централната служба и 30-те центри за вработување) со крајна цел - обезбедување на квалитетни услуги за работодавачите и невработените лица;
- зајакнување на капацитетите на социјалните партнери;
- висока свест во земјата за насоките и мерките на политиката за вработување.

Главните корисници на Проектот беа Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија. Други вклучени министерства и учесници имаат корист од Проектот во форма на градењето на институцијата и капацитетите. Проектот беше суштински фокусиран кон активностите на локално ниво и вклучуваше единици на локалната самоуправа и локалните центри за вработување на Агенцијата за

вработување. Посебно внимание се обрнуваше на учеството на социјалните партнери.

Проектот се состоеше од следните 4 компоненти:
Компонента1: Поддршка на МТСП и работната група составена од повеќе чинители;
Компонента2: Натамошна модернизација на службата за вработување;
Компонента3: Градење на капацитетите на социјалните партнери; и
Компонента4: Стратегии за комуникација.
Агенцијата за вработување беше вклучена во проектните компоненти 1, 2 и 4.

Во првата компонента АВРМ со свои претставници во работната група учествуваше во активностите кои се однесуваа на мониторинг и известување за имплементација на Националната стратегија за вработување 2010 и Националниот акционен план за вработување 2006-2008 и подготовка на Националниот акционен план за вработување 2009-2010.

Особено беше ставен акцентот на активностите во рамките на втората компонента. Таа беше составена од 9 меѓусебно поврзани активности, кои целосно се однесува на модернизација на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Сите спроведени активности го подржуваа развојот на Агенцијата за вработување и придонесоа кон постигнувањето на целите на Националната стратегија за вработување 2010 година. Беа реализирани следните активности од оваа компонента:

- Подготовка на нов модел на услуги, прилагоден на услугите кои ги бараат работодавачите и невработените лица. Развиен е пристапот/структурата на моделот на услуги и изработен е Прирачник за новиот модел на услуги на АВРМ. Беа спроведени обуки за вработените во врска со оваа активност.
- Спроведени се активности за избор на општините кои ќе изработуваат локални акциони планови за вработување, беа спроведени обуки и изработени локални акциони планови за вработување.
- Спроведена е обука за АВРМ за анализа на потребите од вештини врз основа на постојна методологија, (со посебен фокус на тоа како да се анализираат резултатите од АПВ, пренесување на резултатите во креирање на активни мерки и политики за вработување). Во рамките на оваа активност усовршена е методологијата за изработка на анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот и ревидиран е постојниот прирачник за анализа на потреби од вештини на пазарот на трудот.
-Подготвени се информативни материјали за невработените лица и работодавачите, во кои беа опишани активните програми и мерки за вработување и услугите на Агенцијата за вработување за невработените лица и работодавачите.
- Подготвен е План за обука на вработените во Агенцијата што беше комбиниран со разработениот модел на услуги. Беа одржани обуки за вработените во Агенцијата за вработување.

- Спроведена е активноста за прилагодување на системот за класификација на занимања ISCO. Воспоставен е тим за класификација на занимања во кој покрај Агенцијата за вработување беа вклучени и други релевантни институции за оваа проблематика.
- Спроведена е активноста која се однесува на мониторинг и евалуација на активните мерки за вработување од аспект на подобрување на нивната ефикасност. Во рамките на оваа активност изработени се стручни материјали и спроведени се обуки на дел од вработените на Агенцијата.
- Изработени се материјали за зајакнување на капацитетите на Агенцијата за вработување за изготвување на извештаи за квантитативните и квалитативните цели и индикатори.
- Реализирана е активноста за креирање на нови програми и мерки за вработување.

Спроведени се и активностите во рамките на четвртата проектна компонента, односно подготвена е стратегија за подигање на свеста за новите програми и мерки за вработување и развиените алатки за нивна имплементација, а беше изработена и имплементирана стратегија за комуникација за Агенцијата за вработување.

По завршувањето на Проектот, Агенцијата за вработување континуирано продолжи со активности за модернизација и зајакнување на сопствените капацитети, за ефикасно спроведување на политиките за вработување, нивно следење и оценување на успешноста, како и со активностите за успешна имплементација на Новиот модел на услуги.

**Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013, ИПА - Инструментот за претпристапна помош**

Агенцијата за вработување на Република Македонија е вклучена во спроведувањето на Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013, ИПА-Инструментот за претпристапна помош. Се спроведуваат активности во рамките на компонентата IV во делот на вработувањето.

Компонентата за развој на човечки ресурси од Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 има следни приоритети:

- Вработување - Привлекување и задржување на повеќе луѓе на пазарот на трудот
- Образование и обука - Инвестирање во човечки капитал преку подобро образование и обука
- Социјално вклучување - Промовирање на вклучувачки пазар на труд.

Целта на компонентата за развој на човечки ресурси е да и помогне на земјата во развојот и јакнењето на административниот капацитет за управување, имплементација, следење и контрола на

средствата од Европскиот социјален фонд (ЕСФ). Ова ќе се постигне преку процесот на подготовка и спроведување на системските активности и пилот проекти во областите на вработувањето, образованието и социјалното вклучување. Помош ќе биде обезбедена и во форма на техничка помош. Стекнатото искуство од користењето на ИПА фондовите ќе придонесе во развојот и спроведувањето, следењето и евалуацијата на вработувањето, образованието и социјалната политика.

Оперативната програма за развој на човечки ресурси ќе поддржи зголемување на учеството на висококвалификувана и прилагодлива работна сила на пазарот на трудот, подобрување на квалитетот на образовниот систем и адаптибилноста кон потребите на пазарот на трудот, промовирање на доживотно учење, подобрување на адаптибилноста на вработените и претпријатијата, стекнување на потребните квалификации и знаења за интегрирање и мобилност во рамките на пазарот на трудот, интегрирање по пат на вработување на лицата од најчувствителните групи на пазарот на трудот и сл.

Агенцијата за вработување е активно вклучена во активностите предвидени во компонента IV за развој на човечки ресурси. За таа цел, дел од вработените учествуваа во обуки кои беа наменети да одговорат на потребите на процесот на европска интеграција и јакнење на капацитетот за искористување на претпристапните фондови на ЕУ. Учесниците имаа можност во обуките да ги продлабочат и надградат своите знаења кои ќе ги применат во секојдневната работа при користењето и работата со ИПА фондовите.

Агенцијата за вработување заедно со Министерството за труд и социјална политика учествува во планирањето на проектни активности кои се однесуваат на поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени лица и жени, на активности за модернизација и зајакнување на сопствените капацитети и други проекти.

## Декада за вклучување на Ромите 2005-2015 година

Со цел да се придонесе кон целосна еманципација и интеграција на Ромите во општеството, Република Македонија е една од земјите вклучени во меѓународниот проект "Декада за вклучување на Ромите 2005-2015 година". Целите на Декадата се да се планираат, подготват и реализираат акции за период од 10 години, со кои ќе се подобрат условите за развој и целосна интеграција на Ромите во сите сфери од општеството. Националната стратегија за Ромите и целите на Декадата се насочени кон унапредувањето на 4 приоритетни области: вработување, домување, образование и здравство. Со оглед на тоа што еден од клучните сегменти за подобрување на еманципацијата и интеграцијата на Ромите е подобрување на нивниот економски статус што пред се

подразбира вработување, Агенцијата за вработување е вклучена во активностите на Декадата низ следните активности:

- Учество во подготовката на Националните акциони планови и оперативните планови за Декадата за вклучување на Ромите;
- Имплементација на активностите определени со Националните акциони и оперативни планови за Декадата;
- Имплементација на активни мерки, програми и проекти, во функција на реализација на Националните акциони и оперативни планови за Декадата;
- Следење на имплементацијата и постигнатите резултати од спроведените активности во Агенцијата за вработување, кои се предвидени со акционите и оперативни планови за Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 година.

Агенцијата за вработување на Република Македонија ги спроведува националниот акционен и оперативен план за вработување за Декадата, преку вклучување на невработените лица во активните програми и мерки за вработување и во сите видови услуги за невработените лица и работодавачите.

Согласно имплементацијата на Националните акциони планови за "Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 година", Министерството за труд и социјална политика отвори повеќе Ромски информативни центри (РИЦ) Во центрите за вработување од градовите во кои се формирани РИЦ, Агенцијата за вработување има одговорни лица кои редовно соработуваат со истите, во врска со услугите што ги даваат центрите за вработување.

Агенцијата за вработување преку своите центри за вработување соработува и со повеќе невладини организации низ учество во заеднички проекти за вработување на Ромите, а невработените лица Роми се опфатени и во активностите на проектите во кои е вклучена Агенцијата за вработување.

Со Министерството за труд и социјална политика и Меѓународната организација за миграција, Агенцијата за вработување беше вклучена во проектот „Градење на капацитети и директни активности за превенција на илегалната миграција и трговијата со луѓе кај Ромската заедница преку зајакнување на трудовите вештини”. Со Проектот се имплементираа превентивни активности кои имаа за цел да ги подобрат трудовите вештини и да се зголемат можностите за вработување на ранливи категории невработени лица. Со Проектот беа опфатени невработени лица Роми на возраст од 18-30 години од Скопје и Тетово. Во рамките на овој проект 35 лица Роми добија обуки/стручни курсеви за кроење и шиење, монтирање на гипс картон, фризерски и козметичарски услуги а за 23 лица беа отпочнати обуки на работно место во компании, од областа на монтирање на грејни тела, производство на мебел, конфекција, производство на храна и боење на мебел.

Согласно ревидираните Национални акциони и оперативни планови на Декадата и Стратегијата на Ромите во Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика организираше три работилници за подготовка на локални акциони планови за вработување на општините Шуто Оризари, Тетово, Гостивар, Прилеп и Битола. Во работилниците учествуваа и

претставници од центрите за вработување и централната служба на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

# Сектор за осигурување и права во случај на невработеност

Согласно одредбите од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност невработените лица ги остваруваат следните права:

- паричен надоместок;
- право на здравствена заштита, во согласност со прописите за здравствена заштита и
- право на пензиско и инвалидско осигурување во согласност со прописите за пензиското и инвалидското осигурување на невработеното лице корисник на паричен надоместок на кое му недостасуваат најмногу до пет години пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, а кое нема 15 години стаж на осигурување, до остварување на 15 години стаж на осигурување.

Ове права невработените лица, ги остваруваат само доколку се исполнети условите предвидени во Законот и согласно прописите за општа управна постапка.

Правата од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност се остваруваат во Агенцијата за вработување односно Центарот за вработување каде што е евидентирано невработеното лице врз основа на поднесено писмено барање.

.

## Право на паричен надоместок

Право на паричен надоместок има невработено лице кое било во работен однос најмалку девет месеци непрекинато или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци, а на кое работниот однос му престанал без негова вина или волја (стечај, деловни причини - технолоШки, економски, организациони и слични промени) или ако било во работен однос на определено време (сезонски работи).

За времето поминато во работен однос потребно е да се уплатувани придонесите на плата.

Висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца, за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеца, а за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеца, паричниот надоместок за првите 12 месеца изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца, а за преостанатото време 40% од просечната месечна нето плата.

Надоместокот не може да изнесува повеќе од 80% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена за последниот месец.

За остварување на ова право во прв степен одлучуваат Центрите за вработување, по поднесено писмено барање од страна на невработеното лице, во согласност со Закон.

Заклучно со декември 2009 година, право на паричен надоместок користеле 24648 невработени лица, односно 7,2% од вкупно евидентираните невработени лица со месец декември 2009 година и тоа по основ на:

- стечај - 3590 лица (14,6%);
- технолошки вишок од работен однос - 16587 лица (67,3%);
- технолошки вишок по Законот за 25 загубари - 861 лица (3,5%);
- технолошки вишок по Законот за 12 загубари - 580 лица (2,4%);
- технолошки вишок од државната и јавната администрацвија- 43 лица (6,2%);
- сезонски работи - 2968 лица (12,0);.
-

По барања за остварување на право на паричен надоместок во 2009 година, стручните служби при Центрите за вработување имаат постапувано и донесено ***се вкупно 19209 решенија***.

Донесени се 17582 *позитивни решенија*, од кои:

- 17484 решенија - без право на пензиско и инвалидско осигурување;
- 98 решенија со право на пензиско и инвалидско осигурување;
- 1627 негативни решенија; и

Пред Министерството за труд и социјална политика како надлежно да одлучува во втор степен обжалени се вкупно 1134 првостепени решенија, од кои 369 се одбиени; 85 запрена постапка; уважени се 111; потврдени се 113 и пониШтени се 456.

Заведени се *72* управни спорови против второстепени реШенија.

Во врска со остварување на правото на паричен надоместок проблем кој се јавува на ниво на целата држава, е расчекорот меЃу работнио стаж и стажот на осигурување, односно придонесите на осигурување не им се уплатувани во претходните години пред стапување во сила на Законот за наплата на задолжително социјално осигурување, ненавременото комплетирање на документацијата што е прилог на барањето за паричен надоместок најчесто потврда за исплатени плати, образец М-4 и.т.н, (по вина на работодавачот). Од овие причини се забавува постапката и рокот за реШавање како и се зголемува можноста за донесување негативни одлуки согласно законските прописи.

Во врска со навременото донесување на реШенијата за остварување на правото на паричен надоместок, не постојат никакви проблеми бидејЌи се почитуваат со закон утврдените рокови.РеШенијата за остварување на правото на паричен надоместок, се донесуваат во со закон утврдените рокови.

***Право на пензиско и инвалидско осигурување***

Невработените лица корисници на паричен надоместок на кои им недостасуваат најмногу до пет години пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, а кои немаат 15 години стаж на осигурување, до остварување на 15 години стаж на осигурување имаат

право на пензиско и инвалидско осигурување во согласност со прописите за пензиското и инвалидското осигурување. На невработените лица корисници на паричен надоместок со решение им се утврдува периодот за кој ќе користат паричен надоместок и периодот за кој ќе остваруват право на пензиско и инвалидско осигурување.

Со состојба во месец декември 2009 година со правото на пензиско и инвалидско осигурување биле опфатени вкупно 98 невработено лице.

***Право на неисплтениот дел од паричниот надоместок***

Правото на неисплатениот дел од паричниот надоместок (во еднократен износ или во месечни рати, но не подолго од 24 месеци согласно член 72 -а од Законот), на барање на невработеното лица како средства за засновање работен однос на неопределено време, за 2009 година, го користеле 189 лица.

***Право на здравствено осигурување***

Согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Сл. Весник на РМ" бр.64/2009), и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Сл. Весник на РМ" бр.67/2009), почнувајќи од 1-ви јуни 2009 година, привремено невработеното лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност и невработеното лице кое активно бара работа и кое се пријавува во Агенцијата за вработување на Република Македонија, доколку нема друг основ на осигурување, правото на задолжително здравствено осигурување го остварува преку Фондот за здравствено осигурување на Македонија, кој е обврзник за пресметка и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување.

Со пренесувањето на здравственото осигурување, во надлежност на Фондот за здравство, Агенцијата за вработување на Република Македонија се растерето од огромната техничка работа, сврзана со остварувањето на правото на здравствено осигурување на невработените лица и постепено ќе биде постигната основната цел на Агенцијата за вработување, конечно вистински да се трансформира во агенција која дава помош и услуги на невработените лица, кои активно бараат работа да најдат работа, односно истата да посредува при вработување на невработенит елица, со што ќе се овозможи остварување на вистинаската функција во насока на зголемување на активните мерки и политики за вработување.

# Сектор за финансии и сметководствени работи

Финансиските показатели на Агенцијата за вработување на Република Македонија за периодот јануари - декември 2009 година година се следните:

### *001 - ПРИХОДИ*

Вкупните приходи на Агенцијата за вработување во периодот јануари - декември 2009 година изнесуваат 4.508.864.750,50 денари. Во однос на истиот период од 2008 година бележат намалување од 8,4% или за 415.505.853,00 денари. По извори приходите изнесуваат:

(*во денари)*

| | јануари-декември 2008 | | јануари-декември 2009 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | Структура | Износ | Структура | (3:1) |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **I. Приходи од придонес за вработување** | **1,791,648,793.50** | **36.38%** | **1,846,313,228.00** | **40.95%** | **103.1** |
| 1.Приходи од прид.за враб.од плати на работн.од правни лица | 1,644,930,144.00 | 33.40% | 1,736,817,788.00 | 38.52% | 105.6 |
| 2.Приход.од прид.за враб.од плати на работ.вработ.кај лица кои вршат сам. дејност одн. кај физ. лица | 24,572,530.50 | 0.50% | 17,578,565.00 | 0.39% | 71.5 |
| 3.Прих. од прид.за враб.што го уплатуваат раб. на привремена работ. во странство. | 2,882,460.00 | | 29,652.50 | | 1 |
| 4.Приходи од придонес за вработување за изминати години | 119,263,659.00 | 2.42% | 91,887,222.50 | 2.04% | 77 |
| **II. Други приходи** | **20,035,634.00** | **0.41%** | **13,717,644.50** | **0.30%** | **68.5** |
| **III.Пренесен вишок на приходи** | **83,707,816.00** | **1.70%** | **133,688,409.00** | **2.97%** | **159.7** |
| **IV. Приходи од Буџетот** | **3,028,978,360.00** | **61.51%** | **2,515,145,469.00** | **55.78%** | **83** |
| 1.Приходи од Буџетот за покривање на дефицитот | 2,764,026,832.00 | 56.13% | 1,990,252,947.00 | 44.14% | 72.0 |
| 2.Приходи од Буџетот за исплата на П.Н на раб. од претп. - 25 загубари | 124,038,135.00 | 2.52% | 94,884,380.00 | 2.10% | 76.5 |
| 3.Приходи од Буџетот за исплата на П.Н на раб. од претп. - 12 загубари | 74,613,506.00 | 1.52% | 42,879,719.00 | 0.95% | 57.5 |
| 4. Приходи од Буџетот за реформи во јавна администрација | 843,049.00 | | 305,603.00 | | 36.2 |
| 5 .Приходи од Буџетот за Законот за поттикнување на вработувањето | 363,615.00 | | 0.00 | | 0 |
| 6 .Приходи од Буџетот по Залкучок на влада | 6,443,949.00 | 0.13% | 4,194,023.00 | | 65.1 |
| 7.Приходи од Буџетот-Македонски железници | 6,818,936.00 | 0.14% | 3,169,446.00 | | 46.5 |
| 8. Приходи од Буџет -Водостопански претпријатија | 10,227,921.00 | 0.21% | 5,339,445.00 | 0.12% | 52.2 |
| 9. Приходи од Буџетот за активни мерки и политики за вработување | 41,602,417.00 | 0.84% | 374,119,906.00 | 8.30% | 899.3 |
| **Вкупни приходи:** | **4,924,370,603.50** | **100.00%** | **4,508,864,750.50** | **100.00%** | **91.6** |

## *002 - РАСХОДИ*

Во периодот јануари - декември 2009 година расходи на Агенцијата за вработување на Република Македонија изнесуваат 4.393.424.777,50 денари. Во однос на истиот период од 2008 година расходите бележат намалување за 8,3%, или за 397.257.417,00 денари.

Наменски рсходите изнесуваат:

*(во денари)*

| | јануари-декември 2008 | | јануари-декември 2009 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | Структ. | Износ | Структ. | (3:1) |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| I. Средства за обезбедув.на паричен надоместок и за други права за време на невработ. | 4,524,643,485.00 | 94.45% | 4,083,833,759.00 | 92.95% | 90.3 |
| II. Стоки и услуги | 98,159,872.50 | 2.05% | 87,969,671.00 | 2.00% | 89.6 |
| III. Основни плати | 146,097,396.00 | 3.05% | 164,814,195.00 | 3.75% | 112.8 |
| IV. Надоместоци | 17,408,737.50 | 0.36% | 960,603.00 | 0.02% | 5.5 |
| V. Субвенции итрансфери | | 0.00% | 6,635,731.50 | 0.15% | |
| VI. Капитални расходи | 4,372,703.50 | 0.09% | 49,210,818.00 | 1.12% | 1125.4 |
| **Вкупни расходи:** | **4,790,682,194.50** | **100.00%** | **4,393,424,777.50** | **100.00%** | **91.7** |

## *003 - ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

1. Вкупни приходи ..................................................................... 4.508.864.750,00
2. Вкупни расходи ..................................................................... 4.393.424.777,50
3. Вишок на приходи (1-2) ................................................ 115.439.973,00

Во текот на 2009 година, Агенцијата за вработување оствари вишок на приходи од 115.439.973,00

Во текот на 2009 година извршени се исплати за правата на невработените за дванаесет месеци и тоа за декември 2008 година и јануари - ноември 2009 година.

## *004 - ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009 ГОДИНА*

Ако се погледаат планираните и остварените приходи и расходи за 2009 година, ќе се констатира следнава состојба:

***I. Приходи: 2009 година***

*(во денари)*

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | % на остварување (2:1) | РАЗЛИКА |
|---|---|---|---|---|
| 1. Приходи од придонесот за вработување | 1,861,885,053.00 | 1,846,313,228.00 | 99.16 | -15,571,825.00 |
| 2. Други приходи | 20,000,000.00 | 13,717,644.50 | 68.59 | -6,282,355.50 |
| 3. Пренесен вишок на приходи | | 133,688,409.00 | | 133,688,409.00 |
| 4. Приходи од Буџетот | 2,705,713,947.00 | 2,515,145,469.00 | 92.96 | -190,568,478.00 |
| **ВКУПНО:** | **4,587,599,000.00** | **4,508,864,750.50** | 98.28 | **-78,734,249.50** |

Од табелата се гледа дека има остварено помалку приходи за 1,72% од планираните во 2009година односно помалку за 78.734.249,50 денари.

## *II. Расходи: 2009 година*

*(во денари)*

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | % на остварување (2:1) | РАЗЛИКА |
|---|---|---|---|---|
| А. Трошоци за функцијата 1. Средства за обезбедување на паричен надоместок и за други права за време на невработеност | 4,256,449,000.00 | 4,083,833,759.00 | 95.94 | -172,615,241.00 |
| Б.Трошоци за стручна служба | 331,150,000.00 | 309,591,018.50 | 93.49 | -21,558,981.50 |
| 1. Стоки и услуги | 101,473,000.00 | 87,969,671.00 | 86.69 | -13,503,329.00 |
| 2. Основни плати | 168,500,000.00 | 164,814,195.00 | 97.81 | -3,685,805.00 |
| 3. Надоместоци | 4,000,000.00 | 960,603.00 | 24.02 | -3,039,397.00 |
| 4.Субвенции и трансфери | 6,677,000.00 | 6,635,731.50 | 99.38 | -41,268.50 |
| 5. Капитални расходи | 50,500,000.00 | 49,210,818.00 | 97.45 | -1,289,182.00 |
| **ВКУПНО:** | **4,587,599,000.00** | **4,393,424,777.50** | **95.77** | **-194,174,222.50** |

Од табелата се гледа дека има за 4,23% помалку остварени расходи од планираните во 2009 година односно помалку за 194.174.222,50 денари.

# Сектор за информатика

## Редовни активности

Во текот на 2009 година, секторот за информатика, успешно ги извршуваше своите редовни активности за управување и одржување на информатичкиот систем на Агенцијата за вработување, како што се:

- Постојан мониторинг на работата на интегрираната компјутерска мрежа.
- Секојдневни детекции и отстранување на проблеми од мрежна, хардверска или софтверска природа во работата со комјутерскатата опрема - по телефон или на лице место.
- Преинсталација на оперативен систем (Windows) и апликативни програми на околу 40 компјутерски станици.
- Дополнување, подобрување и измена на апликативните програми за центрите за вработување, во согласност со потребите на работењето настанати како резултат на промените во законската регулатива или во работењето на службите на Агенцијата за вработување.
- Месечна подготовка на статистички прегледи од областа на невработеноста и вработувањето - на ниво на Република Македонија.
- Подготовка на специјални статистички прегледи од областа на невработеноста и вработувањето, како одговор на бројни барања од разни институции, како и по барања за пристап до информации од јавен карактер.
- Секојдневно симнување на електронски изводи од веб страницата на Министерство за финансии (трезор), нивно ажурирање во централната база на податоци - преку која по пат на репликации се дистрибуираат до центрите за вработување.
- Месечно обединување на податоците од локалните бази на податоци за финансовото книговодство.

## Активности предвидени со програмата за 2009 година

- Учество во изработка на софтверот за целокупното работење на Агенцијата за вработување којшто е изработен по процедура за набавка според Законот за јавни набавки.
- Тестирање и имплементација на софтверот за целокупното работење на Агенцијата за вработување.
- Учество во подготовка на компјутерската инфраструктура за имплементација на софтверот за целокупното работење на Агенцијата за вработување. Подготовката на инфраструктурата е изведена со процедура за набавка според Законот за јавни набавки.
- Учество во изработка на софтвер за услуги кон клиентите преку Интернет (проект финансиран од УСАИД

# Одделение за внатрешна ревизија

## I) Вовед

Врз основа на Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија формирано е Одделението за внатрешна ревизија.

Одделението за внатрешна ревизија е организациски и функционално независна и директно и единствено одговорна на директорот на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Според правилникот за систематизација на работните места на АВРМ предвидени се две работни места и тоа: Раководител на одделение за внатрешна ревизија (внатрешен ревизор) и советник-внатрешен ревизор.

## II) Извршување на ревизијата

Внатрешните ревизори вршат ревизии и изготвуваат ревизорски извештаи, годишен план за внатрешна ревизија и ревизорска програма за секоја поединечна ревизија, согласно меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија издадени од Институтот на внатрешни ревизори и најдобрите практики од земјите членки на Европската Унија. Ревизијата се извршува со утврдување, анализирање, процена и документирање на податоците кој се доволни за да се даде стручно мислење за поставените цели.

Во текот на 2009 година, Одделението за внатрешна ревизија во Агенцијата за вработување на Република Македонија, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен Весник на РМ, бр.90/2009), подзаконските прописи од Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.69/2004 и 22/2007) и Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија изврши една ревизија.

1) Ревизија на барање за доделување на средства од посебниот фонд во Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги "БАГЕ" ДООЕЛ- ГОСТИВАР.

Ревизијата е извршена од страна на Елисеј Цицимов-Раководител на одделение за внатрешна ревизија во период од 12.03.2009 до 18.03.2009 година.
Изготвен е конечен извештај со акционен план.

Причината за извршување само на една ревизија во текот на 2009 година е поради тоа што работното место Советник во Одделението за внатрешна ревизија беше испразнето, а подоцна и работното место Раководител на одделението за внатрешна ревизија па од тие причини дел од ревизиите кој беа планирани според годишниот план не беа реализирани.

**III) Изготвување на план за работа на внатрешна ревизија за 2010 година**

Согласно Законот за Јавна внатершна финансиска контрола Внатрешната ревизија се извршува врз основа на:

- стратешки план за период од три години
- годишен план и
- план за поединечна ревизија.

Согласно тоа во текот на месец декември 2009 година изготвен е:

- Стратешкиот план за внатрешна ревизија за период од 2010 до 2012 година и
- Планот за извршување на внатрешната ревизија за 2010 година

Истите се одобрени од Директорот на Агенцијата за вработување и доставени до Министерство за финансии на Република Македонија.

**IV) Обуки за внатрешна ревизија**

1. **Работилница за основни информации за финансирање и контрола на проекти за развој на човечки ресурси** финансирани од ЕУ, на која присуствуваше Елисеј Цицимов-раководител на одделението за внатрешна ревизија на ден 14.01.2009 година (еден ден).

2. **ЕУ/ КАРДС проектот Техничка помош за подршка на политиката за вработување фаза III** која е подржана од Министерствота за труд и социјална политика , Агенцијата за вработување на Р. Македонија и Центрите за врботување како и организациите на социјалните партнери се спроведува од ноември 2007 година, а на 6 април 2009 се одржа Завршна конференција на која присуствуваше Елисеј Цицимов-Раководител на одделението за внатрешна ревизија.

3. Министерството за финансии-Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола заедно со Министерството за финансии на Кралството Холандија, во рамките на Твининг Проектот за **Зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола** организираа Завршна-обука конференција за презентирање на резултатите од пилот ревизиите која се одржа на ден 22-23 април 2009 година на која присуствуваше Елисеј Цицимов-Раководител на одделението за внатрешна ревизија.

4. Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии од Кралството Холандија во рамките на **Твининг Проектот за Зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола** организира завршна конферанција на ден 14 мај 2009 година на која присуствуваше Елисеј Цицимов-Раководител на Одделението за внатрешна ревизија.